Народна банка на Република Северна Македонија

# Годишен извештај за 2021 година

Скопје, април 2022 година

## Содржина


Обраќање на гувернерот ..... 5

Краток осврт кон макроекономските движења во 2021 година ..... 10

Основни економски показатели за македонската економија ..... 12

I. Монетарната политика во 2021 година ..... 13

1.1. Цели на монетарната политика ..... 13

1.2. Поставеност на монетарната политика ..... 14

II. Меѓународно окружување ..... 18

III. Макроекономски движења во 2021 година ..... 23

3.1. БДП и инфлација ..... 23

3.2. Пазар на труд ..... 26

3.3. Јавни финансии ..... 29

3.4. Биланс на плаќања, МИП и надворешен долг ..... 32

3.5. Монетарни и кредитни агрегати ..... 38

3.5.1. Монетарни агрегати ..... 38

3.5.2. Кредитна активност ..... 41

IV. Макроекономскиот амбиент и монетарната политика во 2022 - 2024 година ..... 43

V. Монетарни инструменти ..... 46

Прилог 1. Движења на девизниот пазар и интервенции на Народната банка ..... 48

Прилог 2. Движења на меѓубанкарскиот пазар на необезбедени депозити и секундарниот пазар на хартии од вредност ..... 51

VI. Управување и инвестирање на девизните резерви ..... 54

6.1. Состојба и промени на девизните резерви ..... 54

6.2. Услови на меѓународните финансиски пазари и активен пристап на инвестирање на девизните резерви ..... 55

6.3. Структура на девизните резерви ..... 56

6.4. Резултати од управувањето и инвестирањето на девизните резерви ..... 59

VII. Платежни услуги и платни системи ..... 61

7.1. Платен промет остварен со безготовински платни инструменти ..... 62

7.2.1. Кредитни трансфери иницирани од физичките и правните лица ..... 62

7.2.2. Платежни картички ..... 63

7.2. Платежна инфраструктура ..... 64

7.3. Платни системи во земјата ..... 65

7.4. Надзор на платните системи во согласност со меѓународно прифатените стандарди ..... 66

VIII. Издавање и управување со книжните и кованите пари на Република Северна Македонија – трезорско работење ....68
8.1. Издадени пари во оптек ....68
8.2. Снабдување на банките и центрите за готовина со книжни и ковани пари ....70
8.3. Обработка и поништување книжни и ковани пари ....70
8.4. Експертиза на сомнителни / фалсификувани пари ....70
8.5. Контрола на примената на стандардите и критериумите за готовинско работење кај банките и центрите за готовина ....72
8.6. Продажба на ковани пари за колекционерски цели ....72
IX. Внатрешна ревизија....73
9.1. Работење на Комитетот за ревизија ....73
X. Управување со човечките ресурси ....75
XI. Управување со ризиците во Народната банка во 2021 година ....77
11.1. Стратегиски ризици....77
11.2. Оперативни ризици....77
11.3. Управување со ризиците за време на криза....79
11.4. Финансиски ризици ....80
11.5. Ризици од климатските промени....81
XII. Извршување на Програмата за работа за 2021 година ....82
Стратегиска цел 1 – Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото ....84
Стратегиска цел 2 – Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата ....85
Прилог 3. Постојано унапредување на банкарската регулатива и супервизијата заради хармонизација со одредбите на Европската Унија ....86
Стратегиска цел 3 – Чување и управување на девизните резерви во согласност со принципите на сигурност и ликвидност и обезбедување оптимален поврат ....90
Стратегиска цел 4 – Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек ....90
Стратегиска цел 5 – Сигурно и ефикасно функционирање на платните системи и развој на пазарот на платежни услуги....91
Стратегиска цел 6 – Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари....92
Стратегиска цел 7 – Поттикнување и натамошен развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка ....92
Стратегиска цел 8 – Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за товарот на известување и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците....94

Стратегиска цел 9 – Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки ..............................................................96

Стратегиска цел 10 – Натамошно унапредување на корпоративното управување, транспарентноста и општествената одговорност на институцијата ..........................97

12.1. Комуникација со јавноста ........................................................................98

12.2. Финансиска едукација и инклузија ..........................................................99

12.3. Музејско работење, библиотека и архив ................................................100

12.4. Стратегија и превенција ........................................................................101

12.5. Останати корпоративни активности .......................................................104

Стратегиска цел 11 – Одржување стабилен информатички систем и негова надградба согласно со постоечките капацитети и меѓународните стандарди .........................105

# Обраќање на гувернерот

Почитувани,

**Доколку претходната година беше година на справување со директните последици од здравствена криза, за 2021 годна може да се каже дека е година на постепено закрепнување по првиот удар од пандемијата. За разлика од претходната глобална криза, којашто предизвика последици во рамките на подолг период, корона-кризата предизвика брзи и остри последици, со првично поголем и пораспространет ефект во однос на светската финансиска криза, но со побрзо заздравување коешто продолжи во текот на 2022 година.** Сепак, економското закрепнување беше исправено и со предизвици од потребата за повремено реактивирање на мерките за заштита на здравјето, во услови на нови видови корона-вируси. Таквите движења во глобални рамки предизвикаа прекини во синџирите на снабдување, што доведе до побавно закрепнување на индустриското производство и раст на цените на примарните производи на светските берзи, пред сè нафтата и прехранбените производи, а во последните месеци од годината дојде до значително зголемување и кај цените на електричната енергија и гасот. Во такви околности, крајот на годината беше одбележан со започнување дебата во однос на ризиците за инфлациските движења на глобално ниво.

**Овие глобални движења беа видливи и во домашната економија во текот на 2021 година.** Гледано за целата 2021 година, економијата забележа реален раст од 4%, што е во рамки на очекувањата од октомвриската проекција (3,9%). Македонската економија којашто е зависна од увозот, како за потребите на производството, така и за потрошувачката, ги почувствува ефектите од растот на цените на меѓународните пазари, при што дојде и до нагорно придвижување на инфлација, особено кон крајот на годината. Притоа, стапката на инфлација за целата 2021 година изнесуваше 3,2% во просек и беше во рамките на очекувањата според октомврискиот циклус проекции.

**Остварувањата на макроекономски план се потврда за соодветното носење монетарни одлуки во претходната година, при истовремено остварување на законските цели на Народната банка**. Притоа, клучно е да се истакне дека Народната банка овозможи одржување на ценовната стабилност и на стабилноста на домашната валута и на банкарскиот систем како влог за одржување на макроекономската стабилност.

**Монетарната политика во текот на целата година овозможуваше одржување поволни услови за остварување на економскиот раст.** Каматната стапка на основниот инструмент, благајничките записи, на почетокот на годината беше намалена на нивото од 1,25%, со што беше засилен ефектот на мерките за монетарно олабавување од претходната година. На тој начин, овозможивме натамошно намалување на трошоците на кредитите за корпоративниот сектор и населението, заради натамошна поддршка на инвестициската активност и потрошувачката. Притоа, кредитната активност оваа година забрза, достигнувајќи раст од 8,3% на крајот на годината. Ова секако е резултат на силната капитална и ликвидносна позиција на банкарскиот систем пред почетокот на пандемијата, но и брзата и силна реакција од Народната банка со преземените мерки за олеснување на финансиските услови во домашната економија и за зголемување на ликвидноста на банките. Активностите на банките беа поддржани со солидно зголемување на депозитната база, при што на

годишна основа, вкупните депозити во декември се повисоки за 7,5%, што е над годишниот раст (од 7,1%) проектиран за крајот на четвртиот квартал од 2021 година.

**Меѓународниот монетарен фонд** заклучи дека е постигнато соодветно раководење и справување со предизвиците на економското закрепнување од **здравствената криза од страна на Народната банка**, во рамките на редовниот извештај за мисијата на оценување за членот 4. Притоа, во извештајот се потврди соодветната поставеност на монетарната политика и одржаната стабилност на девизниот курс како сидро на стабилноста на домашната економија. Во тој контекст се и движењата кај девизните резерви, коишто се одржуваат на соодветно ниво за овозможување поддршка на стабилноста на домашната валута. Дополнителна поддршка и доволна девизна ликвидност се овозможува и со воспоставената билатерална репо-линија со Европската централна банка, што е потврда и на позитивните оцени на оваа институција во однос на капацитетот на Народната банка за водење соодветни политики во рамките на надлежностите.

**Минатата година добивме и значајна потврда во однос на нашите постојани заложби за дефинирање регулаторна рамка којашто овозможува пазарен и конкурентен банкарски систем во согласност со најдобрите меѓународни стандарди и практики**. Оваа признание дојде од Европската комисија којашто донесе одлука со која утврди дека нашата држава има воспоставено супервизорска и регулаторна рамка за основањето и работењето на банките којашто е во согласност со стандардите пропишани во Европската Унија. Со оваа одлука, нашата држава се вклучува во листата на 26 земји во свет, заедно со земји како што се Јапонија, Канада, Нов Зеланд, Јапонија, САД, за кои е утврдено дека нивната регулатива и супервизија е еквивалентна на регулативата и супервизијата на Европската Унија. Со оцената се утврдува дека домашната регулатива и супервизија овозможува одржување стабилност и интегритет на финансискиот систем, ефикасна и соодветна заштита на корисниците на финансиски услуги, соработка помеѓу различните учесници на финансискиот пазар, независност и ефикасност на супервизијата и ефикасно спроведување на меѓународните стандарди. Добивањето еквивалентен третман е значајно од аспект на согледувањата на потенцијалните инвеститори и полесно и поефикасно поврзување на домашниот банкарски систем со меѓународните финансиски пазари. Позитивната оцена го олеснува пристапот на домашните институции до меѓународниот финансиски пазар, носи предности во водењето на монетарната политика на Народната банка и ја олеснува соработката со супервизорските органи во ЕУ.

**Оваа оцена на Европската комисија претставува исклучително достигнување на Народната банка, но е и значаен показател за условите на работење на домашниот банкарски сектор, односно е дополнителна потврда за строгите и претпазливи критериуми за работење, а заради заштита на нашите граѓани како корисници на банкарските услуги.** Заштитата на корисниците на банкарските услуги е една од активностите којашто е сѐ поактуелна во агендата на активностите на Народната банка. За таа цел, ја **зголемивме транспарентноста** во однос на карактеристиките на најрепрезентативните кредитни и депозитни производи за физичките лица, преку објавување на овие податоци на интернет-страниците на сите банки и штедилници, но и централизирано на интернет-страницата на Народната банка. Наспроти претходната практика кога банките и штедилниците индивидуално избираа кои податоци ќе ги објавуваат за своите производи и во каква форма, со новиот унифициран пристап на целиот банкарски систем, на граѓаните им се овозможува попрецизна, целосна информираност за

најзначајните аспекти коишто треба да ги имаат предвид при разгледувањето на одделните кредити и депозити, заради избирање на соодветниот производ, истовремено водејќи сметка и за можните ризици. Оваа активност е дел од активностите предвидени со **Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021 – 2025**, којашто ја усвоиме како стратегиски рамка за делување со останатите финансиски регулатори. Ова е исклучително значаен документ со којшто ќе се овозможи систематски пристап на сите вклучени страни заради зајакнување на финансиската писменост на населението, подобрување на степенот на финансиска инклузија, при истовремено обезбедување соодветна заштита на потрошувачите. Оттука е и донесениот **Кодекс на добри практики за финансиска едукација**, со кој се воспоставија принципите што треба да ги применуваат сите вклучени субјекти од јавниот, приватниот и од граѓанскиот сектор при спроведување на финансиската едукација. Покрај тоа, кон крајот на годината, во рамките на Народната банка воспоставивме организациска единица којшто ќе спроведува систематизирано работни активности во доменот на заштитата на потрошувачите и финансиската едукација на населението.

**Согледувајќи дека поголема финансиска инклузија на населението е возможна преку примена на дигиталните финансиски услуги, како и со примена на финтек-услуги, Народната банка ја поттикна изработката на првата верзија на Националната стратегија за поддршка на финтек-секторот.** Активностите во овој домен продолжуваат и на почетокот на 2022 година кога го потпишавме Меморандумот за соработка во доменот на финтек-секторот помеѓу финансиските регулатори. Со овој меморандум се поставува систем преку кој регулаторите координирано ќе дејствуваат секој во својата надлежност во однос на спроведувањето на националната стратегија за поддршка на финтек-секторот.

**Народната банка му посвети внимание и на зголемувањето на свеста за зелените финансии.** За таа цел, ги определивме зелените финансии како стратегиска цел и пристапивме кон меѓународната мрежа за зелени финансии на централните банки. Следејќи ги светските трендови за развој на економиите на државите, како и потребите за земање предвид на климатските промени коишто можат да влијаат врз ценовната и финансиската стабилност, во 2021 година беше спроведена анкета помеѓу деловните банки за досегашната примена на концептот „зелени финансии". Според резултатите од Анкетата, околу 70% од банките одобруваат кредити за проекти коишто имаат позитивно влијание врз животната средина, додека околу 43% од банките имаат воспоставено и формален систем на идентификување зелени проекти. Учеството на зелените кредити изнесува околу 150 милиони евра, или само 2,5% во вкупните кредити. Ова релативно ниско учество на овие кредити посочува на потребата од натамошно засилување на активностите на Народната банка во овој сегмент, што е преточено и во рамките на планираните програмски задачи за 2022 година согласно со кои се предвидува прибирање подетални податоци, анализа на ризиците од климатските промени за банкарскиот систем и изготвување насоки за банките за зелените финансии, како и планирање стрес-тестирање на отпорноста на банкарскиот систем на климатските промени.

**Достапноста на квалитетни и проверени статистички податоци е еден од предусловите за донесување квалитетни одлуки, како од страна на носителите на политиките, така и од страна на корпоративниот сектор и граѓаните.** Во таа смисла, Народната банка и во изминатата година продолжи со спроведување проекти за унапредување на достапните статистички податоци. Притоа, успешно беше завршен проектот за понатамошно усогласување на статистиката на финансиските сметки со стандардите на Европскиот систем на централни банки и

Европската централна банка. Овој проект беше и дел од **твининг-проектот „Јакнење на институционалнниот капацитет на Народната банка на патот кон нејзиното членство во Европскиот систем на централни банки"**, којшто беше финализиран во март 2021 година**.** Главната цел на твининг-проектот финансиран од Европската Унија (ЕУ) беше да се поддржи нашата централна банка во натамошното усогласување на правилата, регулативата, политиките и работењето со стандардите на Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и со најдобрите меѓународни практики, заради натамошното одржување на макроекономската и финансиската стабилност. Покрај статистиката, со проектот беа опфатени и активности во областа на платниот систем, банкарската супервизија и анализата на политиките.

**Народната банка и во 2021 година продолжи со зајакнување на транспарентноста во работењето со воведување нови механизми и практики.** Во овој домен отидовме и еден чекор понатаму и иницирaвме мисија за оценување од страна на Меѓународниот монетарен фонд за проучување и споредба на нашите практики и процеси на обезбедување транспарентност во работењето со предвидените стандарди во Кодексот на транспарентноста на ММФ донесен во јули 2020 година. Ние сме една од двете банки во светот кај кои Меѓународниот монетарен фонд изврши ваква оцена, при што согласно со наодите на ММФ, применуваме напредни практики во однос на транспарентноста и Народната банка ужива висока доверба од јавноста, благодарение на водењето конзистентни политики коишто овозможуваат макроекономска стабилност. За нас, транспарентноста во работењето и комуникациите со јавноста се висок приоритет, бидејќи колку полесно се сфатат одлуките на монетарната политика, толку ќе биде поголема ефикасноста и ефективноста на остварувањето на поставените цели. Оттаму, Народната банка, согласно со Стратегискиот план 2022 – 2024, како една од стратегиските цели го посочи преземањето активности за навремено информирање за одлуките, активностите, согледувањата и оцените на Народната банка, коишто се од значење за економските субјекти и граѓаните, вклучително и во процесите на носење одлуки. За таа цел, се планира спроведување на Проектот за унапредување на транспарентноста и достапните информации за функциите, активностите и работењето на Народната банка, согласно со препораките од мисијата на ММФ, како и спроведување анкетно истражување во однос на поставеноста на комуникациската стратегија на Народната банка и организирање работилници и куси средби со новинарите.

Ова се само некои од постигнувањата и проектите коишто ги оствaривме претходната година и заедно со редовните активности овозможуваат остварување како на законските цели на Народната банка, така и на целите коишто ние ги поставуваме пред себе како потребни предуслови коишто ги создаваме за наше подобро функционирање и поефикасно работење на банкарскиот систем за благосостојба на целата економија.

Почитувани,

Народната банка, преку тимска и добро координирана работа, последниве години успеа успешно да се справи со невидени предизвици, наметнати од глобалното окружување. Живееме во време кога се случуваат повеќе шокови во окружувањето и кога е потребна силна поддршка на колективот за справување со шоковите коишто може да ни се случат. Сметам дека во 2021 година потврдивме дека капацитетот којшто го има изградено Народната банка беше активно искористен за квалитетно спроведување на нашите надлежности и за одржување на макроекономската стабилност како најсоодветно окружување за економски раст. Но, за да растеме побрзо и одржливо,

неопходно е сеопфатно вклучување на сите релевантни институции коишто преку постојано спроведување на структурните реформи ќе придонесат кон зголемување на потенцијалот за раст. Подобрувањето на економската, социјалната и дигиталната инфраструктура, односно создавањето предуслови за градење на таквата инфраструктура е императив за обезбедување не само повисок, туку и поквалитетен раст поттикнат од технолошки софистицирани и иновативни сектори. Во таа насока треба да се движиме сите во наредниот период.

26 април 2022 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот на
Народната банка
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

## Краток осврт кон макроекономските движења во 2021 година

Во 2021 година започна очекуваното економско заздравување на глобалната економија, по пандемијата од корона-вирусот којашто се појави во 2020 година и доведе до пад на глобалната економска активност, намалување на побарувачката и следствено забавување на економиите ширум светот. И покрај постепеното олабавување на превентивните здравствени мерки коешто создаде услови за економското заздравување, 2021 година беше уште една пандемична година, одбележана со нови видови на корона-вирусот, но и започнат процес на масовна имунизација, којшто овозможи одреден оптимизам во надминувањето на оваа здравствена криза. На економски план, во втората пандемична година дојде до остварување на дел од ризиците поврзани со глобалните синџири на снабдување и цените на основните производи на светските пазари.

Заздравувањето на македонската економија започна од вториот квартал на 2021 година. Имено, по малиот пад во првиот квартал следеше значителен пораст во вториот квартал, согласно со ниската споредбена основа од претходната година, и потоа умерен раст во следните два квартала, што овозможи реален годишен раст на БДП во 2021 година од 4%. Заздравувањето главно произлезе од домашната побарувачка, особено од личната потрошувачка и инцестициите, поддржани од поповолното окружување, силниот фискален стимул, како и натамошното водење олабавена монетарна политика. Од друга страна, нето-извозот имаше негативен придонес кон БДП, при забрзување на увозот, особено во последниот квартал, делумно под притисок и на енергетската криза.

Во текот на 2021 година, просечната инфлација умерено забрза, главно под влијание на движењето на светските цени на основните производи, особено храната и енергијата. Во просек, во 2021 година, годишниот раст на цените изнесува 3,2%, наспроти растот од 1,2% во претходната година. Ценовните притисоци се главно последица на растот на цените на примарните производи, особено изразени кон крајот на годината, и главно произлегуваат од глобални фактори на страната на понудата, без поголеми притисоци од побарувачката. Неизвесноста поврзана со ценовните промени и понатаму е нагласена, согласно со неизвесните економски ефекти поврзани со развојот и справувањето со пандемијата, како и од зголемената неизвесност на светските пазари на енергенси, дополнително зајакната заради геополитичките ризици во Источна Европа коишто се појавија во првите месеци на 2022 година.

Во 2021 година, на тековната сметка беше остварен умерен дефицит од 3,5% од БДП, што е речиси на минатогодишното ниво, при остварени спротивни движења кај основните компоненти во споредба со лани. Имено, оваа година е остварено проширување на дефицитот во размената на стоки, делумно под влијание на зајакнувањето на економската активност, растот на цените на енергијата и нарушувањата во глобалните синџири за снабдување, а од друга страна, спротивно на претходната година, дојде до нормализација на приватните трансфери, согласно со олабавените мерки за прекугранично движење во втората година од пандемијата. Девизните резерви се одржуваа на соодветно ниво, дополнително зголемени главно врз основа на приливот од новата државна еврообврзница, распределбата на нови СПВ од ММФ, макрофинансиската помош од Европската Унија, а при извршени исплати на достасана еврообврзница кон странство. Странските директни инвестиции се зголемија и достигнаа 3,7% од БДП.

Банкарскиот систем се одликува со ниско ниво на нефункционалните пласмани, вклучително и по завршувањето на периодот на пролонгација на кредитите заради пандемијата, при истовремено задржување на солидната ликвидносна и капитална позиција. Позитивните движења кај депозитите и кредитите на банките продолжија и во текот на 2021 година (годишен раст од 7,5% и 8,3%, соодветно). Сепак, во периодот на пандемијата дојде до промена на склоностите кај економските субјекти, во полза на поголем придонес на штедењето во странска валута, што е вообичаено во периоди на неизвесност, доведувајќи до умерено забавување на повеќегодишниот тренд на денаризација на депозитите кај банките. Значајно е да се истакне зајакнатото кредитирање на корпоративниот сектор, во споредба со претходната година, како поддршка на економското закрепнување.

Во услови на умерена инфлација, солидна надворешна позиција и наметнати ризици од пандемијата во глобални и национални рамки, Народната банка и натаму применува приспособлива монетарна политика. По намалувањето во текот на 2020 година, основната каматна стапка беше дополнително намалена за 0,25 п.п. во март 2021 година и се сведе на 1,25%, што е историски најниско ниво. Преземените монетарни мерки во периодот на пандемијата, вклучително и мерката за пролонгирање на отплатата на кредитите на приватниот сектор (коешто заврши во текот на 2021 година), придонесоа за задржување на солидната кредитна поддршка во целиот период на пандемијата. Соглосно со заживувањето на економската активност, на девизниот пазар имаше поповолни движења, при што остварената нето-продажба на девизи од страна на Народната банка беше значително помала во споредба со 2020 година, главно одразувајќи го ударот од енергетската криза во последниот квартал од годината. Исто така, за справување со последиците од корона-кризата особено е важно да се истакне одобрениот пристап до девизна ликвидност во евра којшто на Народната банка ѝ е овозможен од страна на Европската централна банка, првично до јуни 2021 година, а потоа е продолжен до март 2022 година (при што овие средства не беа користени). Во март 2022 година, имајќи ги предвид геополитичките ризици, ЕЦБ одобри ново продлжување на репо-линијата до 15 јануари 2023 година.

Заживувањето на економската активност во постпандемичниот период и натаму е приоритетна задача за носителите на макроекономските политики. Сепак, со оглед на неповолниот сплет на околности од глобалниот амбиент, макроекономските движења и натаму ќе бидат придружени со неизвесност. Ризиците за следниот период во еден дел се поврзани со последиците од пандемијата на национално и на глобално ниво, како и неизвесноста во однос на времетраењето на здравствената криза и брзината на процесот на вакцинација. Исто така, кон крајот на 2021 година дојдоа до израз нарушувањата на глобалните синџири на снабдување, како и зголемените инфлациски притисоци и енергетската криза. Ваквите неповолни трендови и нивните ефекти врз економијата се оценија како привремени, при очекувања за нивно стабилизирање во текот на 2022 година. Сепак, ескалацијата на руско-украинската криза и воените дејствија во првите месеци на 2022 година се нов и неочекуван, неповолен геополитички фактор, којшто наметнува сериозни ризици за глобалната економија, согласно со општата зголемена неизвесност и можното влијание врз глобалната побарувачка и продлабочување на енергетската криза. Народната банка и натаму е цврсто фокусирана на определбите за одржување на ценовната стабилност и стабилноста на девизниот курс на денарот, преку користење на сите расположливи инструменти.

## Основни економски показатели за македонската економија

| *годишни промени, во %* | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реален сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ * | 5.5 | -0.4 | 3.4 | 2.3 | -0.5 | 2.9 | 3.6 | 3.9 | 2.8 | 1.1 | 2.9 | 3.9 | -6.1 | 4.0 |
| Инфлација | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 3.9 | 3.3 | 2.8 | -0.3 | -0.3 | -0.2 | 1.4 | 1.5 | 0.8 | 1.2 | 3.2 |
| Стапка на невработеност | 33.8 | 32.2 | 32.1 | 31.4 | 31.0 | 29.0 | 28.0 | 26.1 | 23.7 | 22.4 | 20.7 | 17.3 | 16.4 | 15.7 |
| **Надворешен сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Биланс на тековна сметка (% од БДП) | -12.7 | -6.8 | -2.0 | -2.5 | -3.2 | -1.6 | -0.5 | -2.0 | -2.9 | -1.0 | -0.1 | -3.3 | -3.4 | -3.5 |
| Трговски биланс (% од БДП) | -28.6 | -25.8 | -21.6 | -25.2 | -26.5 | -22.9 | -21.7 | -20.1 | -18.8 | -17.8 | -16.2 | -17.3 | -17.0 | -20.2 |
| Странски директни инвестиции (% од БДП) | 6.0 | 2.0 | 2.2 | 4.6 | 1.7 | 2.8 | 2.3 | 2.2 | 3.3 | 1.8 | 5.6 | 3.2 | 1.5 | 3.7 |
| Бруто надворешен долг (% од БДП) ** | 48.8 | 55.9 | 57.8 | 61.2 | 66.1 | 64.0 | 70.0 | 69.3 | 74.7 | 73.4 | 73.0 | 72.4 | 80.3 | 80.2 |
| Бруто девизни резерви (во милиони ЕУР) | 1494.9 | 1597.5 | 1714.5 | 2068.9 | 2193.3 | 1993.0 | 2436.5 | 2261.8 | 2613.4 | 2336.3 | 2867.1 | 3262.6 | 3359.9 | 3643.3 |
| **Монетарен сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Парична маса (М4) | 11.8 | 5.7 | 12.1 | 9.5 | 4.4 | 5.2 | 10.6 | 6.9 | 6.2 | 5.1 | 11.8 | 9.3 | 6.9 | 7.0 |
| Вкупни кредити | 34.4 | 5.2 | 7.0 | 8.4 | 5.6 | 6.6 | 10.0 | 9.6 | 6,5*** | 5.4 | 7.3 | 7,6*** | 4.7 | 8.3 |
| Вкупни депозити (со депозитни пари) | 8.9 | 17.8 | 12.8 | 9.1 | 4.4 | 5.4 | 10.5 | 6.4 | 6.1 | 5.0 | 12.1 | 9.0 | 5.7 | 7.5 |
| **Фискален сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Буџетско салдо (% од БДП) | -0.9 | -2.6 | -2.4 | -2.5 | -3.8 | -3.8 | -4.2 | -3.5 | -2.7 | -2.7 | -1.8 | -2.0 | -8.2 | -5.4 |
| Јавен долг (% од БДП) | 23.0 | 26.2 | 27.2 | 32.0 | 38.3 | 40.3 | 45.8 | 46.6 | 48.8 | 47.7 | 48.4 | 49.2 | 61.0 | 60.8 |
| **Банкарски сектор** | | | | | | | | | | | | | | |
| Стапка на адекватност на капиталот (%) | 16.2 | 16.4 | 16.1 | 16.8 | 17.1 | 16.8 | 15.7 | 15.5 | 15.2 | 15.7 | 16.5 | 16.3 | 16.7 | 17.3 |
| Нефункционални кредити на нефинасискиот сектор/ бруто кредити (%) | 6.8 | 9.1 | 9.3 | 9.9 | 10.5 | 11.5 | 11.3 | 10.8 | 6.6 | 6.3 | 5.2 | 4.8 | 3.4 | 3.2 |
| Ликвидна актива / вкупна актива (%) | 22.9 | 25.6 | 30.9 | 31.2 | 32.4 | 31.2 | 29.8 | 28.2 | 28.9 | 27.1 | 26.7 | 26.9 | 23.3 | 23.0 |

Извор: НБРСМ, ДЗС, Министерство за финансии.

* Претходен податок за 2020, проценет податок за 2021.

** Без обврски на монетарната власт (без репо договори)

*** Коригирано за отписите.

# I. Монетарната политика во 2021 година

## 1.1. Цели на монетарната политика

*Одржувањето на ценовната стабилност претставува основна законски дефинирана цел на монетарната политика на Народната банка. Друга цел, подредена на основната цел, е да придонесува кон одржување стабилен и конкурентен финансиски систем што е пазарно ориентиран. Народната банка ја поддржува и општата економска политика без да го загрози остварувањето на основната цел и во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција. Од стратегиски аспект, од октомври 1995 година се применува стратегијата на одржување стабилен номинален девизен курс на денарот, до 2001 година во однос на германската марка, а потоа во однос на еврото.*

Тргнувајќи од овие законски одредби, Народната банка и во текот на 2021 година ја приспособуваше монетарната политика за да обезбеди непрекинатост во остварувањето на законски дефинираните цели, додека сè уште имаше ризици и неизвесност предизвикани од пандемијата на ковид-19. Народната банка успешно ги оствари целите на монетарната политика, што се согледува преку натамошното одржување на ценовната стабилност и стабилноста на девизниот курс. Гледано од аспект на ценовната стабилност, во просек за целата 2021 година беше остварен умерен годишен раст на домашните цени од 3,2%. Ценовните притисоци главно произлегуваат од факторите на страната на понудата, во услови на поизразено нагорно придвижување на цените на енергетската и прехранбената компонента (под влијание на растот на увозните цени), а поумерено кај базичната инфлација во отсуство на поголеми притисоци од домашната побарувачка. Стабилноста на девизниот курс беше одржана, при што сите показатели за соодветност на девизните резерви и натаму се во сигурната зона. Во 2021 година, успешно беше одржана и финансиската стабилност, како дополнителна поддршка во остварувањето на основната цел. Во услови на соодветно ниво на девизни резерви и умерена стапка на инфлација, Народната банка во текот на 2021 година продолжи со олабавувањето на монетарната политика, заради одржување на кредитните текови и поддршка на закрепнувањето на македонската економија, во услови на продолжено траење на пандемијата.

Графикон 1
Производствен јаз и инфлација*




Графикон 2
Бруто девизни резерви




* Производствениот јаз претставува показател за цикличната положба на економијата и се пресметува како отстапување на оствареното од потенцијалното ниво на БДП во однос на потенцијалното ниво на БДП (производен јаз = (остварен БДП – потенцијален БДП)/потенцијален БДП). Вкупната и базичната инфлација претставуваат просечна годишна промена (во %).

Графикон 3
Показатели за адекватноста на девизните резерви




*износот на краткорочниот долг не го содржи износот на репо трансакциите
Извор: НБРСМ

Графикон 4
Избрани показатели за финансиската стабилност




Извор: НБРСМ

* Според правилото на Гринспан и Гвидоти (Greenspan-Guidotti rule), потребно е земјата да одржува целосна покриеност на краткорочниот долг (преостанато достасување) со девизни резерви.
** Ликвидната актива се состои од високоликвидната актива и краткорочно орочените депозити кај странски банки. Вкупната актива не ги вклучува средствата кај домашните банки.
*** Показателот се однесува на кредитите кон финансискиот и нефинансискиот сектор, при што за 2016 година податокот ги вклучува промените од регулаторните измени.
Извор: НБРСМ и ДЗС.

## 1.2. Поставеност на монетарната политика

*Народната банка продолжи со олабавување на монетарната политика и во текот на 2021 година, со што придонесе за дополнително олеснување на финансиските услови и натамошна поддршка на домашната економија, во услови на неизвесност околу текот на здравствената и економската криза предизвикана од ковид-19. Народната банка ја намали основната каматна стапка во текот на првиот квартал од 2021 година, сведувајќи ја на историско најниското ниво од 1,25%, при истовремено задржување на понудениот износ на благајничките записи на нивото од 10.000 милиони денари. Истовремено, во февруари 2021 година, Народната банка донесе одлука со којашто привремено ја ограничи распределбата и исплатата на дивидендата на акционерите на банките и штедилниците, сè до август, кога одлуката беше укината. Целта на споменатата одлука беше да се придонесе за натамошно зголемување на отпорноста на банкарскиот систем и одржување на стабилноста, во услови на неизвесност и продолжени ефекти од пандемијата. Ваквата поставеност на монетарната политика придонесе за поддршка на кредитните текови во економијата и зголемување на ликвидноста во банкарскиот систем, при солидно ниво на девизни резерви и умерени инфлациски притисоци. Вкупните депозити и кредити и натаму растат на годишна основа, и покрај присутната неизвесност од пандемијата. Народната банка внимателно ги следи показателите и потенцијалните ризици од домашното и надворешното окружување, заради соодветно приспособување на поставеноста на монетарната политика.*

Околностите за спроведување на монетарната политика во 2021 година наметнаа приспособлив карактер на политиките, заради поддршка на закрепнувањето на македонската економија, додека сè уште имаше неизвесност од пандемијата предизвикана од ковид-19. Народната банка беше присутна на девизниот пазар, со умерени интервенции за продажба на девизи. Депозитите на домаќинствата забележаа раст, за што придонесе и воздржаноста од трошење во услови на неизвесност од развојот на пандемијата, во услови на раст на расположливиот доход.

Општото ценовно ниво во 2021 година забележа просечен годишен раст од 3,2%, којшто произлегува од растот на цените во сите три главни компоненти, а најизразен

кај енергетската компонента. Ваквото остварување е во согласност со проектираната стапка на инфлација за 2021 година од октомвриските проекции, при кои беше направена нагорна ревизија на очекуваната стапка од априлските оценки. Нагорните придвижувања на инфлацијата кај нас, како и во глобални рамки, се должат на глобалните фактори на страната на понудата, без поголеми притисоци од страната на побарувачката.

Домашната економска активност почна да закрепнува од вториот квартал на годината, со што економскиот раст во 2021 година достигна 4,0% и беше во склад со очекувањата. Растот беше поддржан од брзото закрепнување на извозната активност, но и од домашната побарувачка, при посилно закрепнување кај личната во однос на инвестициската потрошувачка.

Графикон 5
Ревизии на макроекономските проекции




Извор: НБРСМ и ДЗС. Проекциите за сите показатели се однесуваат на макроекономските проекции на НБРСМ.

Девизните резерви во текот на 2021 година забележаа зголемување, задржувајќи се во сигурната зона во текот на годината. Зголемувањето на девизните резерви во

најголем дел е резултат на трансакциите за сметка на државата[1]. Од друга страна, Народната банка интервенира со нето-продажба на девизи заради одржување на рамнотежата помеѓу понудата и побарувачката на девизи, значително помалку во споредба со 2020 година и главно концентрирана во последниот квартал од годината, кога се појавија првите ефекти од енергетската криза. Сепак, солидните позитивни финансиски текови во рамките на финансиската сметка на билансот на плаќања овозможија целосно финансирање на дефицитот во тековната сметка и дополнителен раст на девизните резерви.

Графикон 6
Интервенции на НБРСМ на девизниот пазар (во милиони евра)




Извор: НБРСМ

Депозитите на приватниот сектор и натаму растат во текот на годината. Неизвесноста поради пандемијата, а дополнително и ценовните притисоци под влијание на новопојавената енергетска криза којашто започна при крајот на годината, имаа влијание врз валутната, рочната и секторската структура. Годишниот раст на вкупните депозити во 2021 година во поголем дел се должеше на зголемувањето на депозитните пари и депозитите во странска валута, додека депозитите во домашна валута забележаа пад. Исто така, во текот на годината се забележа зголемување на краткорочните депозити за сметка на долгорочните депозити, како и умерен раст на степенот на евроизација[2]. Од секторски аспект, годишниот раст на вкупните депозити произлегува главно од домаќинствата, при позитивен придонес и од депозитите на претпријатијата. Од аспект на кредитните текови, нивниот раст забрза во текот на 2021 година, под влијание на засилениот раст на кредитите на корпоративниот сектор, како и натамошниот раст на кредитите на домаќинствата, за што придонесоа здравата солвентна и ликвидносна позиција на банките, растот на изворите на финансирање, како и приспособливиот карактер во монетарната политика.

Со оглед на примената на стратегија на стабилен номинален девизен курс на денарот во однос на еврото, промените на каматните стапки во еврозоната, како економија сидро, имаат важна улога од аспект на поставеноста на монетарната политика

[1] Осмата еврообврзница е издадена на почетокот на март 2021 година, во вредност од 700 милиони евра; повлекувањето на втората транша од макрофинансиската помош од Европската Унија, на почетокот на јуни 2021 година, во износ од 80 милиони евра, од вкупно 160 милиони евра макрофинансиска помош од Европската Унија за надминување на кризата предизвикана од корона-вирусот; користење на новите специјални права на влечење (СПВ) за финансирање на буџетските расходи и отплата на долгот на Република Северна Македонија, коишто Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) ѝ ги додели на државата на 23 август 2021 година, во износ од околу 161 милион евра. Воедно, во јули 2021 година државата изврши исплата на еврообврзницата издадена во 2014 година во износ од 500 милиони евра.
[2] Учество на девизните депозити во вкупните депозити во финансискиот систем.

во земјата. Во текот на 2021 година, Европската централна банка (ЕЦБ) продолжи со спроведувањето олабавена монетарна политика, преку низата мерки за квантитативното олеснување, додека основните каматни стапки ги задржа на истото ниво. Како резултат на намалувањето на основната каматна стапка на Народната банка, се забележа стеснување на распонот меѓу каматните стапки на Народната банка и ЕЦБ од 1,5 п.п. на 1,25 п.п. Во однос на каматните стапки на банките во домашната економија, распонот помеѓу каматната стапка на денарските и каматната стапка на девизните депозити во 2021 година забележа минимално стеснување (од 0,8 п.п. на 0,6 п.п.), како резултат првенствено на надолното поместување на каматната стапка на денарските депозити, при минимален пад на каматната стапка на девизните депозити.

Графикон 7
Распон на основните каматни стапки на НБРСМ и ЕЦБ, во п.п.




Графикон 8
Распон на каматните стапки на банките во домашната економија, во п.п.




Основна каматна стапка на НБРСМ: каматна стапка на благајничките записи на НБРСМ.
Основна каматна стапка на ЕЦБ: каматна стапка на основните операции за рефинансирање на ЕЦБ.

## II. Меѓународно окружување[3]

По силниот удар од пандемијата, глобалната економија закрепнуваше во 2021 година поддржана од монетарниот и фискалниот стимул, понатамошното олабавување на рестриктивните мерки и процесот на имунизација на населението. Проценетиот глобален економски раст за 2021 година изнесува 5,9%, што се оценува како највисок раст во последните 40 години[4]. Растот на економската активност беше широко распространет, но закрепнувањето на економската активност е нееднаков, при што се очекува дека развиените земји побрзо ќе го достигнат претпандемичното ниво, додека кај брзорастечките земји и земјите во развој закрепнувањето е послабо поради побавниот процес на имунизација и претежно помалите стимулативни пакети во споредба со напредните економии.

Проекциите за растот на глобалната економија и понатаму се проследени со исклучителна неизвесност, поврзана со понатамошниот развој на пандемијата, а од почетокот на 2022 година со геополитичките тензии и случувањата помеѓу Русија и Украина. И пред појавата на овие тензии, ризиците на краток и среден рок беа оценети како надолни, поврзани со натамошното пролонгирање на пандемијата предизвикано од новиот сој на ковид-19 („омикрон") и следствено ризикот од нови рестриктивни мерки. Ова би придонесло за понатамошно влошување во синџирите на снабдување, раст на инфлацијата и инфлациските очекувања, а со тоа и за порано и поостро заострување на монетарните политики во многу економии. Следствено, овие фактори може да го зголемат и ризикот од финансиски стрес, со оглед на ранливоста на јавниот и приватниот сектор, особено во високозадолжените брзорастечки земји и земјите во развој, а покрај тоа и евентуалните последици поврзани со климатските промени би имале негативен ефект врз закрепнувањето на оваа група земји. Тековно понагласен ризик за глобалната економија претставува ескалацијата на руско-украинскиот конфликт, што може да предизвика раст на цените на примарните енергетски и неенергетски производи, дестабилизација на глобалните трговски текови и зголемена нестабилност на финансиските пазари, одразувајќи се неповолно врз глобалната инфлација и глобалното економско закрепнување. На долг рок, глобалната економија се соочува со ризикот од поизразен пад на основните двигатели на растот, особено изразен кај брзорастечките и економиите во развој, во услови на послаби инвестиции во основни средства, како и последици врз човечкиот капитал при ограничен пристап до образование и здравствени услуги. Останати глобални ризици претставуваат евентуалниот побавен раст на кинеската економија и можната појава на социјални немири во глобални рамки. Од друга страна, нагорните ризици за идниот раст се главно поврзани со дополнителната фискална поддршка во развиените економии и побрзото усвојување на новите технологии, што би можело да доведе до зголемување на продуктивноста и до посилно глобално економско закрепнување од предвиденото.

Просечната годишна стапка на инфлација во 2021 година забележа забрзување, достигнувајќи 4,3% (3,2% во 2020 година) и во најголем дел е одраз на растот на цените на енергијата и прехранбените производи, во услови на поголеми несовпаѓања помеѓу понудата и побарувачката и тесни грла во синџирите на снабдување. Гледано по групи

---

[3] Анализата се заснова врз „Светскиот економски преглед" на ММФ, ажурирање октомври 2020 и јануари 2021 година; „Глобалните економски изгледи" на Светската банка, јануари 2021 година; кварталните извештаи на Народната банка.
[4] Се однесува на периодот од кога е започнато објавувањето податоци за глобалниот раст од базата на податоци на ММФ (WEO October 2021), од 1980 година.

земји, стапката на инфлација во 2021 година кај развиените економии позначително забрза и достигна 3,1% (наспроти 0,7% во 2020 година), додека кај брзорастечките економии таа изнесуваше 5,7% (5,1% во 2020 година).

Графикон 9
Глобален економски раст (во %)




Графикон 10
Раст на БДП во развиените земји во (%)




Графикон 11
Годишен раст на глобалната трговија (во %)




Извор: Светски економски преглед, октомври 2021 година и ажурирање јануари 2022 година, ММФ.

Во однос на квантитативните показатели што го отсликуваат надворешното окружување на македонската економија, странската ефективна побарувачка и странската ефективна инфлација во 2021 година забележаа релативно висок годишен раст. Имено, оцените укажуваат на раст на странската ефективна побарувачка од 4,1% (наспроти падот од 5,1% во 2020 година), во услови на поволни економски остварувања кај сите земји трговски партнери, со најголем позитивен придонес на Германија, Италија и Грција. Ваквите движења се должат на ниската споредбена основа (особено во вториот квартал) и зголемената економска активност во услови на намалување на рестриктивните мерки како резултат на масовната имунизација, како и натамошната стимулативна монетарна и фискална политика. Што се однесува до странските ефективни цени за 2021 година, во просек, тие остварија раст од 2,7% (забрзување во однос на растот од 0,3% во 2020 година), главно како одраз на ценовниот раст кај сите земји, при што најголем придонес кон забрзувањето на инфлацијата имаат Германија, Хрватска и Италија[5].

[5] Инфлацијата во Србија и Хрватска е коригирана за промените во девизниот курс.

Графикон 12
Странска ефективна побарувачка




Графикон 13
Странска ефективна инфлација




Извор: Национални заводи за статистика и пресметки на НБРСМ[6].

На пазарите на примарни производи, во 2021 година беа забележани значителни нагорни придвижувања. Имено, просечната цена на нафтата во 2021 година изнесуваше 59,7 евра за барел и беше повисока за 61,1% во однос на 2020 година (37 евра за барел), во најголема мера како резултат на закрепнувањето на глобалната побарувачка поради заживување на економската активност во услови на намалени рестриктивни мерки и масовната имунизација, како и продолжување на договорот за ограничено производството на нафта од страна на земјите членки на ОПЕК+ во текот на целата година. Индексот на цените на основните метали и индексот на храната во 2021 година исто така забележаа значителен раст, достигнувајќи стапки на раст од 42% и 23,5%, соодветно. Ваквите движења, во услови на раст на глобалната побарувачка, пред сè беа одраз на фактори на страната на понудата (намалени залихи на металите, тесни грла во синџирите на снабдување и следствено високиот раст на транспортните трошоци, неповолни временски услови кај производството на храна).

[6] Странската ефективна побарувачка е пресметана како збир од пондерираните индекси на бруто домашниот производ на најзначајните трговски партнери на нашата земја. Во пресметката на индексот се вклучени: Германија, Грција, Италија, Холандија, Белгија, Шпанија, Србија, Хрватска, Словенија и Бугарија. Пондерите се пресметани врз основа на учеството на извозот кон овие земји во вкупниот извоз. Странската ефективна инфлација претставува пондериран збир на индексите на потрошувачките цени на земјите најзначајни партнерки на нашата земја, во доменот на увозот на стоки за широка потрошувачка. Пондерацискaта структура се заснова врз нормализираните учества на номиналниот увоз од секоја од земјите во вкупниот номинален увоз во периодот 2013 – квартал 3, 2016 година. Во пресметката на овој показател се вклучени: Бугарија, Германија, Грција, Франција, Италија, Австрија, Словенија, Хрватска и Србија.

Графикон 14
Месечно движење на цената на примарните енергетски и неенергетски производи (евра, индекс: 2010=100)




Графикон 15
Месечно движење на цените на суровата нафта, металите[7] и храната (евра, индекс: 2010=100)




Извор: База на податоци на ММФ за цените на примарните производи.

Во текот на 2021 година, централните банки на развиените земји продолжија со стимулативната монетарна политика за поттикнување на економскиот раст, но кон крајот на годината, дел од нив донесоа одлуки за почнување со постепено затегнување, поради зголемените инфлациски притисоци. Банката на Англија ги задржа мерките за квантитативно олеснување во текот на целата година[8], но на редовниот состанок во декември изврши нагорна корекција на референтната каматната стапка, којашто беше зголемена од 0,1% на 0,25%. Притоа, најави дека умерено затегнување на монетарната политика веројатно ќе биде неопходно и во наредниот период за да се оствари целната инфлација. Од друга страна, ФЕД го задржа распонот на каматната стапка на нивото од 0 до 0,25% во текот на целата година, но во два наврати (во ноември и декември) донесе одлука да го намали обемот на откуп на долгорочните и трезорските хартии од вредност. Така, ФЕД преку двете намалувања го преполови месечниот откуп на долгорочни хартии од вредност, којшто почнувајќи од јануари 2022 година ќе изнесува 60 милијарди долари, наместо 120 милијарди долари. Исто така, беше најавено понатамошно намалување на темпото на нето-откуп на средства и во следниот период, но тоа ќе биде приспособено во зависност од економските изгледи.

Европската централна банка (ЕЦБ) не направи промена во каматните стапки во текот на 2021 година, но направи промени во однос на мерките за стимулирање на постпандемичниот економски раст, како и во монетарната стратегија. Имено, на 8 јули 2021 година беше објавена ревизијата на монетарната стратегија, според која постигнувањето ценовна стабилност и понатаму претставува основната цел на монетарната политика, а главните промени се однесуваат на дефинирањето на целната инфлација (2% симетрична целна инфлација на среден рок), како и на проширувањето на опфатот на инфлацијата со вклучување на трошоците за домување[9]. Во однос на мерките, во текот на годината беа извршени промени во рамките на програмата за откуп на хартии од вредност за итна поддршка на економијата заради пандемијата (PEEP), при што во вториот и третиот квартал ЕЦБ го зголеми темпото на нето-откуп на средства, додека во последниот квартал умерено ја намали динамиката на откуп, а согласно со

[7] Индексот на металите е композитен индекс којшто вклучува цени на бакарот, алуминиумот, железната руда, лимот, никелот, цинкот, оловото и ураниумот.
[8] Во текот на целата година, Банката на Англија одлучи да го задржи обемот на откуп на корпоративни обврзници за нефинансиски инвестиции на 20 милијарди фунти и да ја продолжи постојната програма за откуп на државни обврзници, со целен износ од 875 милијарди фунти, при што вкупниот обем на откуп на средства од овие мерки е 895 милијарди фунти.
[9] За повеќе информации во однос на стратегијата видете на следнава врска.

одлуката на состанокот во декември, дополнително намалување ќе има и во првиот квартал на 2022 година, со што програмата ќе заврши во март 2022 година. Притоа, периодот на реинвестирање на достасаните средства во рамките на оваа програма беше продолжен за една година, односно најмалку до крајот на 2024 година. Покрај тоа, ЕЦБ во декември одлучи да го промени и износот на програмата за откуп на хартии од вредност (APP)[10]. Можно е последните геополитички тензии да го одложат процесот на затегнување на монетарните услови од страна на водечките централни банки.

[10] Во вториот квартал од 2022 година, месечниот нето-откуп на хартии од вредност ќе изнесува 40 милијарди евра (наместо досегашните 20 милијарди евра), за потоа да се намали на 30 милијарди во третиот квартал, додека почнувајќи од октомври 2022 година, износот од 20 милијарди евра ќе биде задржан се додека е потребно и програмата ќе заврши.

# III. Макроекономски движења во 2021 година

## 3.1. БДП и инфлација

Според проценетите податоци на ДЗС, во 2021 година реалниот БДП забележа раст од 4%[11]. Имено, по длабокиот пад од 6,1% во 2020 година како резултат на здравствената и економска криза предизвикана од пандемијата на ковид-19, во текот на 2021 година се забележуваше постепено закрепнување на домашната економија. Притоа, економскиот раст во 2021 година се должи на повеќе фактори, како што се постепеното приспособување на однесувањето и навиките на субјектите во услови на пандемија, процесот на имунизација во земјата, повторното отворање на економиите и примената на целни и помалку рестриктивни мерки за справување со пандемијата, како и преземените мерки за поддршка на економијата. Гледано по компоненти, растот на економската активност во 2021 година се должи во целост на позитивниот придонес на домашната побарувачка, во услови на годишен раст и позитивен придонес кај сите нејзини категории (лична потрошувачка, бруто-инвестиции и јавна потрошувачка), додека нето извозната компонента има негативен придонес, во услови на поголем раст на увозот во однос на растот на извозот. На производната страна, растот беше поттикнат од услугите (трговија, транспорт, туризам, информации и комуникации и недвижнини), додека индустријата се соочуваше со нарушувања во синџирите на снабдување, а кон крајот на годината и со негативните ефекти од енергетската криза, а градежништвото забележа натамошен пад.

Графикон 16
БДП и странска ефективна побарувачка (годишни стапки на реална промена, во %)




Графикон 17
БДП (реален раст, во %) и расходни компоненти на БДП (придонеси кон растот, во п.п.)




Извор: Државен завод за статистика и Евростат, пресметки на НБРСМ. Податоците за БДП за 2020 година се претходни, а за 2021 година се проценети.

Гледано подетално преку производната страна, растот на економијата во текот на 2021 година е широко дисперзиран, а најизразен е во делот на **групата дејности „трговија, транспорт и угостителство“**, којашто во текот на претходната година беше и најпогодена од кризата предизвикана од пандемијата. Притоа, растот кај **трговијата** се должи на високиот раст кај трговијата на големо и трговијата на мало,

[11] Реалниот БДП во текот на 2021 година ја следеше следнава динамика: прв квартал -1,8%, втор квартал 13,4%, трет квартал 3% и четврти квартал 2,3%.

додека трговијата со моторни возила бележи пад. Исто така, според подеталните податоци за превезени патници и стоки, раст на активноста бележи и **транспортот**, при раст на активноста кај сите видови транспорт, во услови на олеснето движење на населението, како локално, така и во меѓународни рамки, во споредба со претходната година. Исто така, висок раст на активноста се забележува и кај **угостителството**, којшто беше еден од секторите што беа најпогодени од пандемијата, при висок раст на бројот на туристи и ноќевања, како и вкупниот промет. Кога станува збор за **индустријата**, анализирано преку индексот на индустриското производство, поволни остварувања во преработувачката индустрија се забележуваат претежно во дејностите во кои се активни странските извозни капацитети, како што се производството на електрична опрема и производството на машини и уреди (дејност којашто претходната година имаше најзначителен негативен придонес), а дополнителен позитивен придонес имаат и производството на хемикалии и хемиски производи, како и производството на производи од гума и производи од пластични маси. Кога станува збор за традиционалните дејности, позначителен позитивен придонес се забележува кај производството на други неметални минерални производи и производството на тутунски производи. Од друга страна, неповолни остварувања во рамките на преработувачката индустрија се забележуваат кај производството на моторни возила (во одредена мера како одраз на нарушувањата во глобалните синџири на снабдување коишто имаа ефект врз автомобилската индустрија), производството на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема, како и производството на текстил и облека. Додадената вредност во **градежниот сектор** забележа пад и во 2021 година, што гледано преку високофреквентните податоци, главно е резултат на високиот пад кај нискоградбата, а помал пад се забележува и кај високоградбата.

Графикон 18
Придонес кон реалната годишна промена на БДП (во процентни поени)




Графикон 19
БДП, индустрија и искористување на капацитетите




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРСМ. Податоците за БДП за 2020 година се претходни, а за 2021 година се проценети.

Гледано од аспект на агрегатната побарувачка, во 2021 година растот на економската активност се должи во целост на закрепнувањето на домашната побарувачка, додека нето-извозот имаше негативен придонес. Во рамките на домашната побарувачка, поволни остварувања се забележуваат кај сите три категории, а најголем позитивен придонес има **потрошувачката на домаќинствата**, во услови на солиден раст на расположливиот доход поттикнат од високиот раст на приватните трансфери при олеснето меѓународно движење на населението, како и растот на платите при постепено стабилизирање на состојбата на пазарот на труд. Покрај тоа, позитивен придонес имаат и **инвестициите**, при висок раст на странските директни

инвестиции, како и државните капитални инвестиции и увозот на средства за работа, а позитивен придонес имаше и **јавната потрошувачка** како резултат на повисоките расходи за стоки и услуги. Исто така, во текот на 2021 година извозот брзо закрепна и забележа релативно висок раст, поттикнат од засилената извозна активност кај дел од производствените капацитети во странска сопственост. Растот на извозот и на домашната побарувачка придонесе за висок раст и на увозот на стоки и услуги, поради што нето извозната компонента забележа негативен придонес во вкупниот БДП.

Во 2021 година, просечната стапка на инфлација изнесуваше 3,2%, што претставува умерено забрзување во споредба со остварувањето во 2020 година, кога инфлацијата изнесуваше 1,2%. Општо гледано, ваквиот раст на домашните цени во текот на годината ги отсликува промените во цените на примарните производи на светските берзи, што е поврзано со нарушувањето на глобалните синџири на снабдување и повторното отворање на економиите, преносните ефекти од административните и регулаторните промени од минатата година, како и од одредени фактори специфични за пандемичната криза, а во услови на олабавување на рестриктивните мерки од крајот на вториот квартал од годината. Оттука, ценовните притисоци во текот на 2021 година главно произлегуваа од фактори на страната на понудата. Анализирано динамички, растот на потрошувачките цени забрзуваше во текот на годината, а малку поголемо зголемување на цените на годишна основа беше забележано во втората половина од годината[12].

Графикон 20
Домашна инфлација и странска ефективна инфлација[13], годишни стапки на раст (во %)




Графикон 21
Променлива (храна и енергија) и долгорочна компонента на инфлацијата
(годишни придонеси, во процентни поени)




Извор: ДЗС, Евростат и пресметки на НБРСМ.

Во однос на главните компоненти на индексот на потрошувачки цени, за разлика од претходните две години, во 2021 година позитивен придонес кон вкупната инфлација имаа сите три компоненти. Така, за разлика од изминатите две години, **енергетската компонента** оваа година забележа раст од 6,3% (придонес од 0,8 п.п. во вкупната инфлација). Притоа, ваквиот раст е одраз на преносниот ефект од регулаторното

---

[12] Годишниот раст на потрошувачките цени во текот на 2021 година ја имаше следната динамика: 2% во првиот квартал, 2,8% во вториот квартал, 3,5% во третиот квартал и 4,6% во четвртиот квартал.
[13] Пресметката на странската ефективна инфлација е изведена од пондерираниот збир на индексите на потрошувачките цени на земјите, најзначајни партнери на Република Северна Македонија во доменот на увозот на стоки за широка потрошувачка. Пондерациската структура се заснова врз нормализираните учества на номиналниот увоз од секоја од земјите во вкупниот номинален увоз во периодот 2010 – 2012 година. Во пресметката на овој показател се вклучени Бугарија, Германија, Грција, Франција, Италија, Австрија, Словенија, Хрватска и Србија.

зголемување на домашната цена на електрична енергија во август 2020 година[14], надополнет со високиот годишен раст на цените на нафтените деривати согласно со нагорните движења на нафтата „брент" на светските берзи. Сепак, во услови на исцрпување на преносниот ефект од зголемувањето на домашната цена на електричната енергија, како и од намалувањето на цената на централното греење[15], растот кај енергетската компонента беше поумерен во втората половина од годината. Растот на **цените на храната** од 3,3% (придонес од 1,2 п.п. во вкупната инфлација) главно произлегува од повисокиот раст на цените на маслото и маснотиите, како и од цените на лебот и житата согласно со високиот раст на цените на маслото и житарките на светските берзи. Дополнителен придонес кон растот на цените на храната имаа и цените на месото поврзано со растот на цените на житарките коишто ја поскапуваат сточната храна за добитокот, а раст имаше и кај цените на зеленчукот, посебно изразени во втората половина на годината. Гледано динамички, повисок раст на цените на храната може да се забележи кон крајот на годината, под влијание на растот на цените кај маслото и маснотиите, лебот и житата, месото и зеленчукот, а раст беше забележан и кај цените на млекото, сирењето и јајцата, поради што во декември 2021 година, Владата донесе Одлука за определување на највисоките цени на основните прехранбени производи во трговијата на големо и трговијата на мало[16]. **Базичната инфлација** забележа годишен раст од 2,4% (придонес од 1,2 п.п. во вкупната инфлација), што во најголем дел се објаснува со позитивниот придонес од цените на тутунот како резултат на законските измени[17], како и од растот на цените кај ресторантите и хотелите, во услови на помалку рестриктивни мерки, но коишто сѐ уште се во примена поради појавата на новите варијанти на ковид-19, што услови работење со намален капацитет на субјектите од оваа услужна дејност. Во втората половина на годината, позитивен придонес имаше и од повисоките цени во воздушниот сообраќај согласно со зголемените меѓународни патувања при помали ограничувачки мерки. Исто така, позитивен, но помал придонес кон базичната компонента имаше и растот на цените на фармацевтските производи, информатичката опрема и автомобилите.

## 3.2. Пазар на труд

Во 2021 година на пазарот на труд[18] беше видливо стабилизирање и постепено намалување на преносните негативни ефекти од пандемијата на ковид-19 врз овој пазарен сегмент. Намалување на бројот на вработени лица беше забележано само во

[14] Со одлука на РКЕ, започнувајќи од 1.8.2020 година, цената на електричната енергија е повисока за 7,4%, односно за висока тарифа изнесува 5,95 ден./kWh, за ниска тарифа изнесува 2,99 ден./kWh, додека за еднотарифно мерење изнесува 4,77 ден./kWh (https://www.erc.org.mk/pages.aspx?id=153). Исто така, со одлука на РКЕ, започнувајќи од 1 јули 2021 година е извршено зголемување на цената на електрична енергија од 12,4% (без ДДВ), но со намалувањето на стапката на ДДВ (од 18% на 5%), цената на електрична енергија со вклучен ДДВ останува непроменета.

[15] Регулаторната комисија на 29.7.2021 година донесе одлука цената на топлинската енергија да се намали за 4%, односно од 1 август, тарифата за топлинска енергија за домаќинствата и образовните институции ќе изнесува 1,8498 денари за киловат-час, додека кај останатите потрошувачи тарифата ќе изнесува 2,5898 денари за киловат-час.

[16] Владата на РСМ на 4 декември 2021 годинана донесе одлука за замрзнување на цените на лебот, шеќерот, брашното, сончогледовото масло за јадење, млекото, свежо месо и сувомеснати производи, сирење и урда на нивото од 1 декември. На 14 декември листата на производи се прошири и за цените на оризот, јајцата и тестенините. Одлуката за замрзнување на цените на основните прехранбени производи од почетокот на декември беше времена и со првична важност до 31 јануари 2022 година, но подоцна беше продолжена до 28 февруари 2022 година. Поради начинот на снимањето на цените од страна на ДЗС (кон средината на секој месец), оваа одлука немаше целосен ефект при снимањето на цените за декември 2021 година (https://vlada.mk/node/27162 ; https://vlada.mk/node/27234 и https://vlada.mk/node/27591).

[17] За растот придонесоа промените во Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, којшто обврзува сите пакувања на цигарите да имаат по 20 цигари од ноември 2020 година (претходно имаше кутии и по 19 цигари), како и зголемениот износ за акциза којашто се наплатува по цигара. Исто така, годишниот раст на цената на тутунот е одраз и на покачувањето на цените на цигарите во јули 2021 година, согласно со предвиденото годишно зголемување на акцизите на цигарите за 0,20 денари/парче, заклучно со 1 јули 2023 година.

[18] Анализата на пазарот на труд е направена преку користење на кварталните анкети за работната сила, односно годишните показатели за 2021 година се изведени како просек од објавените квартални податоци.

првиот квартал, додека во останатиот дел од годината бројот на вработени бележеше годишен раст. Овие поместувања се во согласност со закрепнувањето на економската активност по првиот пандемичен удар во 2020 година. Сепак, со оглед на продолжената пандемија, закрепнувањето сè уште не е целосно, а воедно и бројот на вработени лица сè уште не е вратен на претпандемичното ниво. Покрај тоа, и во текот на 2021 година се зголемуваше бројот на неактивното население, со што стапката на активност втора година последователно бележи намалување.

Во текот на 2021 година, беа донесени повеќе антикризни мерки[19] за натамошно ублажување на влијанието на кризата врз пазарот на трудот, а се продолжи и со спроведувањето на активните мерки за вработување[20] како поддршка за растот на вработеноста. Бројот на вработени лица во текот на 2021 година остана ист, при истовремено зголемување и на стапката на вработеност за 0,1 п.п., до нивото од 47,3%. Анализирано по сектори, раст на вработеноста е забележан во услужниот сектор, намалување на бројот на вработени има кај секторите земјоделство и градежништво, додека во индустријата бројот е непроменет. Гледано подетално по дејности, позитивни придвижувања се забележани кај неколку услужни дејности, пред сè кај дејностите поврзани со трговијата на големо и мало, здравството, „јавната управа и одбрана; задолжителното социјално осигурување", како и кај информациите и комуникациите. Од друга страна, натамошно намалување на вработеноста се забележува во дејностите поврзани со хотели и ресторани, земјоделството и „транспортот и складирањето".

Графикон 22
Селектирани показатели од пазарот на труд (во %)




Графикон 23
Стапка на невработеност според старосните групи (во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРСМ.

Од аспект на понудата на работна сила, во 2021 година вкупното активно население забележа намалување од 0,8%, што при истовремен раст на неактивното население од 0,7%, доведе до надолно поместување на стапката на активност (за 0,4 п.п.), којашто изнесуваше 56%. И покрај неповолните придвижувања на страната на понудата, стабилизирањето на страната на побарувачката на работна сила доведе до намалување на бројот на невработени лица за 5,2%, а стапката на невработеност се сведе на историски најниското ниво од 15,7% (годишно намалување за 0,7 п.п.). Притоа, гледано по старосни групи, намалувањето на вкупната стапка на невработеност се објаснува со пониската невработеност кај возрасните групи од 25 до 49 години и од 50 до 64 години, додека невработеноста во категоријата млади лица од 15 до 24 години забележа зголемување.

---

[19] За повеќе информации за донесените мерки пристапете на следнава врска: https://vlada.mk/ekonomski-merki-covid19
[20] И во текот на 2021 година, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување и натаму спроведуваа активни мерки и програми наменети за зголемување на вработеноста. Со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во 2021 година се опфатија околу 12.000 невработени лица, преку 8 различни видови програми во чии рамки се содржани и одделни мерки (повеќе информации на https://av.gov.mk/operativen-plan.nspx и https://vlada.mk/node/27001).

Растот на просечните исплатени плати продолжи во 2021 година, во еден дел како резултат на преносниот ефект од зголемувањата на минималната плата во 2020 година[21], како и од редовното зголемување на минималната плата од април 2021 година[22]. Дополнително влијание за зголемување на просечната плата имаа и одредени структурни фактори, како што е недостатокот на работна сила во одредени сегменти, но и како ефект од кризата којшто доаѓа до израз преку намалувањето на бројот на вработените со плата пониска од просечната. Така, номиналните нето и бруто-плати[23] забележаа годишен раст од 5,7%[24], соодветно (7,8% и 8,3% соодветно, во 2020 година). Нагорна корекција на нето-платите е забележана кај сите сектори на дејности, а посебно висок раст е забележан во дејностите коишто првично беа најпогодени од пандемијата, како и дејностите коишто може да се поврзат со трендот на сè поголема дигитализација, дополнително нагласена во услови на пандемија. Така, највисок раст е забележан кај платите на дејностите поврзани со „објекти за сместување" (10,9%), „уметност, забава и рекреација" (10,7%), други услужни дејности (10,5%), „информации и комуникации" (10,1%). Понатаму раст е забележан и во стручните и научните дејности (9,4%), рударството и вадењето камен (7,7%), административните и помошните услужни дејности (7,8%), како и трговијата на големо и трговија на мало; поправката на моторни возила и мотоцикли (7,4%). Притоа, во услови на раст на општото ниво на потрошувачките цени, нето и бруто-платите забележаа реален раст од 2,4%, соодветно.

Графикон 24
Просечни бруто и нето-плати
(годишни промени, во %)




Графикон 25
Просечни нето-плати по сектори
(годишни промени, во %)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРСМ.

Од аспект на показателите на конкурентноста[25], во 2021 година се забележува подобрување. Имено, во текот на годината продуктивноста на трудот се зголеми за 2,8%

[21] Согласно со објавата на Министерството за труд и социјална политика, објавена во „Службен весник на РСМ" бр. 75/20 и Уредбата со законска сила за примена на Законот за минимална плата во Република Македонија „Службен весник на РСМ" бр. 88/20, минималната нето-плата од јули 2020 година се зголеми за 3%, односно за 434 денари.

[22] Во април 2021 година беше извршено редовното усогласување за зголемување на минималната плата (со порастот за претходната година на просечно исплатената плата во РСМ, индексот на трошоци на живот и реалниот пораст на БДП – една третина од порастот од секој показател, соодветно). Согласно со објавата на Министерството за труд и социјална политика во „Службен весник на РСМ" бр. 80/21 за примена на Законот за минимална плата во Република („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12,30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна

[23] Вкупните исплатени бруто-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси (за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување). Податоците се однесуваат на исплатените плати.

[24] Стапките по кои се плаќаат придонесите во 2021 година се 18,8% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување и 7,5% за задолжително здравствено осигурување, исто како и во претходната година.

[25] Продуктивноста и трошоците за труд по единица производ за целата економија се пресметани врз база на податоците од Државниот завод за статистика за: БДП, бројот на вработени лица и за просечните бруто-плати. Вкупната продуктивност се пресметува како пондериран збир на пресметаната продуктивност на ниво на индивидуален сектор. Во

(по падот од 4,6% во 2020 година), како резултат на растот на додадената вредност, во услови на непроменетост на бројот на вработени лица. Гледано по сектори, позитивниот придонес доаѓа од услужниот сектор, додека индустријата и земјоделството имаат минимален негативен придонес. Согласно со повисокиот раст на платите од растот на продуктивноста, трошоците за труд по единица производ во 2021 година се умерено повисоки за 2,6% (наспроти растот од 13,8% во 2020 година), при поголемо зголемување на трошоците за труд во услужниот сектор, а во помала мера и во индустријата, додека мал пад на трошоците за труд е забележан во земјоделството.

Графикон 26
Продуктивност на трудот
(придонеси кон годишниот раст, во п.п.)




Графикон 27
Трошоци за труд по единица производ
(придонеси кон годишниот раст, во п.п.)




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на НБРСМ.

## 3.3. Јавни финансии

Буџетскиот дефицит во 2021 година забележа умерено стеснување и изнесуваше 5,4% од БДП, по значителното продлабочување од 8,2% од БДП во претходната година. Слични поместувања бележи и примарното буџетско салдо[26], коешто во 2021 година изнесуваше 4,1% од БДП, наспроти 7% од БДП во 2020 година. Поволните придвижувања во буџетскиот дефицит се резултат на поумерениот раст на буџетските расходи, при засилен раст на буџетските приходи во услови на закрепнување на економската активност.

Имајќи ја предвид продолжената здравствена криза, како глобален шок во последните две години и појавата на различните варијанти на вирусот ковид-19, а со тоа и потребата од натамошно ублажување на ефектите од пандемијата врз економијата, кон средината на годината беше извршена нагорна корекција на планираниот дефицит за 2021 година, од првично планираниот износ од 34.938 милиони денари (4,8% од БДП) на 46.230 милиони денари (6,4% од БДП), при поизразено зголемување на расходната во однос на приходната страна[27]. Сепак, остварениот дефицит беше понизок во однос на планираниот (за 1 п.п. од БДП).

рамките на секој сектор продуктивноста се пресметува како соодност помеѓу додадената вредност во тој сектор и бројот на вработени лица.

[26] Примарното буџетско салдо е разлика меѓу вкупните буџетски приходи и вкупните буџетски расходи, намалени за отплатата на тековните обврски врз основа на земени заеми (камати). Овој фискален показател се смета за посоодветен при анализата на тековниот курс на политиката, заради фактот што во него не се интегрирани фискалните трошоци врзани за минатото однесување на фискалната политика во врска со јавниот долг.

[27] На 28 јули 2021 година е усвоен ребалансот на буџетот за 2021 година („Службен весник на РСМ" бр. 171 од 28.7.2021 година), додека на 9 декември 2021 година е усвоена одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на РСМ" бр. 273 од 9.12.2021 година).

Графикон 28
Фискални показатели (% од БДП)




Извор: Министерство за финансии и пресметки на НБРСМ.

Графикон 29
Вкупни буџетски приходи и расходи и нивните главни компоненти (% од БДП)




Извор: Министерство за финансии и пресметки на НБРСМ.

Вкупните буџетски приходи во 2021 година се повисоки за 15,3% на годишна основа (по падот од 7% во претходната година). Годишниот раст на буџетските приходи во еден дел е резултат на закрепнатата економска активност, при пониска споредбена основа од претходната година како одраз на влошената економска активност поради пандемијата и мерките за спречување на нејзиното ширење, коишто доведоа до пад на вкупните приходи во 2020 година. Најголемиот дел од растот на вкупните приходи произлегува од зголемувањето на даночните приходи. Во текот на 2021 година, државата продолжи со исплатата на трансфери за поддршка на претпријатијата и домаќинствата, но поумерено, при што буџетските расходи забележаа поумерен раст од 5,7% на годишна основа (раст од 11,9% во претходната година). Изразено во релативни показатели, учеството на буџетските приходи и расходи во БДП во 2021 година изнесуваше 30,2% и 35,6%, соодветно (28,9% и 37,1% во 2020 година, соодветно). Притоа, остварениот буџетски дефицит во 2021 година во најголем дел беше финансиран преку надворешно задолжување[28] на државата, при што дел од приливите беа задржани како депозити на државата кај Народната банка. Воедно, во овој период,

[28] Задолжувањето на државата на странскиот пазар, во најголем дел се должи на издадената осма еврообврзница во почетокот на март во вредност од 700 милиони евра со рочност од седум години и со каматна стапка од 1,625% и повлекувањето на втората транша од макрофинансиската помош од Европската Унија, во почетокот на јуни во износ од 80 милиони евра (од вкупно 160 милиони евра макрофинансиска помош од Европската Унија за надминување на кризата предизвикана од корона-вирусот), како и користењето на новите специјални права на влечење (СПВ) за финансирање на буџетските расходи и отплата на долгот на Република Северна Македонија, коишто Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) ѝ ги додели на државата на 23 август 2021 година, во износ од околу 161 милион евра. Воедно, во јули 2021 година државата изврши исплата на еврообврзницата издадена во 2014 година во износ од 500 милиони евра.

државата дополнително се задолжи на домашниот пазар на државни хартии од вредност.

Графикон 30
Структура на финансирањето на буџетското салдо*
(во милиони денари)




* Негативната промена на депозитите во структурата на финансирање на буџетското салдо претставува раст на депозитите на државата.
Извор: Министерство за финансии и пресметки на НБРСМ.

Зголемените потреби за финансирање на буџетот во 2021 година во еден дел беа обезбедени преку домашниот примарен пазар на државни хартии од вредност, при што состојбата на издадените хартии од вредност се зголеми за 18.444 милиони денари и на крајот на годината изнесуваше 146.309 милиони денари. Новите емисии на државни хартии од вредност во поголем дел беа со подолга рочност од рочноста на хартиите од вредност коишто достасуваа, што придонесе за зголемување на просечната рочност на издадените државни хартии од вредност, а со тоа и за продлабочување на овој сегмент од финансискиот пазар, како и за раст на учеството на државните обврзници во структурата на хартиите од вредност. Поволни поместувања беа забележани и кај валутната структура, што е воочливо преку растот на портфолиото на државните хартии од вредност во домашна валута.

Графикон 31
Валутна структура на државните хартии од вредност (во милиони денари)




Графикон 32
Рочна структура на државните хартии од вредност (во милиони денари)




Извор: Министерство за финансии и НБРСМ.

Во 2021 година долгот на централната влада не забележа промени во однос на претходната година и изнесуваше 51,7% од БДП, при што надворешниот и внатрешниот долг на централната влада изнесуваат 31,1% и 20,6% од БДП, соодветно (31,8% и 19,9% од БДП во претходната година, соодветно). Вкупниот јавен долг[29] на крајот на 2021 година беше 60,8% од БДП (61% од БДП во претходната година), при мало намалување на надворешниот јавен долг (од 40,7% на 39,8% од БДП) и мал раст кај домашниот јавен долг (од 20,3% на 21% од БДП). Во рамките на јавниот долг, вкупниот државен долг (долгот на централната влада, јавните фондови и општините) во 2021 година е на ниво од 51,8% од БДП, слично како и претходната година (51,9% од БДП), додека долгот на јавните претпријатија (гарантиран и негарантиран)[30] беше на нивото од 8,6% од БДП. На крајот на 2021 година, учеството на државниот долг во вкупниот јавен долг изнесува 85,2% (85,1% во 2020 година), додека учеството на долгот на јавните претпријатија (гарантиран и негарантиран) во вкупниот јавен долг изнесува 14,1% (14,3% во 2020 година).

Графикон 33
Долг на централната влада и вкупен јавен долг (% од БДП)




Извор: Министерство за финансии и пресметки на НБРСМ.

## 3.4. Биланс на плаќања, МИП и надворешен долг

Во текот на 2021 година, во услови на закрепнување на економијата, но и натамошни проблеми во глобалните синџири на снабдување и пролонгирана неизвесност предизвикана од појавата и ширењето на нови соеви на ковид-19, дефицитот во тековната сметка на билансот на плаќања се задржа на умерено ниво. Така, негативното салдо во тековните трансакции забележа минимално годишно проширување од 0,1 п.п. и изнесуваше 3,5% од БДП. Гледано по компоненти, малото

[29] Јавниот долг е дефиниран со Законот за јавен долг („Службен весник" бр. 62/2005, 88/2008, 35/2011, 139/2014 и 98/2019), според кој тој претставува збир на државниот долг и долгот на јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје, како и трговските друштва коишто се во целосна или во претежна сопственост на државата или на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје.
[30] Согласно со измените во Законот за јавен долг од мај 2019 година, негарантираниот долг на јавните претпријатија и акционерски друштва основани од државата или од општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје се пресметува во јавниот долг („Службен весник" бр. 62/2005, 88/2008, 35/2011, 139/2014 и 98/2019).

продлабочување на дефицитот во тековната сметка главно се должи на зголемениот трговски дефицит (за 3,3 п.п. од БДП), односно повисокиот раст на увозот од растот на извозот на стоки, што главно се должи на ценовниот ефект од зголемувањето на берзанските цени на примарните производи на светските пазари во 2021 година, посебно изразено кај енергенсите. Дополнителен придонес кон повисокиот дефицит на тековната сметка има и зголемениот дефицит кај примарниот доход, којшто претежно произлегува од повисоките одливи кај доходот од инвестиции, како резултат на повисоката новосоздадена вредност од компаниите во странска сопственост во услови на закрепнување на економската активност. Ваквите неповолни движења во тековната сметка беа во голема мера ублажени од подобрите остварувања кај суфицитот кај секундарниот доход. Имено, тие главно го отсликуваат растот на приватните трансфери, пред сѐ како резултат на постепеното укинување на рестриктивните мерки поврзани со патувањата, за разлика од ограниченото меѓународно движење на патници во 2020 година, што придонесе за значителниот пораст на приливите кај нето откупената ефектива на менувачкиот пазар. Исто влијание имаше и растот на девизните приливи преку формалните канали, во категоријата лични трансфери. Во 2021 година, подобри остварувања се забележани и кај услугите, што во најголем дел се должи на зголемениот суфицит кај компјутерските услуги како категорија којашто бележи значителен раст од почетокот на пандемијата, исто така кај патувањата, во услови на раст на меѓународни патувања, како и кај деловните услуги.

Графикон 34
Тековна и финансиска сметка
(во милиони евра)




Графикон 35
Основни компоненти на тековната сметка
(% од БДП)




Извор: НБРСМ.

Во 2021 година, во финансиската сметка на билансот на плаќања беа остварени нето-приливи од 480,5 милиони евра, или 4,1% од БДП, коишто овозможија целосно финансирање на дефицитот во тековната сметка и истовремено раст на девизните резерви. Поволните остварувања се резултат на остварените нето-приливи кај речиси сите компоненти на финансиската сметка, со исклучок на категоријата „валути и депозити". Приливите во финансиската сметка во најголем дел произлегуваат од нето-приливите кај директните инвестиции, коишто во 2021 година изнесуваат 435,2 милиона евра, или 3,7% од БДП, што претставува значителен раст од 2,3 п.п. во однос на претходната година. Во однос на структурата на директните инвестиции, преовладуваат нето-приливите врз основа на меѓукомпаниски долг, при истовремено значителни нето-приливи и кај реинвестираната добивка и сопственичкиот капитал. Дополнителни нето-приливи во финансиската сметка се остварени и врз основа на краткорочните заеми како резултат на специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, како и врз основа на долгорочното задолжување на депозитните институции и државата. Позитивен придонес врз финансиските текови во 2021 година имаа и остварувањата кај портфолио-инвестициите, коишто се должат на задолжувањето на државата во странство врз основа на издадени должнички хартии

од вредност[31], како и нето-приливите кај трговските кредити. Од друга страна, кај категоријата валути и депозити се забележани високи нето-одливи, што во најголем дел ги одразуваат натамошните, но поумерени нето-одливи кај останатите сектори. Во однос на финансирањето на тековните трансакции, во 2021 година беше остварен и нето-прилив врз основа на нова распределба на специјални права за влечење (СПВ) од Меѓународниот монетарен фонд[32].

Графикон 36
Финансиска сметка
(% од БДП)




Графикон 37
Директни инвестиции
(% од БДП)




Извор: НБРСМ.

Дефицитот во размената на стоки со странство во 2021 година забележа значително проширување на годишна основа од 49,5% (или 5,9 п.п. од БДП), наспроти стеснувањето во претходната година. Проширувањето на трговскиот дефицит беше под значително влијание на глобалните фактори, при што и покрај првичните позитивни импулси од вакцинацијата во светски рамки, новите варијанти на вирусот ковид-19 предизвикаа натамошни негативни ефекти од пандемијата. Исто така, недостатокот на значајни суровини и делови за автомобилската индустрија и проблемите со глобалниот транспорт предизвикаа дополнителни притисоци врз веќе нарушените синџири за снабдување, што надополнето со растот на цените на примарните производи на светските берзи[33], негативно се одрази врз трговското салдо во 2021 година. Притоа, извозот на стоки бележи годишен раст од 19,8%, што главно се должи на индустриските капацитети ориентирани кон извоз во странска сопственост, како и на подобрата извозна активност на дел од традиционалните сектори, поконкретно металопреработувачката индустрија и рударството. Податоците за трговската размена по категории производи покажуваат дека главен придонес во растот на извозот имаат извозот на хемиските производи и извозот на опремата и машините, поврзано со автомобилската индустрија, при закрепнување на странската побарувачка. Позитивните остварувања кај дел од традиционалните сектори, гледано преку зголемениот извоз на железо и челик и руда, главно ги одразуваат ценовните ефекти, односно растот на берзанските цени на металите. На увозната страна, годишниот раст во 2021 година беше поизразен и изнесуваше 26,9%. Растот на увозот на стоки во значителен дел се должи на повисокиот енергетски увоз, во услови на динамичен раст на увозните цени

[31] Во март 2021 година беше издадена осмата еврообврзница на РС Македонија во вредност од 700 милиони евра со рочност од седум години и историски најниска каматна стапка од 1,625% чиишто средства во најголем дел беа искористени во јули 2021 година за отплата на еврообврзницата издадена во 2014 година.
[32] Во август 2021 година Меѓународниот монетарен фонд ѝ додели на РС Македонија нови 134,47 милиони специјални права на влечење во вредност од околу 162 милиона евра.
[33] Во текот на 2021 беше забележано значително нагорно поместување на цените на примарните производи на светските берзи, првенствено поради ниската споредбена основа во претходната година (особено во текот на второто тримесечје) и закрепнувањето на глобалната економија, но и како резултат на неприспособената понуда на закрепнувањето на глобалната побарувачка, како и влијанието на одредени геополитички фактори врз цените на енергенсите, а особено врз цената на гасот и електричната енергија.

соодветно на движењата на цените на енергенсите на светските берзи, особено изразено кај увезените цени на електричната енергија и природниот гас. Воедно, подобрата активност во капацитетите од автомобилската индустрија ориентирани кон извоз доведе и до зголемен суровински увоз, при што гледано по поодделни категории, значителен позитивен придонес има увозот на опрема и машини, неоргански хемиски производи, како и увозот на обоени метали. Растот на увозот на опремата и машините во одреден дел ги одразува и поволните остварувања кај домашните инвестиции во текот на 2021 година. Соодветно на извозните остварувања и повисоките цени на металите, раст е остварен и кај увозот на железото и челикот.

Графикон 38
Придонеси во годишната промена на извозот (во п.п.)




Графикон 39
Придонеси во годишната промена на увозот (во п.п.)




Извор: ДЗС.

Во однос на показателите за ценовната конкурентност на домашната економија[34], во 2021 година реалниот ефективен девизен курс дефлациониран со трошоците на живот оствари апрецијација од 1,3% на годишна основа, додека зголемувањето на индексот пресметан со цените на производителите на индустриски производи е поумерено и изнесува 0,4%. Ваквите остварувања произлегуваат од номиналниот ефективен девизен курс којшто на годишна основа апрецира за 2%, како резултат на понатамошната депрецијација на турската лира во однос на денарот. Релативните трошоци на животот и релативните цени на производителите на индустриски производи забележаа намалување (за 0,7% и 1,6%, соодветно), во услови на поголем раст кај странските цени во однос на домашните во текот на 2021 година.

[34] Анализата на показателите за ценовната конкурентност се заснова врз индексите на РЕДК, пресметани со пондери засновани на надворешнотрговската размена без примарните производи. Примарните производи коишто не се опфатени во пресметката се: нафтата и нафтените деривати, железото и челикот, рудите и увозните суровини за новите индустриски капацитети во странска сопственост.

Графикон 40
НЕДК и РЕДК, без примарните производи пресметани според индексот на трошоците на животот и цените на производителите (2015=100)




Графикон 41
Релативни цени (2015=100)




Извор: НБРСМ.

*На крајот на 2021 година, нето меѓународната инвестициска позиција (МИП) на домашната економија изнесува 7.307,7 милиони евра, или 62,3% од БДП.* Во споредба со состојбата на крајот на претходната година, таа е пониска за 2,6 процентни поени од БДП, во услови на раст на меѓународните средства и мало намалување на меѓународните обврски (за 2,3 п.п. и 0,3 п.п. од БДП, соодветно). Секторската анализа на МИП покажува дека подобрата позиција на економијата се должи на пониските нето-обврски на останатите сектори, како резултат на растот на средствата кај директните и портфолио-инвестициите и истовременото намалување на обврските врз основа на долгорочните заеми. Исто така, пониски нето-обврски се остварени и кај државата, како резултат на пониските обврски врз основа на портфолио-инвестиции[35], а малку подобра нето меѓународна инвестициска позиција бележат и депозитните институции. Од друга страна, кај централната банка е остварено намалување на нето-средствата на годишна основа, како резултат на повисоките обврски врз основа на специјалните права на влечење (СПВ), што се должи на дополнителната распределба од страна на ММФ.

[35] Во 2021 година беше реализирано редовно отплаќање на надворешните обврски на државата врз основа на еврообврзници.

Графикон 42
Меѓународна инвестициска позиција (% од БДП)




Графикон 43
Меѓународна инвестициска позиција, по сектори (% од БДП)




Извор: НБРСМ

*Бруто надворешниот долг, на крајот 2021 година, изнесува 9.411,6 милиони евра*[36]*, или 80,2% од БДП, што претставува минимално намалување на годишна основа (за 0,1 п.п. од БДП).* Ваквото остварување се должи на намалувањето на долгот на јавниот сектор за 0,7 п.п. од БДП, при раст на приватниот долг за 0,6 п.п од БДП. Пониският долг на јавниот сектор е резултат на намалувањето на долгот на централната влада (поради отплата на еврообврзница), како и на долгот на јавните претпријатија (раздолжување врз основа на долгорочни заеми), додека дополнителната распределба на СПВ придонесе за зголемување на долгот на централната банка. Од друга страна, годишниот раст на приватниот долг главно произлегува од повисокиот меѓукомпаниски долг, при истовремено намалување на долгот кај останатите сектори како резултатот на пониските долгорочни заеми.

Графикон 44
Бруто надворешен долг, според должници и институционални сектори (% од БДП)




Извор: НБРСМ

Показателите за надворешната задолженост на домашната економија и понатаму се во безбедната зона. Единствено учеството на бруто надворешниот долг во БДП и натаму е во интервалот на висока задолженост, додека сите останати показатели укажуваат на ниска задолженост на домашната економија.

---

[36] Податоците за бруто и нето надворешниот долг не ги вклучува обврските на централната банка врз основа на репо-договори.

На 31.12.2021 година, нето надворешниот долг изнесува 3.537 милиони евра, или 30,1% од БДП, што во однос на крајот на претходната година претставува намалување за 0,9 п.п. од БДП. Понискиот нето надворешен долг се должи на истовремено пониският јавен и пониският приватен нето-долг (за 0,3 п.п. и 0,6 п.п. од БДП, соодветно).

Табела 1
Показатели на надворешната задолженост

| | ***Солвентност*** | | | | ***Ликвидност*** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Отплата на камата/ извоз на стоки и услуги и други приливи | Бруто долг/ извоз на стоки и услуги и други приливи | Бруто долг/ БДП | Отплата на долгот/ извоз на стоки и услуги и други приливи | Девизни резерви/ краткорочен долг | Девизни резерви/ краткорочен долг со преостанато достасување* | Краткорочен долг/ Вкупен долг |
| | во % | | | | соднос | соднос | во % |
| 31.12.2004 | 2,4 | 129,3 | 47,3 | 12,4 | 1,1 | 0,9 | 30,3 |
| 31.12.2005 | 2,7 | 147,0 | 54,2 | 11,1 | 1,7 | 1,0 | 26,7 |
| 31.12.2006 | 3,4 | 131,3 | 49,8 | 21,7 | 2,0 | 1,3 | 29,0 |
| 31.12.2007 | 2,8 | 119,3 | 51,3 | 19,4 | 1,3 | 1,1 | 39,8 |
| 31.12.2008 | 2,7 | 116,9 | 54,1 | 10,2 | 1,3 | 0,9 | 35,2 |
| 31.12.2009 | 2,4 | 131,0 | 57,8 | 11,8 | 1,3 | 0,9 | 32,9 |
| 31.12.2010 | 3,2 | 140,4 | 59,7 | 13,9 | 1,5 | 1,0 | 27,9 |
| 31.12.2011 | 3,1 | 148,4 | 64,6 | 16,8 | 1,8 | 1,2 | 25,2 |
| 31.12.2012 | 2,9 | 142,1 | 67,6 | 13,1 | 1,6 | 1,0 | 26,7 |
| 31.12.2013 | 2,5 | 137,3 | 67,3 | 15,8 | 1,6 | 1,1 | 23,3 |
| 31.12.2014 | 3,0 | 149,1 | 74,0 | 17,2 | 1,8 | 1,1 | 22,3 |
| 31.12.2015 | 2,7 | 143,8 | 73,2 | 20,0 | 1,7 | 1,1 | 21,3 |
| 31.12.2016 | 2,4 | 149,4 | 79,3 | 14,9 | 1,7 | 1,2 | 21,9 |
| 31.12.2017 | 2,7 | 139,2 | 76,9 | 12,7 | 1,3 | 0,9 | 23,9 |
| 31.12.2018 | 2,2 | 131,3 | 77,3 | 15,8 | 1,4 | 1,0 | 25,8 |
| 31.12.2019 | 2,1 | 122,4 | 76,3 | 9,0 | 1,6 | 1,0 | 25,6 |
| 31.12.2020 | 1,9 | 123,0 | 78,5 | 13,7 | 1,9 | 1,1 | 20,4 |
| 31.12.2021 | 2,2 | 127,1 | 83,9 | 16,3 | 1,8 | 1,3 | 21,3 |
| *Критериум за умерена задолженост* | *12 - 20%* | *165 - 275%* | *30 - 50%* | *18 - 30%* | | *1,00* | |

*Критериумот за умерена задолженост е земен според методологијата на Светска банка за изработка на показатели на задолженост, којашто подразбира користење тригодишни подвижни просеци на БДП и извозот на стоки и услуги и други приливи, како именители во пресметката на показателите.
Изработено во согласност со „External debt statistics: Guide for compilers and users", издаден од страна на ММФ.
Според правилото на Гринспан и Гвидоти, потребно е земјата да одржува целосна покриеност на краткорочниот долг (преостанато достасување) со девизни
Извор: НБРСМ.

## 3.5. Монетарни и кредитни агрегати[37]

### 3.5.1. Монетарни агрегати

Во текот на 2021 година, домашната економија постепено закрепна од силниот удар на пандемијата во претходната година, при постојана неизвесност предизвикана од ширењето на новите варијанти на вирусната инфекција ковид-19, што и натаму делумно влијаеше врз потрошувачката и инвестициите. Во вакви околности, паричната маса и вкупните депозити во финансискиот сектор[38] и натаму растат. Притоа, мерките на државата за финансиска поддршка на компаниите погодени од кризата (особено во енергетскиот сектор) и исплатените средства за справување со последиците од пандемијата, и оваа, како и минатата година, во еден дел придонесоа за растот на паричната маса и на депозитите.

[37] Податоците за вкупните депозити и кредити од август 2020 година па наваму не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка. Со цел пореално да се согледаат остварените текови во банкарскиот систем, без ефектот од ваквата промена во приказот на податоците во монетарната статистика, кај остварувањата на вкупните депозитни и кредитни текови во 2020 година се направени приспособувања во тековите со податоците за соодветната банка. Имено, приспособувањето кај вкупните депозити е направено со вклучување на износот на депозитите којшто не подлежи на обесштетување преку ФОД во тековната состојба на вкупните депозити, додека приспособувањето кај вкупните кредити е направено со вклучување на јулските податоци за состојбата на кредитите на банката во тековната состојба на вкупните кредити.
[38] Податоците се однесуваат на депозитите на недржавниот сектор во банките и штедилниците, средствата на останатите финансиски институции на сметките кај Народната банка и средствата на единиците на локалната самоуправа на сметките кај Народната банка. Податоците соодветствуваат со методолошките измени на Народната банка од јуни 2018 година. Повеќе информации за методолошките измени може да се најдат на следнава врска: http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika_i_statistika_na_kamatni_stapki.nspx.

Графикон 45
Парична маса М4 и вкупни депозити




Графикон 46
Парична маса М4, учество во БДП




Извор: НБРСМ.

Најшироката парична маса М4, во 2021 година, забележа раст од 7%, слично со растот во претходната година. Гледано структурно, во услови на зголемена неизвесност поради пандемијата и склоност на држење средства во поликвидна форма, и понатаму се забележува раст на најликвидните компоненти на М4 – готовите пари во оптек и депозитните пари, но поумерен во однос на минатата година. Имено, готовите пари во оптек забележаа годишен раст од 1,8%, при нивно учество во најшироката парична маса М4 од 8,5% (9% во 2020 година). Од рочен аспект, се забележува намалување на долгорочните депозити, при забрзување на растот на краткорочните депозити. Показателот за учеството на годишната промена на паричната маса во БДП се задржа на релативно стабилно ниво и на крајот на годината изнесуваше 4,7% (4,8% во 2020 година). Притоа, во услови на закрепнување на економската активност, учеството на паричната маса во БДП на крајот на годината изнесуваше 71,6%, наспроти 74,2% во претходната година.

Табела 2
Компоненти на паричната маса – состојби и промени

| | Состојба | | | Годишна промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2019** | **2020** | **2021** | **2019** | **2020** | **2021** |
| | во милиони денари | | | во % | | |
| Готови пари во оптек | 36.108 | 43.701 | 44.480 | 12,0 | 21,0 | 1,8 |
| Депозитни пари | 139.580 | 160.765 | 177.716 | 18,7 | 15,2 | 10,5 |
| **М1** | 175.688 | 204.466 | 222.196 | 17,2 | 16,4 | 8,7 |
| Краткорочни денарски депозити до 1 година | 49.042 | 44.042 | 40.033 | -0,9 | -10,2 | -9,1 |
| Краткорочни девизни депозити до 1 година | 120.160 | 134.950 | 160.778 | 4,9 | 12,3 | 19,1 |
| **М2** | 344.889 | 383.458 | 423.007 | 9,9 | 11,2 | 10,3 |
| Долгорочни денарски депозити над 1 до 2 години | 36.845 | 30.665 | 27.727 | -3,4 | -16,8 | -9,6 |
| Долгорочни девизни депозити над 1 до 2 години | 22.294 | 22.108 | 24.020 | 3,9 | -0,8 | 8,6 |
| **М3** | 404.028 | 436.231 | 474.753 | 8,2 | 8,0 | 8,8 |
| Долгорочни денарски депозити над 2 години | 35.767 | 34.667 | 29.376 | 21,8 | -3,1 | -15,3 |
| Долгорочни девизни депозити над 2 години | 15.616 | 16.092 | 16.876 | 11,5 | 3,0 | 4,9 |
| **Вкупни депозити*** | 279.723 | 282.523 | 298.809 | 4,8 | 1,0 | 5,8 |
| **Вкупни депозити** | 419.303 | 443.288 | 476.525 | 9,0 | 5,7 | 7,5 |
| **М4** | 455.411 | 486.989 | 521.005 | 9,3 | 6,9 | 7,0 |

*без депозитни пари
Извор: НБРСМ.

Графикон 47
Парична маса, годишна промена и структура




Во 2021 година, вкупните депозити во финансискиот сектор остварија раст од 7,5%, којшто беше посилен во споредба со претходната година (5,7%[39]). Анализирано од секторски аспект, и натаму носител на растот се депозитите на домаќинствата, при истовремен раст на депозитите на претпријатијата. Анализирано од валутен и од рочен аспект, како и претходната година, се забележува раст на придонесот на девизните

[39] Со вклучување на податоците од банката во стечај, депозитниот раст во 2020 година изнесуваше 6,3%.

депозити и на краткорочните депозити. Растат и депозитите во домашна валута (во целост како резултат на депозитните пари), но послабо во однос на претходните години.

Графикон 48
Вкупни депозити (со депозитните пари), годишна промена и придонес во промената од секторски аспект




Извор: НБРСМ.

Депозитите на домаќинствата[40] забележаа годишен раст од 7,1% во 2021 година (4,6% во 2020 година). Анализирано од аспект на рочната и валутната структура, во текот на 2021 година забрза растот на штедењето на домаќинствата на краток рок и во странска валута, при натамошно намалување на долгорочните депозити и забавување на растот на на денарските депозити.

Графикон 49
Вкупни депозити на домаќинствата, годишна промена и придонес во промената според рочната и валутната структура




Графикон 50
Вкупни депозити на претпријатијата, годишна промена и придонес во рочната и валутната структура




Извор: НБРСМ.

Во 2021 година, депозитите на претпријатијата забележаа раст од 11,6% (10,1% во 2020 година). Најголем придонес во растот и натаму имаат депозитните пари, при раст и на краткорочните депозити, додека долгорочните депозити минимално се намалија. Од валутен аспект, девизните депозити придонесуваат за поголем дел од растот на вкупните депозити на претпријатијата, при позитивен придонес и на денарските депозити (со вклучени депозитни пари).

Имајќи ги предвид ваквите остварувања, степенот на евроизација, мерен преку учеството на депозитите со девизна компонента во вкупните депозити на банкарскиот

[40] Податоците за депозитите ги вклучуваат и депозитните пари.

систем, во 2021 година, умерено се зголеми на нивото од 43% (39,8% во претходната година). Кај депозитите на домаќинствата, учеството на депозитите со девизна компонента достигна 50,3% (47,1% во претходната година), што сепак претставува умерено зголемување на склоноста на домаќинствата за штедење во странска валута, во споредба со поизразеното нагорно поместување на почетокот на глобалната финансиска криза.

### 3.5.2. Кредитна активност

И во текот на 2021 година, банкарскиот сектор обезбедува солидна кредитна поддршка на домашната економија, а растот на вкупните кредити забрза и достигна 8,3% (4,7%[41] во 2020 година). Притоа, задржаниот олабавен карактер на монетарната политика, како и здравата солвентна и ликвидносна позиција на банките, надополнето со државниот пакет мерки за поддршка на кредитната активност при крајот на годината, се фактори коишто имаа стимулативно влијание врз понудата на кредитите. Годишниот прираст на вкупните кредити во БДП на крајот на 2021 година достигна 4,1%, наспроти 2,4% во 2020 година, додека учеството на кредитите во БДП се намали на 53,2% (54,5% во претходната година).

Графикон 51
Вкупни кредити и активна каматна стапка




Графикон 52
Вкупни кредити, учество во БДП




Извор: НБРСМ.

Според Анкетата за кредитната активност на Народната банка, во 2021 година се забележува нето-зголемување на побарувачката за кредити од страна на домаќинствата и претпријатијата, при нето-олеснување на кредитните услови кај домаќинствата и умерено нето-заострување кај претпријатијата. Од аспект на ризиците, кај претпријатијата и понатаму се забележува зголемување на согледувањата за ризикот, но значително поумерено во однос на минатата година, анализирано преку очекувањата на банките за вкупната економска активност.

Кредитната поддршка на банките, во 2021 година, речиси подеднакво беше насочена кон претпријатијата и домаќинствата, при забележително забрзување на кредитирањето на претпријатијата. Во однос на кредитирањето на домаќинствата, анализата според индивидуалните типови кредити укажува дека носител на растот се станбените кредити, при одредено забрзување на растот и на потрошувачките кредити.

[41] Со вклучување на состојбата на одобрените кредити од банката во стечај, кредитниот раст во 2020 година изнесуваше 6,4%.

Од валутен и рочен аспект, годишниот раст на вкупните кредити во поголем дел е резултат на денарските кредити, како и на долгорочните кредити.

Графикон 53
Вкупни кредити, годишна промена и секторска структура




Извор: НБРСМ.

Графикон 54
Вкупни кредити на домаќинствата, годишна промена и структура по намена




Графикон 55
Понуда и побарувачка (нето-проценти)*




* Кај кредитните услови, негативен нето-процент значи олеснување на кредитните услови. Кај побарувачката, негативен нето-процент значи намалување на побарувачката.

Графикон 56
Согледувања за ризикот од страна на банките (нето-проценти)*




*Кај домаќинствата, прикажан е просек од нето-процентите на факторите на ризик коишто влијаат врз кредитните услови при одобрувањето на станбените и потрошувачките кредити.

Подетални информации за анкетите на кредитната активност се наоѓаат на интернет-страницата на НБРСМ.
Извор: Анкета за кредитната активност, НБРСМ.

# IV. Макроекономскиот амбиент и монетарната политика во 2022 - 2024 година[42]

Монетарната политика на Народната банка и натаму ќе биде насочена кон одржување на ценовната стабилност, како основна монетарна цел дефинирана согласно со законските одредби. Народната банка и во следниот период ќе придонесува за одржување стабилен и конкурентен банкарски сектор и ќе ја поддржува општата економска политика и економското закрепнување, во услови на продолжено траење на пандемијата, како и геополитички ризици, без притоа да го загрози остварувањето на основната цел. За остварување на законски дефинираната цел, Народната банка ќе продолжи со примената на стратегијата на одржување стабилен номинален девизен курс на денарот во однос на еврото. Значењето на девизниот курс за одржување на ценовната стабилност и стабилните инфлациски очекувања на економските субјекти произлегува од карактеристиките на домашната економија, како мала и отворена, со висока увозна зависност. Оперативната рамка на монетарната политика, како и досега, ќе биде поставена на флексибилна основа, којашто ќе овозможи стабилна ликвидност и рамнотежа на девизниот пазар. На тој начин, монетарната политика ќе придонесува за одржување на вкупната макроекономска стабилност, како клучен фактор во создавањето поволен амбиент за одржлив економски раст.

*Народната банка, во текот на 2021 година водеше приспособлива монетарна политика, сведувајќи ја основната каматна стапка на историски најниското ниво од 1,25%, со што од почетокот на пандемијата постојано придонесува за поддршка на кредитните текови и одржување на ликвидноста во банкарскиот систем, а заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија.* Олабавениот карактер на монетарната политика се спроведуваше во услови на солидно ниво на девизни резерви и умерена инфлација, под влијание на фактори на страната на понудата и привремените несовпаѓања на понудата и побарувачката предизвикани од пандемијата, коишто беа посилно изразени во последниот квартал од годината.

*Според последните официјални макроекономските проекции на Народната банка,* закрепнувањето на домашната економија се одвива согласно со очекувањата, и покрај неизвесноста поврзана со пандемичната криза и појавата на нов бран од пандемијата при крајот на 2021 година. Притоа, во проекциите на растот се содржани претпоставки за подобрување на надворешното окружување, при оцени за поизразено закрепнување на странската побарувачка и поповолна ценовна конјунктура кај металите, што ќе делува стимулативно врз домашниот извозен сегмент. Од друга страна, неповолен фактор од надворешното окружување којшто дојде до израз во последниот период претставуваат нарушувањата на глобалните синџири на снабдување, транспорт и логистика, коишто влијаат врз редовниот процес на производство на светско ниво, особено во автомобилскиот сектор и во прехранбената индустрија, како и зголемените инфлациски притисоци и енергетската криза. Ваквите неповолни трендови и нивните ефекти врз економијата се оценуваат како привремени, при што се задржани очекувањата за нивно стабилизирање во текот на 2022 година. Сепак, тековните ескалации на руско-украинската криза и воените дејствија се нов и неочекуван, неповолен фактор на ризик за проектираниот раст, преку каналот на странската побарувачка и продлабочување на енергетската криза, но и преку општата зголемена неизвесност. Во поглед на домашниот амбиент, последните проекции упатуваат дека

[42] Во овој дел е даден осврт на макроекономските проекции на Народната банка од октомври 2021 година.

спроведувањето на процесот на имунизација и натаму позитивно ќе делува врз довербата и однесувањето на економските субјекти, придонесувајќи и за подобрување на економските услови, при очекувања за постепено стабилизирање на епидемиолошката состојба и постепено исцрпување на негативните ефекти од здравствената криза. Според ова, се очекува дека домашната економска активност ќе се врати на нивото од пред пандемијата во текот на 2022 година, со очекувана стапка на раст од 3,9%. Растот на економијата ќе продолжи и во 2023 и 2024 година, со иста очекувана стапка како во април, од 4%. Гледано од аспект на структурата на БДП, и натаму се предвидува дека економскиот раст во наредниот период во целост ќе произлезе од домашната побарувачка, којашто би остварила повисок позитивен придонес за растот, наспроти нето-извозот, којшто би имал поизразен негативен придонес.

По привременото забрзување во 2021 година, под влијание на факторите на страната на понудата, остварувањата и очекувањата расположливи во периодот на октомвриските проекции упатуваа дека во текот на 2022 година може да се очекува забавување на растот на цените во домашната економија, при што стапката на инфлација во просек би изнесувала 2,4%. Со стабилизирањето на глобалните пазари на примарните производи и намалувањето на притисоците од увозните врз домашните цени, се предвидува дека инфлацијата ќе се намали во 2023 година и повторно ќе се сведе на историскиот просек од 2%, задржувајќи се на тоа ниво и во 2024 година. Ваквото надолно придвижување на инфлацијата во голема мера произлезе од вградените претпоставки за поумерен раст на цените на енергентите на светските берзи, за што тековно постојат изразени нагорни ризици, дополнително нагласени со случувањата во Украина, што меѓу другото предизвикува силен притисок врз цените на суровините на светските пазари.

Оцените за надворешната позиција на економијата, согласно со досегашните остварувања, се поволни за среднорочниот период. Според очекувањата за стабилизирање на движењата во глобалната економија во втората половина од 2022 година, дефицитот на тековната сметка би се задржал на 3,8% од БДП во 2022 година, при проектирано стабилизирање на дефицитот во размената на стоки и услуги, малку понизок дефицит кај примарниот доход, како и релативно стабилни нето-приливи од тековните трансфери. За периодот 2023 – 2024 година е предвидено понатамошно подобрување на тековната сметка, при што просечниот дефицит би изнесувал 2% од БДП, во услови на постепено исцрпување на ризиците од пандемијата, стабилизирање на состојбата во глобални рамки, како со синџирите на снабдување, така и со привремените ценовни притисоци особено врз енергијата, што би предизвикало позначително подобрување кај салдото на стоки и услуги. Се предвидува дека задолжувањето на јавниот сектор и понатамошниот раст на странските директни инвестиции ќе бидат примарни извори на финансирање на дефицитот во тековната сметка, при што би се овозможило и дополнително зголемување на девизните резерви. Во целиот период на проекцијата се очекува задржување на девизните резерви на соодветното ниво. Посочените геополитички ризици се однесуваат и на проекциите во надворешниот сектор, со оглед на увозната зависност на македонската економија, но и можноста за зголемување на одбивноста кон ризик на глобалните инвеститори, со ефект врз капиталните текови.

Кредитната активност на банкарскиот систем и натаму е еден од важните фактори за поддршка на економскиот раст. Во овој поглед придонес има задржаниот олабавен карактер на монетарната политика, како и здравата солвентна и ликвидносна позиција на банките, како фактори коишто и натаму имаат стимулативно влијание врз

понудата на кредитите. Податоците за кредитниот пазар во 2021 година упатуваат на забрзана кредитна активност и задржување солидни стапки на раст во наредните три години. Во услови на раст на домашната економија, стабилизација на очекувањата и зголемена побарувачка на кредити од домаќинствата и корпоративниот сектор, во следниот период се очекува постепено стабилизирање на кредитната активност, со просечна стапка на раст од 6,9% во периодот 2022 – 2023 година и 7,8% во 2024 година. Кредитниот раст, како и досега, ќе биде поддржан од солидниот депозитен раст, како главен извор на финансирање на банките. Согласно со оцените за стабилизирање на амбиентот, засилување на економската активност и натамошен раст на склоноста за штедење во банките, се очекува проектирана просечна стапка на годишен раст на депозитите од 7,5% во периодот 2022 – 2023 година и 8% во 2024 година.

*Неизвесноста и ризиците тековно се нагласени, како во глобални рамки, така и во домашната економија.* Покрај главниот надолен ризик поврзан со идниот тек на пандемијата, односно со опасностите од ширењето на нови соеви, што би можело да доведе до евентуално повторно воведување построги рестриктивни мерки, како и до влошување на глобалните трговски текови и до поизразено и подолготрајно нарушување на глобалните синџири на снабдување, дополнително се оствари и геополитичкиот ризик, чиишто времетраење и ефекти засега се многу неизвесни. Во услови на натамошен раст на цените на примарните производи, тековните случувања може да предизвикаат зголемени инфлациски притисоци и подолгорочни инфлациски очекувања, наметнувајќи потреба од посилно затегнување на монетарната политика во развиените земји.

Во фискалната сфера, на среден рок, се очекува постепена буџетска консолидација. Буџетскиот дефицит би се финансирал комбинирано, од домашни и од надворешни извори. Поставеноста на фискалната политика е проследена со ризици коишто, исто како и кај монетарната политика, произлегуваат од изгледите за справувањето со пандемијата, како во домашната економија, така и во глобални рамки, но и од промените во финансиските услови.

*Народната банка и натаму внимателно ќе ги следи тековните движења и присутните ризици од домашниот и надворешниот амбиент и соодветно на нив, ќе ја оценува и ќе ја приспособува поставеноста на монетарната политика.*

## V. Монетарни инструменти

*Во услови на солиден економски раст при променливи движења во домашната економија, главно предизвикани од случувањата во надворешното окружување, но и од неизвесните економски ефекти поврзани со развојот и справувањето со пандемијата, Народната банка и во 2021 година спроведуваше олабавена монетарна политика, преку натамошно намалување на основната каматна стапка и задржување на ликвидноста во домашна валута на релативно високо ниво. Имено, основната каматна стапка еднократно беше намалена на историски најниското ниво од 1,25%, а заради зголемена ликвидносна поддршка на банкарскиот систем, проширување на инвестициските можности на банките и финансиска поддршка на економскиот раст, Народната банка го задржа износот на основниот инструмент на истото ниво. Поддршката на економијата беше овозможена и со натамошната примена на нестандардната мерка кај задолжителната резерва, којашто овозможува целна кредитна поддршка на најпогодените сектори.*

При солидно ниво на девизните резерви, отсуство на изразени инфлациски притисоци и тежнеење кон дополнително олеснување на финансиските услови и поддршка на реалните текови во економијата, Народната банка во првиот квартал од 2021 година го продолжи циклусот на олабавување на монетарната политика. Така, во март ја намали основната каматна стапка којашто се применува на благајничките записи за 0,25 п.п., на историски најниското ниво од 1,25%[43]. Олабавениот карактер на монетарната политика, примената на помалку рестриктивни мерки за справување со новите бранови на ковид-19, имунизацијата на населението и нормализацијата на деловните процеси позитивно се одразија на домашното окружување и овозможија натамошни поволни трендови на домашните финансиски пазари, коишто започнаа во втората половина на 2020 година. Имено, во првите три квартали од годината на девизниот и на менувачкиот пазар, намалената склоност на населението за странски парични средства и зголемените девизни приливи од приватни трансфери овозможија постојан пораст на нето-понудата на девизи од овие субјекти и нејзино нормализирање на преткризните нивоа. Овие трендови придонесоа за зголемување на девизната ликвидност на банките и интервенции на Народната банка за нето-откуп на вишокот девизни средства од банкарскиот систем. Стабилизирањето на очекувањата на домашните субјекти беа видливи и преку нормализирањето на побарувачката на денарска готовина[44]. Во истиот период, целните буџетски мерки за ревитализација на домашната економија, иако поумерени во споредба со 2020 година, доведоа до натамошен раст на ликвидните средства на банките во домашна валута.

Поволните трендови на девизниот пазар се променија во четвртиот квартал од годината, како последица на ризиците коишто доаѓаа од надворешното окружување на домашната економија. Промените на овој пазарен сегмент коишто се одразија со зголемена побарувачка на девизи беа предводени од компаниите од енергетскиот сектор, како резултат на повисоките цени на енергенсите на светските пазари. Растот на цените на енергенсите и примарните производи на меѓународните финансиски пазари, како и умерениот раст на инфлацијата во домашни и во меѓународни рамки,

---

[43] Следствено, пониски каматни стапки се применуваа и на репо-аукциите за креирање ликвидност и на расположливите кредити преку ноќ, чијашто каматна стапка е еднаква, односно повисока за 0,5 процентни поени во однос на каматната стапка на благајничките записи, соодветно.
[44] Промената на готовите пари во оптек во првите девет месеци од годината ја следеше динамиката од преткризните години, но и натаму беше на умерено повисоко ниво.

создадоа зголемени инфлациски очекувања кај населението, со што се зголеми склоноста за одржување странски парични средства. Ваквите случувања наметнаа потреба за зајакната комуникација на Народната банка со јавноста, но и за интервенции за продажба на девизи на домашните банки, овозможувајќи натамошно одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот. Присуството на Народната банка на девизниот пазар, поддржано од солидното ниво на девизните резерви, овозможи постојано одржување на девизната ликвидност на банкарскиот систем на соодветното ниво[45], така што Народната банка и во 2021 година немаше потреба од користење средства од репо-линијата со ЕЦБ, за обезбедување девизна ликвидност во евра[46]. Ликвидносиот ефект од интервенциите на Народната банка со банките поддржувачки беше делумно надминат со зголемената буџетска потрошувачка, а заради финансиска поддршка на увозот и производството на електрична енергија. Истовремено, за раст на дел од слободните средства на банките придонесоа и готовите пари во оптек, коишто со исклучок на сезонскиот раст на побарувачката на денарска готовина непосредно пред новогодишните празници, во четвртиот квартал од 2021 година имаа изразена надолна динамика[47].

Графикон 57
Коридор на каматни стапки




* 7РД – седумдневни расположливи депозити; ДПН – депозити преку ноќ; КПН – кредит преку ноќ

Графикон 58
Благајнички записи и вишок ликвидни средства на банките[48]




[45] Управувањето со девизната ликвидност на банките вклучуваше и можност за нив да пласираат и безризични пласмани во евра кај Народната банка со рочност од 1 и 3 месеци. Банките имаа умерен интерес за пласирање средства во овој инструмент, којшто Народната банка го активира во август 2020 година.
[46] Во август 2020 година, ЕЦБ воспостави репо-линија за Народната банка за обезбедување девизна ликвидност во вкупен износ од 400 милиони евра. Оваа линија е достапна до март 2022 година и создава дополнителен простор за брзо и ефикасно дејствување на Народната банка доколку има потреба за обезбедување девизна ликвидност на евра за банките во земјата. Во март 2022 година, репо-линијата беше продолжена до јануари 2023 година, заради глобалните последици од руско-украинската криза.
[47] Надолниот тренд во последните три месеци од годината предизвика двојно послаб годишен раст на готовите пари во оптек (1,3 милијарди денари) во однос на просекот за преткризните години, со што се неутрализираа околу 50% од повисокиот раст на побарувачката на денарска готовина во 2020 година.
[48] Вишокот ликвидни средства на банките се однесува на првиот ден од периодот на задолжителна резерва кога се одржува аукцијата на благајнички записи и го претставува вкупниот износ на средствата на редовните сметки на банките кај Народната банка, достасаниот износ на благајничките записи и расположливите депозити кај НБРСМ и побарувањата од пазарот на пари, намалени за обврските на пазарот на пари и износот на задолжителната резерва за претстојниот период.

Графикон 59
Текови на ликвидност од автономни фактори




* ОАФ – Останати автономни фактори
Извор: НБРСМ.

Графикон 60
Состојба на монетарните инструменти




Заради создавање простор за искористување на вишокот денарски средства за натамошна кредитна поддршка на економијата, и покрај годишниот раст на денарската ликвидност на банките којашто постојано е на релативно високо ниво, Народната банка во текот на целата година го задржа истиот износ на благајнички записи од 10 милијарди денари[49]. И во текот на 2021 година, банките го насочуваа вишокот парични средства главно во расположливите депозити кај Народната банка[50], коишто овозможуваат флексибилност во управувањето со краткорочните ликвидносни промени и висока достапност на средствата. Од аспект на рочноста, слично како и претходните неколку години, банките во 2021 година засилено ги користеа расположливите депозити преку ноќ, чијашто просечна состојба на крајот од годината изнесуваше 34,5 милијарди и беше повисока од нивото пред почетокот на пандемијата за околу 3 милијарди денари[51]. Токму поради високиот износ на слободни средства, банките немаа потреба од обезбедување парични средства од Народната банка преку кредитите преку ноќ и преку репо-аукциите за креирање ликвидност (коишто се одржуваа еднаш неделно). Исто така, солидната ликвидносна позиција им овозможи на банките да имаат само повремена и ниска потреба за задолжување на меѓубанкарскиот пазар на необезбедени депозити.

### Прилог 1. Движења на девизниот пазар[52] и интервенции на Народната банка

*Во 2021 година, на девизниот пазар во трансакциите на банките со своите клиенти, беа забележани значително подобри годишни остварувања со физичките лица и менувачниците.* Имено, целните мерки за спречување на ширењето на вирусот, имунизацијата на населението и олеснувањето на условите за меѓународно движење на патниците позитивно се одразија на понудата на девизи од страна на физичките лица на девизниот и на менувачкиот пазар, којашто забележа солиден прираст и придонесе за зголемување на приливите на девизи во банкарскиот систем. Повисоката понуда на странски ефективни пари од физичките лица на менувачкиот пазар (и тоа особено во трансакциите со менувачниците) придонесе за значително зголемување (вкупно за 399,7 милиони евра, на годишна основа) на вишокот девизни средства коишто менувачниците им го нудат на домашните банки и целосно нормализирање на движењата на предпандемичните нивоа. Поволни трендови имаше и во трансакциите со физичките лица, каде што нето-продажбата на девизи на банките за потребите на овие субјекти беше пониска за 32,3 милиони евра, во споредба со 2020 година.

[49] На аукциите на благајнички записи, коишто се одржуваат на првиот ден од периодите на задолжителната резерва, се применува тендер со износи (ограничен износ на понуда и фиксно утврдена каматна стапка).
[50] Каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и со рочност од седум дена во 2021 година беа задржани на нивото од 0,15% и 0,30%, соодветно.
[51] Пласманите во седумдневните расположливи депозити кај Народната банка во текот на годината беа релативно ниски и стабилни, во просек околу 1.000 милиони денари.
[52] Девизниот пазар во рамките на оваа анализа ги опфаќа трансакциите помеѓу банките и нивните клиенти и меѓубанкарското тргување.

Графикон 61
Нето-продажба на девизи на банките за нивните клиенти




Графикон 62
Годишна промена во понудата и побарувачката на девизи, по клиенти




Извор: НБРСМ

Графикон 63
Откуп на девизи на банките од менувачници, по квартали




Графикон 64
Нето-понуда/побарувачка на девизи од физички лица на девизниот пазар, по квартали




Извор: НБРСМ

*Постепеното закрепнување на економската активност во домашната економија, застојот во синџирите на снабдување и производство во глобални рамки, како и ценовните промени на меѓународните пазари во последниот квартал од годината се одразија врз понудата и побарувачката на девизи од компаниите*. Имено, нето-продажбата на девизи на банките за потребите на корпоративниот сектор беше повисока на годишна основа (за 406 милиони евра), при двојно повисок годишен прираст на побарувачката во однос на прирастот на понудата на девизи. Зголемената потреба за девизна ликвидност произлегуваше од компаниите за производство и трговија со нафта и електрична енергија, со оглед на неколкукратниот раст на цената на енергенсите на глобалните пазари. Променливата динамика на цените на примарните производи и храната на глобално ниво придонесе и за умерено повисока побарувачка на девизи од компаниите за трговија и производство со храна, пијалаци и тутун и трговија на големо. Еден дел од зголемената побарувачка беше задоволена од повисоката понуда на девизна ликвидност од компаниите за услуги од информатичкиот сектор и компаниите од металната и автомобилската индустрија.

Графикон 65
Побарувачка на девизи од фирмите на девизниот пазар, по квартали




Графикон 66
Понуда на девизи од фирмите на девизниот пазар, по квартали




Следствено, нето-продажбите на девизи на банките за потребите на клиентите втора година по ред се задржа на релативно високо ниво (769,6 милиони евра). Имајќи предвид дека банките ги обезбедуваа најголемиот дел од потребните девизни ликвидни средства од сопствените извори, но и на меѓубанкарскиот девизен пазар (промет од 1.025 милиони евра), интервенциите на Народната банка за нето-продажба на девизи во 2021 година (120 милиони евра) беа пониски за четирипати, во споредба со претходната година. Притоа, за разлика од 2020 година, кога Народната банка учествуваше на девизниот пазар само со продажба на девизи (со исклучок на малиот откуп остварен на крајот од годината), во 2021 година интервенира во двете насоки. Имено, при подобри пазарни трендови и солидна девизна ликвидност на банките во првите девет месеци од годината, Народната банка интервенира повремено, со нето-откуп на вишокот девизна ликвидност. Повисоката побарувачка на девизни средства (главно од компаниите) во четвртиот квартал од годината се пренесе на меѓубанкарскиот девизен пазар преку зголемување на побарувачката на девизи. Во такви околности, Народната банка во последните три месеци од годината интервенира на девизниот пазар со продажба на девизи. Покрај интервенциите на спот-сегментот, Народната банка во овој период делуваше и преку зајакната комуникација со јавноста заради нормализација на очекувањата на домашните субјекти и одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот во однос на еврото. Комотниот простор на Народната банка за учество на девизниот пазар беше поддржано од солидното и соодветно ниво на девизни резерви, поради што девизниот курс на денарот во однос на еврото се задржа на стабилно ниво.

Графикон 67
Интервенции на НБРСМ на девизниот пазар




Графикон 68
Среден курс на денарот во однос на еврото




Извор: НБРСМ

Заради постигнување на целите на монетарната политика, при управувањето со ликвидноста, и во 2021 година Народната банка ја користеше задолжителната резерва. Притоа, покрај основната функција на овој инструмент, Народната банка и натаму ја применува нестандардната мерка кај задолжителната резерва (активирана во март 2020 година), со цел да ја поддржи непречената кредитна поддршка на претпријатијата од дејностите коишто се најпогодени од здравствената криза[53]. Во 2021 година, со

[53] Со мерката се овозможува ослободување на дел од ликвидните средства што банките ги издвојуваат кај Народната банка врз основа на задолжителна резерва, преку намалување на основата од обврските во домашна валута за износот

натамошното постепено нормализирање на деловните процеси, кредитната активност кон целните сектори забави и придонесе за намалување на состојбата (за 1.257 милиони денари) на овие кредити на 5.696 милиони денари на крајот од декември. Најголемиот дел од целните кредити (49%) им се одобрени на компании од дејноста „товарен патен транспорт" којашто од септемврискиот период на исполнување не е активно поддржана[54], по што следат услужните дејности, „хотели" и „ресторани", коишто се застапени со 15% и 22%, соодветно. Од почетокот на примената на нестандардната мерка кај задолжителната резерва, се ослободени вкупно 456 милиони денари во банкарскиот систем.

Графикон 69
Промена на задолжителната резерва на банките




Графикон 70
Состојба на вкупните кредити по дејности погодени од ковид-19




Извор: НБРСМ.

Промените на денарските и на девизните обврски на банките[55] во најголем дел го условија историски највисокиот годишен раст на обврската на банките за задолжителна резерва, за вкупно 5.518 милиони денари. Притоа, задолжителната резерва во денари на годишна основа е повисока за 2.799 милиони денари (на нивото од 29.071 милион денари), а исклучителен раст имаше и задолжителната резерва којашто банките ја исполнуваат во евра (во противвредност за 2.719 милиони денари), достигнувајќи 21.013 милиони денари на крајот од годината. Ваквите промени кај задолжителната резерва од валутен аспект се одраз на релативно посилниот прираст на девизните во однос на натамошниот раст на денарските обврски на банките[56].

### Прилог 2. Движења на меѓубанкарскиот пазар на необезбедени депозити и секундарниот пазар на хартии од вредност[57]

*И во текот на 2021 година, поради високиот износ на слободни денарски средства, банките имаа многу мала и повремена потреба за задолжување на домашните финансиски пазари.* Следствено, на меѓубанкарскиот пазар на необезбедени депозити, побарувачката (8,93 милијарди денари) беше само умерено повисока на годишна основа, но и натаму значително пониска (за околу 80%)

---

на новоодобрени и реструктурирани кредити одобрени на претпријатијата коишто согласно со информациите од Владата на Република Северна Македонија се најпогодени од ширењето на ковид-19.

[54] Од септемврискиот период на исполнување на задолжителната резерва беа направени измени во опфатот на дејностите поддржани со нестандардната мерка кај задолжителната резерва, а имајќи ја предвид Листата со дејности поддржани со мерки на Владата на Република Северна Македонија.

[55] Во 2021 година, Народната банка не направи измени во стапките и основата на задолжителната резерва. На денарските обврски на банките и натаму се применува стапка на задолжителна резерва од 8%, за обврските во странска валута стапката на задолжителна резерва изнесува 15%, додека за износот на обврските на банките во денари со валутна клаузула банките имаат обврска да издвојат средства кај Народната банка на нивото од 50%.

[56] Подетално за промените на депозитната основа на банките во делот Монетарни агрегати.

[57] Анализата на пазарот на пари во Северна Македонија се однесува на следниве сегменти: пазар на необезбедени депозити, секундарен пазар на краткорочни хартии од вредност и долгорочни државни хартии од вредност (со исклучок на структурните обврзници), пазар на обезбедени депозити (репо-пазар).

во однос на просечната потреба на банките за надоместување на краткотрајните потреби за денарска ликвидност во периодот 2008 – 2018 година.

Графикон 71
Промет на меѓубанкарскиот пазар на необезбедени депозити




Графикон 72
Вишок ликвидност во банкарскиот систем[58] и задолженост на банките




Извор: НБРСМ

Слабата побарувачка на ликвидни средства на банките се одрази и на нивната просечна дневна задолженост (околу 142 милиона денари), којашто беше релативно стабилна на годишна основа. Покрај солидната денарска ликвидност, придонес кон нискиот обем на тргување со меѓубанкарски необезбедени депозити и во 2021 година имаше и рочната структура на тргувањето. Имено, банките го обезбедуваа најголемиот дел (85%) од потребните средства на рочност до една недела, со што четврта година по ред овие необезбедени депозити значително го надминуваат износот на заемите со рочност преку ноќ. Остварените каматни стапки на пазарот на необезбедени меѓубанкарски депозити во 2021 година беа на стабилно ниво. Просечната меѓубанкарска каматна стапка од сите трансакции (МБКС) на крајот на годината изнесуваше 1,09% и беше пониска за само 0,01 п.п. во однос на нивото од декември 2020 година. Најзастапените меѓубанкарски необезбедени заеми со рочност од 1 недела беа извршени по стабилна каматна стапка (во просек 1,07%), а на непроменето ниво (околу 1%) беше и каматната стапка на необезбедените депозити преку ноќ со коишто се тргуваше повремено. На ова ниво се одржуваше и меѓубанкарската каматна стапка за трансакциите преку ноќ (МКДОНИА).

*Обемот на истргувани хартии од вредност на секундарниот пазар во 2020 година изнесуваше 5.602 милиона денари и беше повисок за 27% во споредба со претходната година.* Од аспект на типовите трансакции, повисокиот промет главно се должи на дефинитивните трансакции со хартии од вредност, а на репо-пазарениот сегмент беше склучена само една трансакција во износ од 140 милиони денари. Кај дефинитивните трансакции, преовладуваше тргувањето со државните хартии од вредност во износ од 5.202 милиона денари (или 92,9% од вкупниот остварен промет). Во вкупниот износ на истргувани државни хартии од вредност е забележан обем на тргување со државните обврзници повисок за четирипати, којшто се објаснува главно со статусните промени на една банка. Овие трансакции, заедно со поактивното учество на банките на овој пазарен сегмент при управувањето со краткорочните ликвидносни промени придонесе за најголема застапеност (во вкупен износ од 4.352 милиона денари или 83,6%) на меѓубанкарските дефинитивни трансакции во вкупниот остварен промет со државни хартии од вредност. Од друга страна, обемот и фреквенцијата на трансакциите со државните хратии од вредност во коишто барем еден учесник е небанкарски субјект беа најниски во последните седум години. Сепак, и покрај годишниот пораст на тргуваните државни хартии од вредност на секундарниот пазар, неговото учество во вкупниот износ на издадени државни хартии од вредност во земјата е многу ниско (0,02%) и упатува на натамошна слаба ликвидност на овие инструменти на домашните финансиски пазари.

[58] Вишокот на ликвидност во банкарскиот систем претставува збир од средствата на банките на основната сметка кај Народната банка и средствата пласирани во расположливите депозити, намалени за износот на искористени средства од расположливите кредити преку ноќ.

Графикон 73
Промет на секундарниот пазар на хартии од вредност




Извор: НБРСМ

Графикон 74
Структура на дефинитивните трансакции со државни хартии од вредност[59]




[59] Коефициентот на ликвидност на ДХВ претставува соодност помеѓу остварениот промет од трансакциите со ДХВ на секундарниот пазар во текот на годината и просечната состојба на издадените ДХВ во истиот период.

# VI. Управување и инвестирање на девизните резерви

*Во 2021 година, девизните резерви на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: девизните резерви) се одржуваа на високо ниво, со што Народната банка успеа соодветно да им одговори на ликвидносните потреби и да обезбеди стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. На меѓународните пазари преовладуваа засилените очекувања за солидно глобално економско закрепнување при зголемени очекувања за инфлациски притисоци, со повремени периоди на песимизам кај инвеститорите поврзани со појавата на нови соеви на вирусот. Управувањето со девизните резерви во 2021 година, и покрај оптимизмот на глобално ниво, се одликуваше со претпазливост и приспособување на инвестициските одлуки кон променливите случувања на меѓународните пазари, што овозможи натамошно остварување на основните принципи: сигурност и ликвидност на девизните резерви, а беше постигната и одредена профитабилност, преку активно управување.*

## 6.1. Состојба и промени на девизните резерви

Во 2021 година, девизните резерви се зголемија за 283,4 милиони евра и на крајот на годината достигнаа 3.643 милиони евра, и покрај интервенциите на Народната банка на девизниот пазар, при нагласени инфлациски притисоци и енергетска криза во последниот квартал. Растот на девизните резерви произлезе од нето-приливите на државата од странство во износ од 198,2 милиона евра, за што најмногу придонесе општата распределба на средства од Меѓународниот монетарен фонд (166,5 милиони евра)[60]. За пораст придонесоа и приливите од склучените обезбедени своп-трансакции (103 милиони евра), коишто се применуваат при активното управување со девизните резерви, како и повисоката издвоена задолжителна резерва во евра и средствата на домашните банки на сметките во МИПС-ЕУР (90,3 милиони евра). Помал придонес имаше растот на вредноста на САД-доларот и златото[61], главно при раст на приносите и поволни остварувања на пазарите на сопственички хартии од вредност (акции) во САД заради засилени очекувања за солидно глобално економско закрепнување, како и согледувањата на инвеститорите за затегнување на политиката на ФЕД порано во споредба со претходните очекувања.

[60] Овие средства беа распределени од страна на ММФ за користење на Република Северна Македонија во август 2021 година, а во декември со „Законот за регулирање на обврските на Република Северна Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд врз основа на користење на средствата од општата нето кумулативна распределба на специјалните права на влечење одобрени со резолуција на одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд“ беше уредено нивното користење.

[61] САД-доларот апрецира во однос на еврото за 7,7%, што придонесе за зголемување на вредноста на златото во девизните резерви за 4,3%, и покрај годишниот пад на цената изразена во САД-долари од 3,8%.

Графикон 75
Фактори на промена на девизните резерви
во милиони евра




Графикон 76
Портфолија на девизните резерви
просечно ниво, во милиони евра




Извор: НБРСМ.

И во 2021 година, девизните резерви беа распределени во три портфолија (оперативно, ликвидносно и инвестициско портфолио), чиј обем беше активно приспособуван во согласност со краткорочните потреби за ликвидни девизни средства на домашниот девизен пазар и идните отплати на надворешниот јавен долг. Покрај за краткорочни ликвидносни потреби, средствата во состав на оперативното портфолио се одржуваа на релативно повисоко ниво во очекување поповолни услови за инвестирање, при исклучително ниски и негативни приноси на меѓународните финансиски пазари. Во структурата на девизните резерви, преку посебно портфолио и натаму се управуваше и со златото, чијашто сигурност и ликвидност е особено изразена во услови на променливи движења на финансиските пазари.

## 6.2. Услови на меѓународните финансиски пазари и активен пристап на инвестирање на девизните резерви

На меѓународните пазари во 2021 година, преовладуваа засилените очекувања на инвеститорите во светски рамки за солидно глобално економско закрепнување, во услови на натамошна поддршка за економиите од страна на носителите на политиките и напредок на процесот на вакцинација од корона-вирусот, додека периодите на песимизам кај инвеститорите беа привремени. Во текот на годината, со укинувањето на ограничувачките мерки за справување со пандемијата и постепеното закрепнување на личната побарувачка, сè поизразено беше нарушувањето на глобалните синџири на снабдување, коишто во комбинација со недостигот на работна сила, граничните контроли, барањата за повисоки плати и флексибилни работни аранжмани, придонесоа за намалена понуда на производи и услуги и го покренаа циклусот на растечка инфлација на глобално ниво. Инфлациските притисоци беа дополнително засилени кон крајот на годината под влијание на енергетската криза (пред сè во Европа)[62]. Следствено, учесниците на меѓународните финансиски пазари ги засилија очекувањата за нормализирање на монетарните политики на водечките централни банки. Во такви услови, приносите на државните обврзници во САД значително се зголемија на годишна основа, приносите на најбезбедните државни обврзници од еврозоната го следеа овој тренд, но поумерено (поизразен беше растот на приносите на обврзниците коишто содржат кредитна премија[63]), а цените на акциите остварија двоцифрени стапки на раст, достигнувајќи историски највисоки нивоа. Притоа, водечките централни банки укажаа на започнување на циклусот на постепено повлекување на монетарниот стимул и

[62] Енергетската криза предизвика силен пораст на цената на природниот гас (за околу 254% на годишна основа) и неколкукратен пораст на цената на електричната енергија во Европа.
[63] Се однесува на државните обврзници на периферни економии на еврозоната, колатерализирани хартии од вредност, корпоративни хартии од вредност на банки итн.

нормализирање на монетарните услови на глобално ниво, што беше во склад со пазарните очекувања. Така, ФЕД кон крајот на годината не само што го намали откупот на обврзници, туку одлучи тоа да се оствари забрзано. На состанокот на ЕЦБ во јули, согласно со новата стратегија на централната банка, беше објавено дека се очекува задржување на каматните стапки на тековното или на пониско ниво со што инфлацијата би се стабилизирала на нивото од 2%, на среден рок. Во декември, ЕЦБ најави завршување на примената на програмата за откуп на хартии од вредност воведена поради пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19 (Pandemic Emergency Purchase Program, PEPP) до крајот на март 2022 година и најави привремено зголемување на нето-откупот на обврзници преку програмата за откуп на хартии од вредност (Asset Purchase Programme, APP), чијашто примена би продолжила сè додека се согледува потреба од неа. Претседателката на ЕЦБ изрази загриженост околу инфлациските притисоци и потврди дека тие се од потраен карактер во споредба со претходните проценки.

Постојаната присутност на најголемите централни банки на финансиските пазари и обемните монетарни и фискални програми за поддршка на економиите придонесоа за подобрување на изгледот за инструментите коишто содржат кредитна премија, како и за финансиските институции, при што се обновија краткорочните пласмани кај деловните банки, на необезбедена и обезбедена основа. Најавите, пак, за нормализирање на монетарната политика и следствено, растот на приносите, придонесоа за пониска пазарна вредност на инструментите со фиксен принос, но отвори нови инвестициски можности за расположливите средства и во услови на кратко приспособено времетраење на портфолијата, овозможи поповолни услови за реинвестирање. Сепак, променливите случувања на меѓународните пазари наметнаа потреба од претпазливост и активно приспособување на инвестициските одлуки при управувањето со девизните резерви, заради натамошно непречено постигнување на основните инвестициски принципи: сигурност, ликвидност и профитабилност. Водејќи се од принципот на сигурност на инвестициите на девизните резерви, којшто има највисок приоритет, Народната банка и во текот на 2021 година голем дел од новите инвестиции на девизните резерви ги насочи кон најбезбедните финансиски инструменти, а заради обезбедување дополнителни приходи се продолжи и со активното управување на девизните резерви преку склучување репо и обратни репо-трансакции и обезбедени трансакции на злато (своп-трансакции), со евра и јапонски јени, како и преку трансакции со фјучерси.

### 6.3. Структура на девизните резерви

Во 2021 година, **во валутната структура** на девизните резерви и натаму најзастапени беа средствата инвестирани во финансиски инструменти деноминирани во евра, со просечно учество од околу 95%, што е во согласност со потребата за располагање со средства за поддршка на монетарната стратегија на стабилен девизен курс на денарот спрема еврото. Останатиот дел од девизните резерви се состоеше од специјални права на влечење, стекнати со општата распределба на средства од Меѓународниот монетарен фонд, јапонски јени од склучените обезбедени трансакции, како и инструментите во САД-долари[64].

[64] Валутната структура е анализирана во однос на состојбата на девизните резерви намалена за износот на златото.

Графикон 77
Валутна структура[65] и изложеност на девизните резерви
(просечно годишно)




Извор: НБРСМ.

Во јануари беше намалено учеството на САД-доларите во девизните резерви во очекување на депрецијација на САД-доларот во 2021 година и ниска толеранција за валутен ризик. Анализите на почетокот на годината упатуваа на можна пониска вредност на американската валута поради структурните дефицити во фискалниот и надворешниот сектор на САД, ревидираната монетарна стратегија на ФЕД, намалената каматна предност на финансиските пазари на САД и очекувањата за побрз глобален економски раст поддржан токму од намалената вредност на САД-доларот.

Претпазливиот и активен пристап на управување со девизните резерви којшто вклучуваше насоченост кон најбезбедните финансиски инструменти заради исполнување на принципот на сигурност на девизните резерви, придонесе за умерен пораст на просечното учество на инструментите издадени од издавачи/земји со **највисоки оценки за кредитен рејтинг** (од „ААА" до „АА-") (на околу 70%). Овие инструменти имаат најниска изложеност на кредитен ризик и се сметаат за најсигурни инвестиции, а истовремено ниските и негативни приноси и поставеноста на кривите на принос и во текот на 2021 година не нудеа соодветен надомест за преземање каматен и кредитен ризик. Сепак, со оглед на негативните приноси на должничките хартии од вредност, а заради зачувување на вредноста на девизните резерви, значителен дел од инвестициите (или во просек околу 18%) беа инвестирани и во инструменти со оценка за кредитен рејтинг од „А+" до „А-". Овие инвестиции, исто така, се одликуваат со високо ниво на сигурност и ликвидност, но овозможуваат умерено повисок принос на средствата. Најголемиот дел од овие инструменти имаат пократка рочност и се издадени од реномирани деловни банки (6,5% од девизните резерви). Ваквата распределба соодветно се одрази и врз **географската структура** на пласманите на девизните резерви. Така, во 2021 година најголемиот дел од инвестициите беа насочени кон инструменти издадени од водечките економии од еврозоната (во просек 48%)[66], но исклучително ниските приноси на овие финансиски производи условија изложеност и кон останатите држави од еврозоната и од Европската Унија (23,7%)[67].

[65] Основната валутна структура на девизните резерви е во согласност со валутната структура на интервенциите на домашниот девизен пазар, обврските на државата кон странство, надворешнотрговската размена на државата и останата ликвидносни потреби. Тактичката валутна структура се определува врз основа на периодично преиспитување на стратегиската распределба на девизните резерви, во рамките на дозволените отстапувања од основната валутна структура.
[66] Се однесуваат на т.н. „јадро на еврозоната", во коишто се вклучени: Германија, Австрија, Луксембург, Финска, Холандија, Франција и Белгија.
[67] Во „останати земји од еврозоната и ЕУ" се опфатени: Шведска, Литванија, Полска, Чешка и Словенија.

Графикон 78
Просечна годишна структура на инвестициите по кредитен рејтинг




*во категоријата останати се класифицирани ММФ, БИС
Извор: НБРСМ

Графикон 79
Просечна годишна географска структура на инвестициите




*МФИ и МРБ – меѓународни финансиски институции и мултилатерални развојни банки

Од аспект на **типовите инструменти во коишто се инвестирани девизните резерви**, и натаму најголемиот дел од средствата беа пласирани во хартии од вредност (75,5%). Помеѓу типовите хартии од вредност преовладуваа државните хартии од вредност и хартиите од вредност издадени со државна гаранција, коишто имаат карактер на најсигурни инвестиции. Во текот на годината се обновија и краткорочните пласмани кај деловните банки, на необезбедена и обезбедена основа, но во обем понизок од просечниот во 2020 година. Исто така, дел од вложувањата во корпоративни обврзници издадени од финансиски институции се и во „зелени обврзници", што е во согласност со заложбите на Народната банка за воспоставување одржливо и одговорно инвестирање и управување со ризиците во финансискиот сектор коишто произлегуваат од климатските промени. Дел од девизните резерви во 2021 година се одржуваше и на тековните сметки (просечно околу 12,6%), и тоа главно кај централните банки, а во мал дел и во странски деловни банки, заради обезбедување ликвидност на девизните резерви, но и во очекување на поповолни услови за инвестирање, во согласност со проекциите за раст на приносите при постепено повлекување на монетарниот стимул од страна на централните банки на водечките економии.

Во структурата на девизните резерви, просечното учество на **златото** умерено се намали, од 10,4% во 2020 година на 9,1% во 2021 година, што при непроменета количина и повисока вредност изразена во евра, во целост е резултат на растот на девизните резерви.

Графикон 80
Структура на инвестициите по инструменти просечно годишно




Извор: НБРСМ

Графикон 81
Структура по типови хартии од вредност просечно годишно



### 6.4. Резултати од управувањето и инвестирањето на девизните резерви

За позитивни финансиски резултати во 2021 година придонесоа поволните остварувања од активно управување со златото, валутите, репо и обратно репо-трансакциите, како и трансакциите со фјучерси, така што **вкупната стапка на поврат од инвестирање и управување со девизните резерви изнесуваше 0,15%**. Од аспект на инвестирањето, негативниот принос на инструментите во моментот на инвестирањето во најголема мера придонесе за повратот на портфолијата на девизните резерви, надополнет со растот на приносите во 2021 година којшто предизвика умерено намалување на пазарната вредност на хартиите од вредност со фиксен принос. Активното управување со девизните резерви, преку заземање позиции различни од оние содржани во референтните портфолија, имаше поволен ефект врз остварувањата и придонесе за умерено натфрлање на резултатите на портфолијата за тргување во однос на соодветните референтни портфолија. Во најголем дел, релативно повисокиот поврат се должеше на изборот на инструменти, односно на повисокоприносните инструменти во коишто се инвестирани девизните резерви во споредба со инструментите содржани во референтните портфолија.

Анализирано по портфолија, оперативното портфолио во евра има негативен придонес кон приходите од инвестирање на девизните резерви, со оглед на потребата од одржување веднаш расположливи средства во евра на тековни сметки кај централните и деловните банки, а на коишто се применуваат негативни каматни стапки. Инвестициското портфолио во евра[68] коешто опфаќа најголем дел од девизните резерви и вклучува инструменти со подолга рочност (и покрај најбезбедните инструменти содржи и инвестиции во инструменти коишто нудат премија за кредитниот ризик) и ликвидносното портфолио во евра , коишто се со пократко времетраење во споредба со инвестициското портфолио, под влијание на негативниот принос до достасување на инструментите и растот на приносите во еврозоната имаа негативни стапки на поврат. Остварувањата на сите портфолија во евра ги натфрлија соодветните референтни портфолија, коишто содржат само најбезбедни инструменти со значително негативни приноси.[69]

Ликвидносното портфолио во САД-долари имаше позитивен поврат, заради позитивните приноси во САД, како и заради позитивните остварувања од активното управување со девизните резерви преку фјучерси на каматни стапки.

---

[68] Коишто се наменети за задоволување на сите договорни и потенцијални одливи во текот на една година.

[69] Инвестициското портфолио во евра се управува во однос на референтно портфолио, претставено преку комбинација од следниве референтни индекси коишто ги објавува Intercontinental Exchange® (ICE): ЕГ6И (EG6Y) составено од државни хартии од вредност издадени од земји-членки на евро-зоната со оценки за кредитен рејтинг од најмалку „АА“ и со преостанат рок до достасување од 0 до 3 години; и ЕГ62 (EG62) составено од државни хартии од вредност издадени од земји членки на еврозоната со оценки за кредитен рејтинг од најмалку „АА“ и со преостанат рок до достасување од 3 до 5 години; ЕГ63 (EG63) составено од државни хартии од вредност издадени од земји членки на еврозоната со оценки за кредитен рејтинг од најмалку „АА“ и со преостанат рок до достасување од 5 до 7 години. Основното приспособено времетраење на референтното портфолио соодветствува со приспособеното времетраење на инвестициското портфолио. Ликвидносното портфолио во евра се управува во однос на референтно портфолио, претставено преку комбинација од следниве референтни индекси коишто ги објавува Intercontinental Exchange® (ICE): ЕГ6ВВ (EG6W) составен од државни хартии од вредност издадени од земји членки на еврозоната со оценки за кредитен рејтинг од најмалку „АА“ со преостанат рок до достасување од 0 до 1 година; ЕГ61 (EG61) составен од државни хартии од вредност издадени од земји членки на еврозоната со оценки за кредитен рејтинг од најмалку „АА“ со преостанат рок до достасување од 1 до 3 години; и ЕГ62 (EG62) составен од државни хартии од вредност издадени од земји членки на еврозоната со оценки за кредитен рејтинг од најмалку „АА“ и со преостанат рок до достасување од 3 до 5 години. Основното приспособено времетраење на референтното портфолио соодветствува со приспособеното времетраење на ликвидносното портфолио.

Графикон 82
Стапки на поврат на девизните резерви70
Во проценти




Извор: НБРСМ.

Графикон 83
Стапки на поврат по портфолија во 2021 година




Дел од инвестициите на девизните резерви во рамките на инвестициското портфолио се насочени и кон хартии од вредност коишто се чуваат до достасување[71]. Овие хартии од вредност, според своите карактеристики, имаат предвидлив и стабилен поврат и следствено ја намалуваат изложеноста на каматен ризик. Нивото на портфолиото до достасување во евра во текот на 2021 година беше релативно стабилно. Ова портфолио оствари позитивни стапки на поврат, со оглед на тоа дека е составено од државни обврзници издадени од земји членки од еврозоната коишто имаат позитивен принос до достасување.

Графикон 84
Карактеристики на портфолијата до достасување во 2021 година
Во милиони евра
Во проценти




Извор: НБРСМ.

*НТМ (Held-to-maturity) - хартии од вредност до достасување

---

[70] Стапката на поврат на девизните резерви го опфаќа повратот од инвестирање и управување со девизните резерви, вклучувајќи пресметани ценовни промени на хартиите од вредност, остварени курсни промени од арбитражи со девизи и операции со злато и деривативни инструменти.
[71] Хартии од вредност класифицирани во финансиски инструменти коишто се мерат по амортизирана набавна вредност.

# VII. Платежни услуги и платни системи

Една од основните задачи на Народната банка е да обезбеди непречено функционирање на платниот систем во земјата којшто се состои од даватели на платежни услуги, платежна инфраструктура, корисници на платежни услуги и регулативи коишто го уредуваат платниот промет. Согласно со законските овластувања, Народната банка воспоставува, регистрира и врши надзор над сигурноста, стабилноста и ефикасноста на системите за плаќање, порамнување и клиринг[72]. Истовремено, Народната банка има надзорни надлежности над работењето на платните системи, како и супервизорски надлежности над банките и над другите субјекти коишто даваат платежни услуги во земјата. Активностите на Народната банка коишто се однесуваат на политиката и развојот на платните системи и унапредување на плаќањата се поттикнати од влијанието на промените предводени од иновациите и процесот на дигитализација и постојано, во рамките на регулаторната и катализаторска улога на Народната банка, се насочени кон интеграција на иновациите во постоечкиот платен систем и создавање услови за развој на иновативни решенија за извршување плаќања со хармонизација на националната со европската регулатива и практики.

Повеќегодишните активности на Народната банка и Министерството за финансии за усогласување на националното со европското законодавство во областа на платежните услуги и платните системи доведоа до донесување нов Закон за платежни услуги платни системи[73]. Новата правна рамка, којашто ќе започне да се применува во најголем дел на почетокот на 2023 година, ќе овозможи влез на нови даватели на платежни услуги и оператори на платни системи и на тој начин се очекува дека ќе создаде услови за конкуренција од финтек-секторот преку понуда на нови напредни решенија за извршување на плаќањата. При таква зблогатена понуда на платежни услуги, се очекува подигање на квалитетот и сигурноста на услугите, обезбедувајќи истовремено пониски цени на услугите и повисок степен на заштита на корисниците.

Заради постигнување поголема информираност за развојното ниво на дигитализацијата на нашата земја во доменот на плаќањата и финансиската вклученост на населението, беа донесени и усвоени нови подзаконски акти[74] со кои се проширувaa сетот на податоци од платежната сфера што ќе овозможи поефикасно следење и основа за идните стратегиски насоки во овој домен.

---

[72] Народната банка е сопственик и оператор на Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС) како единствен систем во земјата за големи и итни плаќања во денари помеѓу неговите учесници, преку којшто се врши и порамнување на платните трансакции поврзани со спроведувањето на монетарната политика, се врши конечното порамнување на другите платни системи и системи за порамнување хартии од вредност, како и на платежните трансакции за државата и државните органи и другите учесници во системот.

[73] Законот за платежни услуги и платни системи беше усвоен од Собранието на Република Северна Македонија на почетокот на април 2022 година.

[74] „Одлука за доставување и објавување на податоци за извршените активности во платниот промет" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 88/21) и „Упатство за доставување податоци за извршените активности во платниот промет" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/21 и 189 /21). Со усвојувањето на овие нови подзаконски акти, престанаа да важат оние од 2016 година, коишто го регулираат доменот на платежната статистика.

## 7.1. Платен промет остварен со безготовински платни инструменти

Вкупниот број на плаќањата[75] во земјата во 2021 година изнесуваше 176 милиони трансакции и забележа годишен раст од 26,7%, при истовремен раст од 63,3% на нивната вредност која достигна 5.714 милијарди денари.

Промените на навиките на граѓаните и компаниите, поточно сѐ почестото ползување на придобивките од дигитализацијата на пазарот на платежни услуги, во одреден обем произлезени од појавата на корона-кризата, и натаму се видливи преку зголеменото користење на платежните картички и дигиталните канали за извршување на плаќањата. Така, во 2021 година е забележан висок годишен раст од 29,1% на бројот на трансакции со платежни картички што придонесе за зголемување на нивното учество од 1,1 п.п. во вкупниот број плаќања и достигна 58,1%. Истовремено, кредитните трансфери иницирани електронски забележаа годишен раст од 32,5%, што придонесе за зголемување на нивното учество за 1 п.п. во вкупниот број плаќања, за сметка на намалувањето на учеството од 2.1 п.п. кај кредитните трансфери иницирани на хартија.

Во вредноста на плаќањата и натаму преовладуваат кредитните трансфери (платни налози) со 98,3%, при зголемено структурно учество за 0.2 п.п. (учество од 60,9%) на кредитните трансфери иницирани електронски и за 0,3 п.п (37,5%) на кредитните трансфери иницирани на хартија, за сметка на намалување за 0,4 п.п. (или учество од 1,7%) на платежните картички во вкупната вредност остварена со безготовински платни инструменти.

Графикон 85
Структурно учество на безготовинските платни инструменти во вкупната вредност и вкупниот број на плаќањата




Извор: НБРСМ

### 7.2.1. Кредитни трансфери иницирани од физичките и правните лица

Вкупниот број плаќања извршени со кредитни трансфери иницирани од страна на физичките и правните лица во земјата во 2021 година изнесуваше 65,7 милиони трансакции и забележа годишен раст од 10,2%.

[75] Плаќањата се однесуваат на трансакциите на правните и физичките лица (без секторот монетарни финансиски институции - МФИ). Немонетарни финансиски институции (неМФИ)" се секое физичко и правно лице коешто не му припаѓа на секторот на МФИ. За целите на платежната статистика, давателите на платежни услуги не се вклучуваат во секторот на неМФИ. Платните инструменти што се користат за извршување на плаќањата во Република Северна Македонија се кредитните трансфери и платежните картички, додека чековите беа во употреба до 2007 година, а директните задолжувања сѐ уште не се воведени како платен инструмент.

Табела 3
Кредитни трансфери како безготовински платен инструмент за физички и правни лица

| (2020 година) | | |
|---|---|---|
| Број на Кредитни трансфери (структурално учество) | Физички лица (%) | Правни лица (%) |
| *Според начинот на иницирање* | | |
| хартиени | 69,7 | 37,2 |
| електронски | 30,3 | 62,8 |
| *Според уредот на којшто се иницирани електронските кредитни трансфери* | | |
| персонален сметач | 60,1 | 98,2 |
| мобилен телефон | 39,3 | 1,8 |
| банкомат | 0,6 | / |

Извор: НБРСМ

Во структурата на кредитните трансфери од аспект на корисникот и натаму преовладуваат правните лица со 65,9% додека, пак, остатокот од 34,1% се иницирани од физичките лица. Од почетокот на корона-кризата забележливо е дека физичките лица сè почесто ги користеле придобивките на електронското банкарство (учество од 30,3% во вкупниот број кредитни трансфери, или зголемување на учеството од 8,6 п.п. во споредба со 2019 година), но сè уште преовладува иницирањето на плаќањата на шалтерите на банките (69,7%). Притоа, и покрај претежната употреба на персоналните сметачи за иницирање електронски кредитни трансфери со учество од 60,1%, граѓаните значително ги користат привилегиите и удобноста од употребата на апликациите на мобилен телефон (39,3% или зголемување за учеството на мобилните апликации од 6,6 п.п., за сметка на намалување на учеството на персоналните сметачи за 6,5 п.п. во споредба со 2020 година), а мал дел од населението користело банкомати за иницирање плаќања. За разлика од физичките лица, правните лица 62,8% од вкупните кредитни трансфери ги извршиле електронски. Кај правните лица, состојбата е слична како и во минатата година, односно преовладува употребата на персоналниот сметач, и тоа дури со 98,2%, а само 1,8% за таа цел ги користеле мобилните банкарски апликации коишто забележаа зголемување на своето учество за 0,4 п.п., во споредба со 2020 година.

Иако електронскиот начин на иницирање на плаќањата заради неговата ефикасност, практичност и брзина сè повеќе се прифаќа во земјата, споредбените податоци покажуваат дека во Република Северна Македонија има релативно пониско структурно учество на бројот на електронски иницирани трансакции со кредитни трансфери (51,8%), во споредба со старите земји членки на ЕУ[76] и земјите од ЦИЈЕ[77], каде што учеството на електронски иницирани кредитни трансфери во вкупниот број трансакции со кредитни трансфери изнесува 94% и 91%[78], соодветно.

### 7.2.2. Платежни картички

Вкупниот број трансакции со платежни картички издадени од домашни издавачи на уредите лоцирани во земјата во 2021 година изнесуваше 132,5 милиони трансакции и забележа висок годишен раст од 22,7%. Во континуитет продолжува трендот на пораст на структурното учество на бројот на трансакции на физичките места на продажба за 2 п.п. достигнувајќи 71% во 2021 година, предизвикано од високиот годишен раст од 25,9%, за сметка на намаленото учество на трансакциите за повлекување готовина од банкоматите (20%) коишто забележаа поумерен раст од 8,9%. Како резултат на промената на навиките и културата на плаќањата на граѓаните и компаниите, употребата на платежните картички на домашните виртуелни (интернет) места на

[76] Австрија, Белгија, Германија, Грција, Данска, Ирска, Италија,Португалија, Финска, Франција, Холандија, Шведска и Шпанија.
[77] Бугарија, Естонија, Кипар, Латвија, Литванија, Полска, Република Чешка, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија и Хрватска.
[78] Последните расположливи податоци за земјите членки на ЕУ се однесуваат на 2020 година.

продажба забележа висок годишен раст од 32,4%, иако нивното учество се задржа на стабилно и сè уште релативно ниско ниво (учество од 8%).

Значителен годишен раст од 55,9% во 2021 година е забележан во употребата на платежните картички издадени од домашни издавачи на уредите лоцирани надвор од земјата, при што се извршени 8,8 милиони трансакции. Забележана е зголемена употреба на платежните картички на виртуелните (интернет) места на продажба на странски субјекти со годишен раст од 66,3%, што придонесе за зголемување на нивното учество од 2 п.п. коешто достигна 33% во 2021 година, за сметка на намалувањето на структурното учество на плаќањата на уредите на физичките места на продажба (при забележан годишен раст од 53,8%) и повлекувањето готовина на банкоматите за 1 п.п., соодветно, во однос на 2020 година.

Во 2021 година, на уредите лоцирани во земјата се извршени 8,1 милион трансакции со платежни картички издадени од странски издавачи, при што е остварен годишен раст од 82,5%, при остварен годишен раст на трансакциите на физичките места на продажба од високи 94,1%, односно годишен раст на виртуелните места на продажба од 58,4%. Високиот раст на бројот на трансакциите се должи на отворањето на границите и олеснетите процедури за влез на нерезидентите лица во нашата земја во втората година од пандемијата. Притоа, анализирано и од аспект на структурата и навиките на употребата на странските платежни картички во земјата, и во текот на 2021 година има сè поголема употреба за плаќања на физичките места на продажба чиешто учество порасна за 5 п.п. и достигна 78%, за сметка на намалувањето на повлекување готовина од банкоматите за 4 п.п. (учество од 16%) и намалувањето на нивната употреба на виртуелните места на продажба за 1 п.п. (учество од 6%).

Графикон 86
Учество во вкупниот број трансакции со платежни картички




Извор: НБРСМ

## 7.2. Платежна инфраструктура

Инфраструктурата за електронски плаќања во земјата се развива и во 2021 година, како резултат на постојаниот развој на бесконтактната технологија, којашто зема сè поголем замав во доменот на плаќањата со платежните картички. На крајот на 2021 година, од 2,1 милион картички издадени во Република Северна Македонија, 68,3% картички се засновани на бесконтактна технологија и 83,8% уреди на физичките места на продажба коишто поддржуваат бесконтактни плаќања, од вкупно 30.045, што воедно претставува зголемување на нивниот број за 10,2% и 6,3% соодветно, во споредба со крајот на 2020 година. Зголемена понуда и употреба на современи дигитални уреди за вршење на плаќањата во 2021 година се забележува и преку стабилниот раст од 2% на

бројот на банкоматите со дополнителна функција за депонирање готовина, покрај за повлекување (201 банкомат).

Покрај инфраструктурата којашто поддржува прифаќање електронски плаќања во земјата, развојот на дигитализацијата отвори одлични иновативни можности за крајните корисници, нудејќи им виртуелни паричници. На крајот од 2021 година, бројот на дигитализираните платежни картички за вршење плаќања преку мобилни телефони и преку други паметни уреди за вршење бесконтактни плаќања, достигна 43.638, од кои најголемиот процент (75,7%) се дигитализирани платежни картички со дебитна функција, а остатокот им припаѓа на дигитализираните платежни картички со кредитна функција.

Вкупниот број трансакциски сметки на клиентите кај банките за извршување на плаќањата во земјата на крајот на 2021 година изнесува 3,78 милиона и бележи мал годишен пад од 1,1%, што се должи на падот на сметките на физичките лица. Од аспект на структурата, и натаму најголемиот број, или 95% од трансакциските сметки се на физички лица и 5% се на правните лица. Секое трето физичко лице депонент поседува сметки за вршење плаќања со користење персонални сметачи и/или мобилни апликации за електронско иницирање на кредитните трансфери, додека, пак, кај правните лица, 40,8% од вкупниот број трансакциски сметки овозможуваат електронски плаќања, што претставува зголемување за 0,1 п.п. во однос на крајот на 2020 година.

На крајот на 2021 година, забележан е годишен пад од 1,8% кај вкупниот број трговци во земјата коишто прифаќаат плаќања со платежни картички (12.885), предизвикан од падот на бројот на трговците на физичките места на продажба за 3,1% (11.539). Од друга страна, пак, потребата од одржување на социјалната дистанца за заштита на граѓаните ги насочи компаниите кон отворање виртуелни продавници. Така, во споредба со минатата година, е забележан годишен раст на бројот на трговци коишто прифаќаат плаќања со картички на виртуелните места на продажба за 11,2% (1.346).

## 7.3. Платни системи во земјата

Во 2021 година вкупната вредност на трансакциите во земјата остварена преку платните системи – МИПС, КИБС[79] и КАСИС[80] достигна 19.480 милијарди денари, при остварени 31,7 милиони трансакции, забележувајќи годишен раст од 23,9%, односно 7%, соодветно. Од аспект на вредноста на трансакциите, најголемиот дел се извршени преку платниот систем МИПС, и тоа 98%, додека останатиот дел од 2% од вкупните плаќања се извршени преку платниот систем КИБС. Во структурата на бројот на трансакции во истиот период, најголемо учество забележа платниот систем КИБС (77%), по што следува платниот систем МИПС со 23%, додека КАСИС има мало учество (0,04%).

---

[79] Клириншката куќа „Клириншки интербанкарски системи“ АД Скопје е оператор на платниот систем за мултилатерално одложено нето-порамнување за обработка на мали плаќања, чиј износ не надминува 1.000.000 денари.

[80] Интернационалниот картичен систем АД Скопје (КАСИС) претставува систем за мултилатерално одложено нето-порамнување на плаќањата со домашни брендови на платежни картички.

Графикон 87
Остварени плаќања преку платните системи во 2021 година




Извор: НБРСМ

Нето-порамнувањата на плаќањата преку платниот систем КИБС и платниот систем КАСИС се вршат на редовна основа преку системот за порамнување МИПС, којшто во 2021 година работеше 248 дена, при висока достапност за учесниците во системот од 99,99%.

## 7.4. Надзор на платните системи во согласност со меѓународно прифатените стандарди

Надзорните активности на Народната банка, и во услови на пандемија се извршуваа на редовна основа, во согласност со националната правна рамка којашто го регулира надзорот[81] во која се преточени меѓународно прифатените стандарди за надзор[82]. Надзорот на платните системи којшто го врши Народната банка е насочен кон минимизирање на ризикот поврзан со можни нарушувања во функционирањето на платните системи преку идентификување на потенцијалните ризици во нивното работење, а се спроведува преку непосреден надзор, со увид кај операторот којшто управува и раководи со платниот систем и посредно, преку редовно вонтеренско следење на работењето на платниот систем. На овој начин, преку надзорните активности, Народната банка придонесува кон сигурноста и ефикасноста во извршувањето на плаќањата.

Во текот на 2021 година, Народната банка го заврши непосредниот делумен надзор на операторот на платниот систем КИБС за процена на усогласеноста на работата на овој платен систем со барањата од преостанатите седум принципи за значајните платни системи[83], при што се дадени препораки за натамошно унапредување на работењето на платниот систем. Со завршувањето на овој надзор, се заокружи првиот циклус на надзор над платниот систем КИБС според сите барања од принципите коишто се применливи за значајните платни системи.

---

[81] Одлука за начинот и методологијата на надзор на платните системи („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.177/21) и Одлука за критериумите и стандардите за работењето на платните системи („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/16).
[82] „Принципи за инфраструктурата на финансиските пазари" (ПИФМ) на Комитетот за системи за плаќање и порамнување и Технички комитет на Меѓународната организација на комисии за хартии од вредност.
[83] Надзорот на КИБС за проценка на усогласеноста на работата на овој платен систем со барањата од останатите 6 применливи принципи за значајни платни системи се изврши со два делумни надзори. Првиот делумен надзор во чиј опфат беа два принципа започна во ноември 2017 година и заврши со исполнување на сите препораки од страна на операторот КИБС во ноември 2019 година. Вториот делумен надзор чија цел беа четири принципи започна во декември 2018 година и заврши со исполнување на соодветните препораки во декември 2020 година.

Исто така, Народната банка го заврши непосредниот делумен надзор на платниот систем МИПС за оцена на усогласеноста со девет принципи и даде препораки за унапредување на работењето на овој системски значаен платен систем.

Истовремено, на редовна основа се спроведуваше вонтеренски надзор на платните системи, врз основа на кој беше утврдено дека во текот на 2021 година платните системи во земјата и во услови на пандемија, работеа со високо ниво на оперативност, достапност и ефикасност, без забележани значителни падови и нарушувања.

# VIII. Издавање и управување со книжните и кованите пари на Република Северна Македонија – трезорско работење

## 8.1. Издадени пари во оптек

Со состојба на 31.12.2021 година, вкупниот износ на издадените пари во оптек е 51.381 милион денари и во однос на крајот од 2020 година, тие бележат зголемување од 1.352 милиона денари, или 2,7%[84]. Структурата на парите во оптек укажува дека на крајот на годината, книжните пари учествуваат со 97,7%, а кованите пари со 2,3% од вкупната вредност. Од аспект на бројот на издадени пари во оптек, учеството на книжните пари изнесува 27,8% (112,3 милиони парчиња), а на кованите пари 72,2% (291,8 милиони парчиња).

Графикон 88
Издадени пари во оптек




Извор: НБРСМ.

Најголемо учество во вкупната вредност на емитираните книжни пари имаат книжните пари во апоен од 1000 денари (45%), 2000 денари (38,3%) и 500 денари (11,2%). Останатите книжни пари учествуваат со 5,5% во вкупната вредност. Во 2021 година, најголемо учество во вредноста на кованите пари имаат апоените од 10 денари (32,5%), 50 денари (24%) и 5 денари (19,1%).

[84] Во прикажаните податоци за издадените пари во оптек, не се вклучени количините и вредноста на кованите пари за колекционерски цели, коишто Народната банка од уметнички, културни и промотивни причини ги изработи и ги пушти во оптек. Кованите пари за колекционерски цели се достапни првенствено во странство, но и во Република Северна Македонија. Вредноста на кованите пари за колекционерски цели во оптек, со состојба на 31 декември 2021 година, изнесува 11,7 милиона денари.

Графикон 89[85]

Вредносно учество на книжни пари во оптек по апоени




Вредносно учество на ковани пари во оптек по апоени




Извор: НБРСМ.

Графикон 90

Количинско учество на книжни пари во оптек по апоени




Количинско учество на ковани пари во оптек по апоени




Извор: НБРСМ.

Во структурата на парите во оптек според бројот на парчиња, најголемо учество имаат книжните пари во апоен од 10 денари – полимер (23,1%), 1000 денари (20,1%), 10 денари (15,1%) и 100 денари (14,7%). Останатите книжни пари учествуваат со 27% во вкупната количина на книжните пари во оптек. Најголемо учество на кованите пари во оптек има апоенот од 1 денар (39,6%) и 2 денари (28,6%).

Полимерните пари во структурата на издадените пари во оптек имаат занемарливо вредносно учество (1,1%) во однос на останатите книжни пари, при што треба да се има предвид нивната ниска номинална вредност и релативно краткиот период на циркулација. Според количината, учеството на полимерните пари во вкупниот број книжни пари во оптек е забележително и изнесува 28,3%, имајќи ја предвид нивната значајна улога во малопродажбата.

[85] Со буквата „п“ во графиконите се обележани полимерните пари.

## 8.2. Снабдување на банките и центрите за готовина со книжни и ковани пари

Народната банка, во текот на 2021 година, изврши издавање готовина на банките и центрите за готовина[86] во износ од 17.553 милиони денари (намалување од 34% во однос на 2020 година). Истовремено, е примена готовина од банките и центрите за готовина во износ од 16.206 милиони денари (намалување од 20% во однос на 2020 година). Анализата на апоенската структура на книжните и кованите пари укажува дека кај книжните пари најголемо учество во вкупниот промет се забележува кај апоенот од 500 денари од 25,4% во 2021 година (односно 25,5% во 2020 година), а кај кованите пари преовладува апоенот од 10 денари со учество од 32,7% во 2021 година (наспроти 22,5% во 2020 година).

Графикон 91

Издадена количина книжни пари




Издадена количина ковани пари




Извор: НБРСМ.

## 8.3. Обработка и поништување книжни и ковани пари

Во текот на 2021 година, во процесот на контрола на квалитетот на книжните пари коишто биле во опте се обработени вкупно 34,4 милиони парчиња, од кои заради несоодветност за оптек се уништени 8 милиони парчиња (4,1 милион книжни пари во 2020 година). Најголемо учество во уништените книжни пари имаат апоените од 100 (41,8%) и 500 (27%) денари. Во 2021 година се обработени и 3,2 милиона парчиња ковани пари во апоени од 1, 2, 5, 10 и 50 денари, од кои 16 илјади парчиња се повлечени како несоодветни за оптек.

## 8.4. Експертиза на сомнителни / фалсификувани пари

Во рамките на своите надлежности, како единствена овластена институција за утврдување на автентичноста на книжните и кованите пари деноминирани во денари и во странски валути, Народната банка и во текот на 2021 година успешно ја извршува функцијата на експертиза на доставените сомнителни пари.[87]

---

[86] Во текот на 2021 година во активностите поврзани со процесот на снабдување со готовина и натаму активно функционираат двата центри за готовина каде што се пренесоа дел од готовинските операции од деловните банки.

[87] Заради мерките за превенција од ширење на вирусот ковид-19, Народната банка и во текот на 2021 година ги одложи специјализираните обуки на вработените во банките и центрите за готовина, како и обуките планирани согласно со

При експертизите на доставените сомнителни книжни пари деноминирани во денари, коишто се извршени во текот на 2021 година, се утврдени 231 фалсификуван примерок, што претставува зголемување за 272,6% во однос на утврдените фалсификувани книжни пари откриени во текот на 2020 година. Во вкупниот број откриени фалсификувани книжни пари во 2021 година, најзастапен е апоенот од 2000 денари – 158 парчиња, или 68,4% од вкупниот број фалсификати, потоа следат апоенот од 100 денари – 32 парчиња, или 13,9% од вкупниот број фалсификати и апоенот од 500 денари – 21 парче, или 9,1% од вкупниот број фалсификати. Вкупната вредност на фалсификуваните денари во 2021 година изнесува 349.700,00 денари и има незначително учество во однос на вкупната вредност на парите во оптек. Зголемувањето во однос на претходната година се должи на појавата на нов тип на фалсификат со апоенска вредност од 2000 денари.

Во рамките на своите овластувања, а заради утврдување на можноста за замена врз основа на пропишаните критериуми, Народната банка во овој временски период изврши и стручно вештачење на 211 примероци оштетени книжни пари доставени од банките и центрите за готовина.

Исто така, Народната банка во текот на 2021 година вршеше замена на оштетените книжни и ковани пари коишто ги доставуваа физичките лица, како и замена на парите коишто се повлечени од оптек, а за кои не постои временско ограничување за нивна замена. Вкупно е извршена замена на 4.799 парчиња на оштетени книжни/ковани пари и 13.709 парчиња книжни пари коишто се повлечени од оптек.

Графикон 92

Преглед на фалсификуваните денари




Преглед на фалсификуваните странски пари




Извор: НБРСМ.

Во однос на извршените експертизи на доставените сомнителни книжни и ковани пари деноминирани во странски валути во 2021 година, од вкупно 4.636 направени анализи се утврдени 4.271 фалсификувана пара и 365 оригинални пари. Во вкупниот број фалсификувани книжни пари, најзастапени се книжните пари во американски долари (3.913 парчиња) и евра (347 парчиња). Големиот број регистрирани книжни пари деноминирани во американски долари се должи на полициска заплена на поголема количина на фалсификати. Во текот на 2021 година, не се забележани фалсификувани ковани пари. Општата оценка е дека фалсификуваните книжни пари имаат релативно

националниот план за обуки, во чии рамки експертите на Народната банка требаше да обезбедат обуки за полициските службеници и вработените во останатите институции вклучени во борбата против фалсификување на парите.

лош квалитет на изработка, што овозможува едноставно и лесно откривање и утврдување на нивните карактеристики[88].

## 8.5. Контрола на примената на стандардите и критериумите за готовинско работење кај банките и центрите за готовина

Почитувајќи ги мерките за превенција од ширење на вирусот ковид-19, Народната банка во текот на 2021 година им се посвети на посредните контроли на податоците за видот и бројот на машините за обработка на пари, локациите каде што се сместени тие и количината на парите обработени преку машините за обработка и парите обработени рачно, коишто банките и центрите за готовина ги доставуваат до Народната банка квартално.

Во референтниот период се спроведени вкупно 38 редовни тестирања на машините за обработка на книжни и ковани пари, заради изминување на временската рамка на важноста на потврдите со кои се докажува способноста на машините за вршење соодветна обработка на парите.

## 8.6. Продажба на ковани пари за колекционерски цели

Кованите пари за колекционерски цели се уникатни, репрезентативни и со извонредна уметничка вредност којашто придонесува за промоција на Република Северна Македонија во странство. Иако, првенствено продажбата на кованите пари за колекционерски цели е наменета и се одвива во странство, се бележи интерес за нив и во земјава[89]. Во 2021 година, се продадени вкупно 38 примероци од кованите пари за колекционерски цели, од кои преку Народната банка се продадени 32 парчиња, додека преку комисионерот 6 парчиња.

[88] При експертизата на техниката на изработка на фалсификуваните книжни пари, утврдено е дека тие се изработени главно на обична хартија, без доволно заштитни елементи, со користење компјутерска техника (скенирање и печатење) или, пак, со користење фотокопир во боја.
[89] Заради зголемениот интерес за овие ковани пари и овозможување нивна поголема достапност за набавка, во попладневните часови и во неработните денови, Народната банка овозможи нивна комисиона продажба преку Националната установа „Спомен куќа на Мајка Тереза“, Скопје.

# IX. Внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија е независна функција којашто ѝ помага на Народната банка да ги оствари своите цели со применување систематски, објективен пристап за оценување и подобрување на ефективноста на управувањето со ризиците, контролите и процесите на управување.

Дирекцијата за внатрешна ревизија (ДВР) работи согласно со Стандардите за професионална практика на внатрешната ревизија (Стандардите), како и согласно со Кодексот за професионална етика на внатрешните ревизори (Кодексот) на Институтот за внатрешни ревизори во Флорида, САД, коишто се прифатени како национални стандарди за работење на внатрешна ревизија. Во 2021 година беше направена третата надворешна процена на работењето на ДВР, од страна на експерти од Централната банка на Холандија, при што беше оценето дека работењето на ДВР е „генерално усогласено“ со Стандардите и со Кодексот[90].

ДВР применува двојна линија на известување, од административен аспект до гувернерот на Народната банка и од функционален аспект до Комитетот за ревизија и Советот на Народната банка, со што се обезбедува независноста на функцијата внатрешна ревизија. Во текот на 2021 година, ДВР целосно ја спроведе Годишната програма за работа, преку остварување на редовните ревизорски активности, како и активностите за потврдување на квалитетот и унапредување на своето работење.

Во 2021 година, беа извршени вкупно 16 ревизии (12 редовни ревизии и 4 вонредни ревизии), при што беа дадени вкупно 19 препораки за подобрување на системот на интерни контроли. На редовна квартална основа се следеше спроведувањето на дадените препораки, при што сознанијата од извршените следења укажуваат на тоа дека препораките главно се почитуваат и се остваруваат во зададените рокови. Нивото на остварување на вкупно 27 дадени препораки, од минатите години (11) и од 2021 година (16), со рок на остварување во 2021 година, изнесува 92,6%, односно само 2 препораки не се остварени и за нив е определен нов рок за остварување.

Покрај редовните, внатрешната ревизија имаше дополнителни активности преку примена на Програмата за потврдување на квалитетот и унапредување на работењето на ДВР. Од овој аспект, во текот на 2021 година се изврши ревидирање и ажурирање на списокот на работните процеси коишто можат да бидат предмет на ревизија, како и периодично самооценување на работењето на ДВР од аспект на усогласеноста на нејзиното работење со Стандардите за професионална практика на внатрешната ревизија и со Етичкиот кодекс за внатрешни ревизори. Работењето на ДВР беше поблиску надгледувано од Комитетот за ревизија на неговите редовни седници во текот на 2021 година.

## 9.1. Работење на Комитетот за ревизија

Комитет за ревизија (Комитетот) е постојано работно тело на Советот на Народната банка, формирано заради натамошно унапредување на корпоративното управување во Народната банка, зајакнување на контролните процеси при

[90] Има три нивоа на усогласеност: генерална усогласеност, делумна усогласеност и неусогласеност.

извршувањето на нејзините активности и законски задачи. Работењето на Комитетот е регулирано со Одлуката за работа на Комитетот за ревизија и утврдување на неговиот делокруг на работа, со којашто се дефинираат неговиот состав, целите, делокругот на работа, овластувањата, одговорностите и начинот на известување.

Целта на Комитетот за ревизија е да му помага на Советот на Народната банка во исполнувањето на неговите надзорни одговорности на работењето на Народната банка, преку спроведување на следниве активности во неговиот делокруг на работа:

- Надгледување на сметководствените политики и финансиското известување;
- Надгледување на ефикасноста и ефективноста на внатрешната ревизија;
- Следење на процесот на избор на независно друштво за ревизија, надгледување на процесот на ревизија и работата на избраното друштво за ревизија;
- Процена на севкупната ефективност на системот на интерни контроли и рамката за управување со ризиците, со кои се штитат средствата на Народната банка;
- Надгледување на соодветноста на рамката за усогласеност на работењето со прописите и ефективноста на процесот на следење на усогласеноста на ниво на Народната банка.

Во текот на 2021 година, Комитетот за ревизија одржа пет седници на коишто беа разгледани и одобрени следниве документи:

- Годишната сметка и Финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија за 2020 година,
- Извештајот на независниот ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија за 2020 година,
- Нацрт-писмото до раководството за наодите од претходната ревизија за 2021 година, извршена со анализиран период јануари – октомври 2021 година;
- Годишниот извештај за работењето на внатрешната ревизија во 2020 година, со посебен осврт на наодите и остварувањето на препораките,
- Извештајот за работењето на внатрешната ревизија во првото полугодие на 2021 година,
- Извештајот за надворешната процена на квалитетот за 2021 година на внатрешната ревизија (External Quality Assessment Report 2021);
- Програмата за работа на Дирекцијата за внатрешната ревизија за 2022 година;
- Среднорочната програма за работа на Дирекцијата за внатрешната ревизија за периодот 2022 – 2024 година;
- Политиката за избор на друштво за надворешна ревизија на финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија;
- Одлуката за формирање на Комитетот за ревизија и утврдување на неговиот делокруг на работа;
- Новиот Деловникот за работа на Комитетот за ревизија.

Членовите на Комитетот активно учествуваа во дискусии и анализи за темите коишто беа разгледани и дадоа препораки и заклучоци за подетално информирање на членовите на Советот за прашања поврзани со Нацрт-писмото до раководството за наодите од претходната ревизија на финансиските извештаи за 2021 година.

# X. Управување со човечките ресурси

Управувањето со човечките ресурси е еден од клучните фактори за успешно функционирање на секоја организациска целина. Народната банка на Република Северна Македонија е институција којашто постојано се грижи и инвестира во своите вработени, заради јакнење на нивните вештини и компетенции и зголемување на стручните знаења, со цел да се создаде високостручен кадар којшто соодветно ќе им одговори на предизвиците за успешно остварување на целите на работењето.

На крајот на 2021 година, бројот на работници[91] во Народната банка изнесува 426 и се бележи негово намалување во однос на крајот на 2020 година (434 вработени). Согласно со тоа, се забележува и мала промена во половата структура на работниците во Народната банка во однос на претходната година. Имено, женската популација во 2021 година изнесува 57,3%, а машката популација 42,7% од вкупните вработени, наспроти 57,6% на женската популација, односно 42,4% на машката популација во 2020 година.

Графикон 93
Квалификациска структура на работниците во Народната банка според Националната рамка на квалификации на РСМ (во проценти, со состојба на 31.12.2021 година)




Извор: НБРСМ

Од аспект на квалификациската структура, највисоко учество од 45,1% бележат работниците со високо образование (четиригодишни студии), а потоа следат работниците со магистерски студии со 21,9%. Во однос на старосната структура, просечната старост на работниците во 2021 година изнесува 44,4 години, наспроти просечната старост од 44,8 години, во 2020 година.

И покрај бројните предизвици коишто ги создаде глобалната пандемија, Народната банка продолжи со своите залагања за вработените, обезбедувајќи им здрава, безбедна и мотивирачка средина за работа, што придонесува за зголемување на задоволството од работата, преку процесите на постојано учење. Клучните процеси коишто се однесуваат на постојано усовршување и развој на вработените, коишто несомнено претставуваат значајна алатка за мотивација, задржување на вработените, како и за намалување на одливот на кадри, постојано се спроведуваа и во текот на 2021 година. За таа цел, Дирекцијата за управување со човечките ресурси тековно ги спроведуваше процесите на стручно усовршување, оценувањето на успешноста во работењето и наградувањето. И оваа година беа спроведени советувања на ниво на организациски единици, поврзани со спроведувањето на процесот на оценување на успешноста во работењето, каде што меѓу другото предмет на дискусија беа предизвиците со кои се соочуваат оценувачите, кариерниот развој на вработените, т.е. можностите за напредување и назадување во кариерата, како и соодветно вреднување на нивниот работен ангажман. Исто така, на овие состаноци беа презентирани податоците од спроведената Анкета за степенот на

[91] Заедно со бројот на работници ангажирани од Агенцијата за привремени вработувања, вкупниот број вработени изнесува 439. Графиконите во овој дел се изработени според вкупниот број вработени.

задоволство од работата, при што од страна на оценувачите беше побарано од своја перспектива да придонесат со свои предлози и препораки за зголемување на задоволството од работата. Врз основа на претходна анализа, за зајакнување и унапредување на вештините на вработените беа спроведени специјализирани е-обуки за напредно ниво на „Мајкрософт ексел“, со интерен предавач, со што истовремено се користи капацитетот и потенцијалот на интерните човечки ресурси.

Народната банка, и покрај отежнатите услови за размена и стекнување наење во услови на глобална пандемија, успеа во целост да го задржи високото ниво на спроведување на добрите практики коишто се однесуваат на стручното усовршување на работниците, за исполнување на стратегиските цели, мисијата и визијата на институцијата. Во текот на 2021 година се остварени вкупно 375 стручни оспособувања во земјата и во странство. Притоа, во вкупниот број, се вбројуваат различни категории стручно оспособување како е-курсеви, семинари, работилници, предавања и вебинари.

Графикон 94
Број на остварени стручни оспособувања во земјата и во странство




| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Странски организатори | 181 | 368 | 315 |
| Домашни организатори | 35 | 75 | 60 |

Извор: НБРСМ

Во однос на претходната 2020 година, вкупните стручни оспособувања бележат намалување од 15%, што во најголема мера би се должело на тоа што во тековната година во однос на претходната се организираа помал број обуки коишто обработуваат теми посветени на предизвиците настанати како резултат на пандемијата и можните начини за справување со нив. Имено, за приспособување кон новите услови на функционирање, како одговор на пандемијата, организаторите и оваа година го изведоа најголемиот дел од настаните во виртуелен формат. Во текот на 2021 година, стручните оспособувања организирани од странски организатори забележаа благ пад од 14,4% во однос на претходната година, додека, пак, стручните оспособувања кај домашните организатори забележаа намалување од 20%. Воедно, бројот на работници коишто посетиле стручно оспособување, во 2021 година, изнесува 201 што во споредба со претходната година бележи намалување за 4,7%. Одржувањето висока посетеност на стручни оспособувања се должи на тоа што дел од организаторите овозможија учество на повеќе учесници на ист настан, како и на фактот што стручните оспособувања во виртуелна форма кај странските организатори не повлекуваат трошоци за Народната банка.

Главните надворешни организатори на стручните оспособувања се европските централни банки, Меѓународниот монетарен фонд во соработка со Здружениот институт на Виена, Централната банка на Германија и Централната банка на Франција со кои Народната банка засилено соработува преку програмите за меѓусебна соработка, како и проектите финансирани од претпристапните фондови на Европската Унија. Истовремено, како главни организатори на стручните оспособувања во земјата се јавуваат домашните центри за едукација, коишто ги обработуваат темите од областа на промените во законските регулативи, како и теми коишто се однесуваат на работењето на Народната банка.

# XI. Управување со ризиците во Народната банка во 2021 година

Управувањето со ризиците е неопходен елемент на доброто корпоративно управување коешто придонесува за ефикасно и ефективно остварување на поставените стратегиски цели, мандат и визија. Народната банка во извршувањето на секојдневните активности е изложена на стратегиски, оперативни или финансиски ризици коишто произлегуваат од внатрешното или од надворешното окружување. Заради важноста на управувањето со ризиците, Народната банка во новиот Стратегиски план за 2022 – 2024 година, издвои одделна стратегиска цел за зајакнување на управувањето со ризиците.

## 11.1. Стратегиски ризици

Народната банка како институција којашто спроведува повеќе активности од јавен интерес, им посветува особено внимание на стратегиските ризици коишто произлегуваат од промените во деловното окружување. Во време на забрзани промени на глобалната сцена, како резултат на процесите на глобализација, дигитализација, иновација, климатските промени и глобалната криза предизвикана од пандемијата, улогата, функциите и активностите на централната банка постојано еволуираат. Во таа смисла, Народната банка, како и останатите централни банки е пред постојан предизвик бидејќи мора да се приспособува и да ги зема предвид во остварувањето на своите цели и промените во општеството, домашната економија и трендовите во глобалната економија.

Во текот на 2021 година, Народната банка управуваше со стратегиските ризици преку постојано следење на внатрешното и надворешното окружување и преземање навремени мерки за кои редовно ги информира корисниците на пазарот, засегнатите страни и пошироката јавност преку соопштенијата за печат, говорите, интервјуата и известувањата, како и за одлуките на Комитетот за оперативна монетарна политика (КОМП) и на Советот на Народната банка. Со тоа се обезбеди високо ниво на доверба и одржување на долгогодишната репутација на Народната банка, како и остварување на стратегиските цели, мандат и визија како централна банка.

## 11.2. Оперативни ризици

Рамката за управување со оперативните ризици[92] на Народната банка обезбедува систем за координирано, сеопфатно и систематско управување со оперативните ризици, заради утврдување на настаните коишто можат да влијаат врз работењето, одржување на изложеноста кон ризиците во прифатливи рамки и ефикасно остварување на целите. При остварувањето на поставените цели и задачи, Народната банка ја има предвид **толеранцијата на оперативен ризик, односно границите на прифатливата изложеност кон оперативниот ризик,** како и нивоата на ризик коишто налагаат преземање соодветни мерки[93].

---

[92] Политиката за управување со оперативните ризици се темели на практиките и стандардите пропишани со меѓународниот стандард, КОСО II (COSO II ERM, Enterprise Risk Management - Integrated Framework), стандардот за управување со ризиците ИСО 31000:2009, принципите на Базелскиот комитет за банкарска супервизија, како и од искуствата на неколку централни банки, пред сè, Европската централна банка, Холандската централна банка, Банката на Полска и Банката на Италија.

[93] Согласно со Политиката за оперативните ризици, како неприфатливи за Народната банка се следниве оперативни ризици: неостварување на целите и задачите предвидени со Законот за Народната банка, предизвикување значителна штета на интересите на Народната банка, државата и граѓаните, повреда на законските прописи, настанување значителна финансиска загуба, загрозување на репутацијата со долгорочни ефекти врз кредибилитетот, како и загрозување на здравјето и животот на луѓето.

Во 2019 година, во Народната банка, беше формирана **Канцеларијата за стратегија и превенција[94], како посебна независна организациска единица во рамките на моделот – три нивоа на одбрана[95].** Канцеларијата за стратегија и превенција обединува **три функции**: Функција за стратегија и оперативни ризици, Функција сигурност на информацискиот систем, заштита на личните податоци и класифицирани информации и Функција за усогласеност. Формирањето посебна организациска единици беше во согласност со меѓународните практики и стандарди за добро корпоративно управување и ефективно управување со ризиците.

Графикон 95
Три линии на одбрана




Процесот на управувањето со оперативните ризици во Народната банка е воспоставен на централизирана основа, од аспект на примената на методологиите и системот на известување, но е дисперзиран од аспект на неговото спроведување.

Графикон 96
Организација на управување со оперативните ризици




---

[94] Подетаљно во глава XII. Извршување на Програмата за работа за 2021 година, стратегиска цел 10, точка 10.4 Стратегија и превенција.
[95] **Првото ниво на одбрана** го сочинуваат организациските единици коишто оперативно ги спроведуваат основните функции и функциите на поддршка, управуваат со ризиците што произлегуваат од нивното работење и коишто имаат најдлабоко разбирање за работните процеси и за промените во окружувањето во областите за кои се надлежни. **Второто ниво на одбрана** се спроведува преку идентификација, анализа и справување со ризиците, обуки, совети и подигнување на свеста кај вработените за ризиците, за контролните механизми и мерки, како и за начинот на примена на регулативата во нивното работење. **Третото ниво на одбрана,** внатрешната ревизија, спроведува активности на ревизија на работењето на првото и второто ниво на одбрана.

Основни придобивки од развојот на управувањето со оперативните ризици се[96]: **подобро одлучување**, **зголемување на ефикасноста** и **подобро предвидување и оптимизирање на расположливите ресурси**. Со длабинска анализа на оперативните ризици за 2021 година, се изврши ажурирање на регистарот на работните процеси и на нивната критичност, се идентификуваа изворите на оперативните ризици и потенцијалните ризични настани, профилот на ризик, се определија стратегија и акциски план со мерки за справување со ризиците, известување и следење. Исто така, се утврди дека Народната банка редовно ја следи изложеноста кон оперативните ризици (човечкиот фактор, управувањето и работните процеси, системите и надворешните фактори) и активно управува и ги спроведува утврдените мерки и активности, коишто имаат за цел да обезбедат намалување на потенцијалните оперативни ризици, и покрај вонредните и отежнати услови за работа поради појава на нови бранови и мутација на корона-вирусот.

### 11.3. Управување со ризиците за време на криза

Согласно со Политиката за непрекинатост во работењето, во Народната банка е воспоставен систем за координирано планирање, ажурирање и тестирање на неопходните мерки за обезбедување непрекинатост на работните процеси во ситуација на криза. Добро воспоставената инфраструктура во овој поглед претставуваше многу важна алатка за обезбедување непречено функционирање на Народната банка во периодот на пандемијата. Така, со започнувањето на **глобалната пандемија во 2020 година**, Народната банка **воведе протоколи за работа и ги активира плановите за непрекинатост на работењето,** со што се овозможи **непрекинатост на процесите** и **нивно извршување со висок квалитет, без притоа да се загрози безбедноста на луѓето, системите и процесите.**

Забрзаната дигитализација и технолошките промени придонесуваат за зголемување на трендот на сајберзаканите, што налага потреба од зачестено следење и навремено идентификување на новите ризици, засилување на мерките за обезбедување сигурност на информацискиот систем, вклучително и сајберотпорност, како и непрекинатост во работењето. Заради тоа, Народната банка и натаму презема активности за дополнително зголемување на сигурноста на информацискиот систем, свесноста и познавањата на различните видови сајбернапади, навремено откривање сомнителни пораки (фишинг), следење на трендот, формите и изворите на сајбернападите и сл.[97] Исто така, постојаните инвестиции во информатичката инфраструктура и процесите на информатичка технологија обезбедија услови за Народната банка за ефикасно управување со ИТ-ризиците. Кризата со ковид-19, исто така, ги нагласи тековните напори на Народната банка да ја согледа зависноста помеѓу сопственото работење и работењето на **надворешните добавувачи** (трети страни) заради навремено управување со ризиците и ефективно водење на деловното работење. Заради тоа, се презедоа мерки за унапредување на соработката со надворешните добавувачи заради ефикасно извршување на своите активности, како и заради исполнување на својот мандат.

[96] Народната банка постојано работи на унапредување на капацитетот за управување со оперативни ризици преку одржување редовни контакти со други централни банки, следење на новините во областа на оперативните ризици коишто се одвиваат преку меѓународното здружение IORWG и примена на предлозите стекнати во соработка ММФ и ЕЦБ. Меѓународната работна група за оперативен ризик (IORWG - International Operational Risk Working Group) е посветена на унапредување на управувањето со оперативниот ризик во централнобанкарската дејност.

[97] Подетаљно во главата XII. Извршување на Програмата за работа за 2021 година, стратегиска цел 10, точка 10.4 Стратегија и превенција и стратегиска цел 11 – Одржување стабилен информатички систем и негова надградба согласно со постоечките капацитети и меѓународни стандарди.

Истовремено, заради ублажување на потенцијалните ефекти врз економијата, предизвикани од здравствената криза, Народната банка во согласност со своите надлежности донесе повеќе одлуки и преземаше конкретни активности за одржување на монетарната и финансиската стабилност, како и за подобрување на целокупниот амбиент за работа на компаниите и поддршка на македонската економија. За преземените активности и мерки Народната банка постојано известуваше за што беше отворен посебен дел на својата интернет-страница.

### 11.4. Финансиски ризици

Финансиските ризици претставуваат ризик од потенцијални финансиски загуби. Финансиските ризици на коишто е изложена Народната банка во најголем дел се во доменот на инвестициите на девизните резерви на Република Северна Македонија, а можат да произлезат и од спроведувањето на монетарните операции[98].

Рамката за управување со ризиците при управувањето и инвестирањето на девизните резерви е дадена во Политиката за управување и инвестирање на девизните резерви и има цел да постави ограничувања и контролни механизми за поединечните видови ризици, за да се овозможи ефективно и ефикасно остварување на целите при управувањето и инвестирањето на девизните резерви. Врз основа на усвоената рамка, управувањето со финансиските ризици се врши на дневна основа преку воспоставен систем на интерна контрола и автоматизирани процеси и процедури коишто овозможуваат процена на ризиците во реално време, нивно одржување во зададените рамки и поддршка во носењето инвестициски одлуки засновани врз информации.

Со почнувањето на глобалната пандемија во 2020 година, променливоста на приносите и каматните стапки на меѓународните финансиски пазари се зголеми. Во 2021 година, во услови на постепено отворање на меѓународните економии и нормализирање на економската активност, пазарните движења се стабилизираа, при што изложеноста на каматен ризик на девизните резерви се одржуваше на ниско ниво, значително пониска од прифатливото ниво на каматен ризик. Ликвидноста на девизните резерви се обезбедува со инвестирање во ликвидни инструменти, односно хартии од вредност за коишто постои секундарен пазар. Во текот на 2021 година нивото на најликвидни средства се одржуваше на релативно високо ниво и овозможуваше непречено извршување на функциите на девизните резерви. Во 2021 година се применуваше претпазлив и активен пристап на управување со девизните резерви којшто вклучуваше насоченост кон најбезбедните финансиски инструменти, заради исполнување на принципот на сигурност на девизните резерви.

Во текот на 2021 година, Народната банка не изврши монетарни операции за обезбедување денарски ликвидни средства на банкарскиот систем. Во секој случај, сите монетарни операции за обезбедување ликвидност за потребите на банкарскиот систем од страна на Народната банка се вршат како репо-трансакции, односно на обезбедена основа, при што како инструменти за обезбедување на редовните монетарни операции се прифаќаат висококвалитетни должнички хартии од вредност. Финансиските ризици се детално опишани во Извештајот на независниот ревизор и финансиските извештаи на Народната банка за 2021 година.

[98] Изложеноста на поединечните типови финансиски ризици коишто произлегуваат од управувањето со девизните резерви е опишана во глава VI од овој извештај.

## 11.5. Ризици од климатските промени[99]

**Ризиците од климатските промени,** како една од најголемите глобални закани, добиваат сè поголемо значење и во активностите на централните банки, како општествено одговорни институции. Имајќи ги предвид овие трендови, Народната банка го дополни Стратегискиот план за периодот 2020 – 2022 година[100] со вклучување активности за следење и управување со ризиците од климатските промени, како и анализа на влијанието на ризиците коишто произлегуваат од климатските промени врз банкарскиот систем, финансиската стабилност и економијата во целина. Заради важноста на управувањето со ризиците од климатските промени, Народната банка во новиот Стратегиски план за 2022 – 2024 година, издвои одделна стратегиска цел за **зголемувањето на свесноста за климатските промени и придонес кон „зелена" и одржлива економија,** што во крајна линија би обезбедило повисок животен стандард и унапредување на квалитетот на животот на граѓаните. Со издвојувањето посебна стратегиска цел, Народната банка како општествено одговорна институција, покажа дека има јасни и цврсти определби во рамките на своите надлежности за давање придонес во развојот на управувањето со ризиците во финансискиот сектор коишто произлегуваат од климатските промени. Исто така, на почетокот на оваа година, Народната банка стана членка на меѓународната мрежа за зелен финансиски систем, во којашто тековно членуваат 100 членки и 16 надбљудувачи од редот на централните банки и супервизорските институции од целиот свет, со што ја поддржа меѓународната декларација во рамките на Конференцијата на ООН за климатски промени. Со оглед на важноста на ова прашање се предвидени повеќе конкретни активности, во доменот на истражувања за климатските промени и нивното влијание врз домашната економија[101], а ќе се воспостави и систем за редовно известување за „зелените" кредити и изворите на финансирање. Исто така, ќе се согледаат можностите и капацитетите за спроведување стрес-тестирање за финансиските ризици од климатските промени врз банките, а ќе се почне и со активности за изработка насоки за банките за соодветно управување со ризиците од климатските промени. Исто така, се правеа заложби за зголемување на инвестициите во „зелени обврзници" што овозможи диверзификација на портфолиото на девизните резерви, преку инвестирање во финансиски инструменти издадени на глобалните финансиски пазари, како конкретен придонес за зачување на животната средина и унапредување на општествената одговорност.

[99] Информации за активностите поврзани со управување со климатските ризици може да се најдат во главата XII. Извршување на Програмата за работа за 2021 година, стратегиска цел 2 - Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата, како и во **Програмата за работа за 2022 година**.

[100] Стратегиски план на Народната банка за 2020 – 2022 година.

[101] При крајот на 2021 година беше подготвена **Анкета за банките со прашања поврзани со климатските промени,** во согласност со иницијативите коишто ги преземаат и другите централни банки за ублажување на несаканите економски последици од климатските промени, вклучително и на ефектите врз финансиските системи, кои добиваат сè поголемо значење. Резултатите од анкетата ќе бидат обработени во првите месеци од 2022 година, а ќе претставуваат основа за да се согледаат практиките и политиките на банките за управување со ризиците од климатските промени, и на нивната свесност за предизвиците (ризиците) коишто произлегуваат од климатските промени, а исто така и ќе послужат за изготвување насоки/очекувања на Народната банка во поглед на управувањето со ризиците од климатските промени од страна на банките.

# XII. Извршување на Програмата за работа за 2021 година

## Вовед

Пандемијата со ковид-19 продолжи во текот на 2021 година, со што и за 2021 година беше карактеристичен контекст на продолжена неизвесност и непредвидливост. Во вакви околности и Народната банка ги остваруваше стратегиските цели[102] и презеде повеќе конкретни активности со кои се овозможи непрекинатост во нејзиното работење и секојдневно извршување на зададените законски цели и функции.




Програмата за работа на Народната банка на Република Северна Македонија за 2021 година содржи 159 програмски активности за остварување на 11-те стратегиски цели утврдени со Стратегискиот план на Народната банка на Република Северна Македонија за периодот 2020 – 2022 година. Програмата се извршува преку оптимално насочување на расположливите ресурси кон приоритетните области, јакнење на капацитетите во сите сегменти на работењето, понатамошно подобрување на квалитетот на работењето, притоа овозможувајќи следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки и активности.







Програмските активности опфаќаат спроведување на редовните работни процеси и активности поврзани со проектите коишто овозможуваат воведување промени во работењето од аспект на зголемување на ефикасноста, квалитетот, транспарентноста и сигурноста, усогласување со новите законски барања, европските прописи, меѓународните стандарди и со барањата на Меѓународниот монетарен фонд.

---

[102] Целите на Народната банка се дефинирани во Законот за Народната банка.

## Поенти

„Централна банка којашто со флексибилни, соодветно осмислени и навремени одлуки, во време на брзи промени и дигитална трансформација, придонесува за повисок животен стандард на граѓаните преку создавање амбиент на одржлив и инклузивен економски развој". Визијата на Народната банка е да биде препознатлива како *„независна, одговорна, професионална, иновативна и транспарентна институција, којашто има висока доверба и кредибилитет кај јавноста".*



**Денарот беше и ќе биде еден од клучните столбови на стабилноста на македонската економија**



**Високото ниво на девизни резерви ѝ овозможи на Народната банка да делува навремено како одговор на пандемијата**



**Највисоки оценки за монетарната политика и Народната банка во Извештајот на ЕК за напредокот за 2021 година**



**Банкарската регулатива и супервизијата на банките е во согласност со високите стандарди на ЕУ**



**Висок квалитет на статистичката функција на Народната банка**



**Платежната инфраструктура се развива и модернизира: финтек-секторот сè побрзо се шири во индустријата на плаќањата**

Со новиот Стратегиски план покрај традиционалните цели поврзани со мандатот на централната банка, ќе се стави акцент на предизвиците и на новите трендови на коишто ќе им се посвети внимание во следните три години.



**Зголемување на свесноста за климатските промени и придонес кон зелена и одржлива економија**

NGFS

**Народната банка стана членка на меѓународната мрежа за зелен финансиски систем**



**Усвоена првата национална стратегија за финансиска едукација и инклузија**



**Посебен акцент на заштитата на потрошувачите и финансиската едукација**



**Стратегија за финтек-секторот: забрзување на дигитализацијата и примена на најновите технологии во финансиите**



**Зајакнување на управувањето со ризиците со акцент на сајберотпорноста и оперативната отпорност**

**Стратегиска цел 1 – Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото**



Во текот на 2021 година, активностите поврзани со одржувањето на макроекономската стабилност се извршуваа во специфични услови коишто наметнуваа внимателно и детално осмислување заради навремено носење и извршување соодветни одлуки. Во рамките на оперативното **спроведување на монетарната политика,** Народната банка редовно ги спроведуваше монетарните операции заради натамошно успешно постигнување на основната цел. Во анализираниот период беа комплетирани активностите поврзани со воспоставување на подзаконската регулатива и на оперативните аспекти на користењето на репо-линијата на Европската централна банка (ЕЦБ) за обезбедување ликвидност во евра на Народната банка за домашниот банкарски систем. Во март 2022 година, ЕЦБ донесе одлука дополнителната девизна ликвидност од 400 милиони евра да ѝ биде на располагање на Народната банка преку репо-линијата до 15 јануари 2023 година.

**Репо-линијата е само уште еден заштитен слој, имајќи го предвид високото ниво на девизни резерви и високата ликвидност на банките, коишто ја гарантираат стабилноста на денарот и макрофинансиската стабилност.**




Како одговор на неповолните ефекти од здравствената криза, **Народната банка и во 2021 година ја применуваше нестандардна мерка кај задолжителната резерва на банките со којашто се стимулира кредитната поддршка на тековно најпогодените дејности.** Подзаконската регулатива на оваа мерка на редовна основа се усогласуваше со фискалните пакети мерки на Владата на Република Северна Македонија.

Во процесот на оперативно спроведување на монетарната политика, Народната банка редовно ги следеше случувањата на девизниот пазар, а активностите за натамошно задржување на стабилноста на девизниот курс на денарот вклучуваа: анализи и активно следење на трендовите на понудата и побарувачката за девизи на домашниот девизен пазар; комуникации со банките за подобро осознавање на движењата со нивните клиенти; и интервенции со банките поддржувачки заради задоволување на побарувачката или акумулирање на вишокот девизи.

Најголемиот дел од програмските активности во доменот на поставеноста на монетарната политика поврзани со подготовката на макроекономските проекции, редовните анкетни истражувања и анализи коишто се користат при донесувањето на одлуките на монетарната политика се одвиваа со редовната динамика и придонесуваа за одржувањето на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото, како основна стратегиска цел на Народната банка.

**Програмските активности за натамошно развивање на аналитичката инфраструктура на макроекономските проекции редовно се остваруваа.** Имено, покрај вообичаените проверки на моделите за краткорочно проектирање, во текот на годината беа унапредени постојните модели, а беа конструирани и нови модели

со користење нови пристапи и нови варијабли. Во текот на годината, беа направени и вообичаени проверки на моделот МАКПАМ, со што проекциите во април и октомври 2021 година беа во целост изработени со новата софтверска инфраструктура (на кодовите на моделот Матлаб и Ирис). Покрај тоа, се продолжија активностите[103] за унапредување на перформансите и структурата на моделот. Беа направени и „проекции во сенка", заради целосен премин на новиот модел од 2022 година. Со направените унапредувања и збогатувања на моделот МАКПАМ се зголемува можноста за поопсежни анализи, поголема конзистентност, подобра моќ за објаснување и проектирање , а со тоа и подобри препораки за политиките.

Во текот на 2021 година, беше направено ажурирање на основните показатели на коишто се заснова постојната монетарна стратегија, преку реоценување на монетарната трансмисија преку каматни стапки и оцена на усогласеноста на реалниот ефективен девизен курс со неговите фундаменти со примена на двата пристапа (БЕЕР и ФЕЕР)[104]. Во текот на годината беа разгледани и показателите за ранливоста на македонската економија и за одделните земји во регионот, а беше извршена и редовната ревизија на одржливоста на надворешниот долг, како и на одржливоста на јавниот долг. На редовна основа беа спроведени Анкетата за кредитната активност, како и Анкетата за инфлациските очекувања и за очекувањата за движењето на реалниот БДП заради добивање важни влезни елементи при прогнозирањето на идните макроекономски текови. За потребите на проекцијата на билансот на плаќања, беа спроведени анкети за деловните планови на најголемите извозници и увозници.

Заради подобро согледување на најновите економски движења во домашната економија, како и оценување на нивните влијанија врз монетарната политика, во текот на годината беа изработени и редовните месечни и квартални извештаи, а исто така и Годишниот извештај за работењето на Народната банка. Во рамките на **заложбите за зголемена транспарентност на монетарната политика,** редовно се изработуваа и се **објавуваа соопштенија и презентации за јавноста** во кои на синтетизиран начин се даваше детален осврт на моменталните состојби и очекувањата за наредниот период поврзани со економската состојба и монетарната политика. Истовремено, беа објавени неколку макроекономски анализи, во вид на аналитички прилози[105] во рамките на редовните квартални извештаи, а дел од нив беа поврзани со ефектите од пандемијата врз менувачкиот и кредитниот пазар и врз економијата во целина.

### Стратегиска цел 2 – Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата



Во изминатата 2021 година, Народната банка посветено работеше на **унапредување на сите елементи од областа на банкарското работење и супервизијата,** а во согласност со одредбите од домашните законски норми и одредбите од директивите на Европската Унија. Заради зацврстување на банкарскиот систем, Народната банка презеде и бројни активности за измени на подзаконските акти за ублажување на последиците предизвикани од корона-кризата и активно приспособување кон новите состојби.

---

[103] Активностите во однос на репондерирање, рекалибрација на постојните варијабли/равенки и збогатување (додадена равенка за кредитите) коишто се завршија до крајот на годината.
[104] BEER-Behavioral Equilibrium Exchange Rate: FEER-Fundamental Equilibrium Exchange Rate.
[105] https://www.nbrm.mk/analitichki_prilozi_vo_kvartalnitie_izvieshtai.nspx

**Прилог 3. Постојано унапредување на банкарската регулатива и супервизијата заради хармонизација со одредбите на Европската Унија**

Во текот на 2021 година, Европската комисија донесе одлука со која оцени дека банкарската регулатива и супервизијата којашто ја спроведува Народната банка е во согласност со високите стандарди на Европската Унија. Со Одлуката се потврдува дека банкарската регулатива, како и начинот на вршење супервизија на банките во Република Северна Македонија е еквивалентна на онаа којашто се спроведува во ЕУ. Со ова нашата земја се вклучува на листата од 26 земји во светот, меѓу кои САД, Канада, Јапонија и Нов Зеланд, коишто ги исполнуваат овие високи стандарди.

Оценувањето беше спроведено од страна на Европскиот банкарски орган, при што во период од повеќе од една година беа проучувани домашната банкарска регулатива и супервизија од страна на европските експерти. Добиената позитивна оцена означува дека со домашната банкарска регулатива и супервизија се постигнати истите цели како оние воспоставени во Унијата во однос на одржувањето на стабилноста и интегритетот на финансискиот систем, ефикасноста и соодветноста на заштитата на корисниците на финансиски услуги, соработката помеѓу различните учесници на финансискиот пазар, независноста и ефикасноста на супервизијата и ефикасното спроведување на меѓународните стандарди. Последователно, оцената на Европскиот банкарски орган беше усвоена од страна на Европската комисија.

Позитивната оцена за усогласеноста на банкарската регулатива и супервизија со таа во ЕУ е потврда на постојаните заложби и активности на Народната банка за усогласување со нормите на ЕУ. Добивањето еквивалентен третман е значајно од аспект на согледувањата на потенцијалните инвеститори и полесно и поефикасно поврзување на домашниот банкарски систем со меѓународните финансиски пазари. Позитивната оцена го олеснува пристапот на домашните институции до меѓународниот финансиски пазар, носи предности во водењето на монетарната политика на Народната банка и ја олеснува соработката со супервизорските органи во ЕУ.

Одлуката од 1.10.2021 година е објавена во Службениот весник на Европската Унија и е достапна на следнава врска. За натамошно приближување на супервизорските практики до насоките на ЕБА и практиките на ЕЦБ, во текот на првото полугодие од 2021 година беше завршен процесот за оцена на процесот на утврдување интерна ликвидност од страна на банките (ПИЛ), активност којашто се одвиваше во рамките на твининг-проектот подржан од Европска Унија. Од активностите произлезе изработката на супервизорска алатка за оценување на овој процес, односно Народната банка изработи интерна методологија, којашто содржи принципи, насоки за обезбедување конзистентна примена на пристапот при супервизорското оценување на овој процес, како и унапредување на рамката и управувањето на овој процес кај банките. Одржани се работни средби со претставници на банките на кои се разменија првичните согледувања за првите извештаи за ПИЛ, заради понатамошно усовршување на процесот на ПИЛ, а со тоа и процесот на управување со ризици кај банките.

Во текот на годината, се комплетираа активностите за неколку **нацрт законски решенија**: Нацрт-закон за Народната банка, Нацрт-закон за решавање банки, Нацрт-закон за платежни услуги и платни системи и се очекува дека во скоро време ќе бидат усвоени. Во овие процеси беа вклучени голем број работни групи, со претставници од Народната банка и други институции, коишто подготвија повеќебројни подзаконски акти. Во однос на **Нацрт-законот за решавање банки**, тој се заокружи во рамките на техничката помош организирана од ФинСАК (Светската банка), со којшто ќе се овозможи воспоставување законска рамка за спроведувањето на оваа нова функција од страна на Народната банка, како и ќе се пропишат подготвителните активности за решавање банка, условите за започнување постапка на решавање банки и инструментите и механизмите за нејзиното спроведување.

Особено значајна беше и **техничката мисија со ММФ во доменот на стрес-тестирањето,** којашто претставува основа за натамошно унапредување на постојната рамка за стрес-тестирање на ниво на банкарскиот систем, но и за подигнување на капацитетот за стрес-тестирање на самите банки и примената на резултатите за поединечните банки како од страна на банките, така и од страна на Народната банка. Заради понатамошно зајакнување на подготвеноста и отпорноста на банките на евентуални реформи, беше изработена и анализа за реформите во врска со референтните каматни стапки на глобално ниво, заради запознавање на банките со генералните насоки во однос на активностите коишто треба (или се очекува) да ги преземат во врска со овие реформи.

Во 2021 година, **редовно се состануваа двата поткомитета во рамки на Комитетот за финансиска стабилност.** Работата на овие поткомитети дава значителен придонес во следењето на ризиците во сите сегменти од финансискиот систем што е една од алатките во севкупниот процес на следењето и одржувањето на финансиската стабилност. Со измената на Стратегискиот план на Народната банка, во 2021 година, за првпат, **како стратешки приоритет се поставија активностите поврзани со климатските промени, со цел да се даде придонес кон создавањето „зелена" и одржлива економија.** Почетните активности на Народната банка имаат за цел **подигнување на свесноста за ризиците од климатските промени и осознавање на значењето на климатските промени во контекст на работењето на банките и финансиската стабилност, како и за економијата во целина.** Така, при крајот на 2021 година беше подготвена **Анкета за банките со прашања поврзани со климатските промени**[106]**,** во согласност со иницијативите коишто ги преземаат и другите централни банки за ублажување на несаканите економски последици од климатските промени, вклучително и на ефектите врз финансиските системи, коишто добиваат сѐ поголемо значење.

Во однос на **вонтеренските супервизорски активности**, во текот на 2021 година редовно се извршуваше оцена на севкупните профили на ризик на банките што опфаќаше и оцена на процесот на утврдување интерна ликвидност од страна на банките, процесот на утврдување интерен капитал, оцена на плановите за закрепнување на системски значајните банки, подготовка и следење на корективните мерки врз основа на утврдени неусогласености и неуредности во работењето на банките и штедилниците, одржување годишни редовни состаноци со друштвата за надворешна ревизија и со членовите на управниот и надзорниот одбор на банките. Редовно се спроведуваа и активностите за лиценцирање членови на органи на банките и штедилниците, како и издавање дозволи за вршење менувачко работење и услуги на брз трансфер на пари. Во текот на оваа година, Народната банка продолжи со јакнење на институционалниот капацитетот за оценување на процесот на утврдување интерна ликвидност од страна на банките. Заради дигитализација на работните процеси, а со цел истовремено да се искористат бројните предности коишто ги нуди технологијата, во изминатиот период, активно се работеше на проектот за воведување електронски извештај за физичките лица од Кредитниот регистар, со кој ќе се зголеми ефикасноста на овој процес преку замена на човечкиот фактор и олеснување на пристапот на граѓаните до овие извештаи. Особено внимание им се посвети и на изработката на

[106] Резултатите од анкетата ќе бидат обработени во првите месеци од 2022 година, а ќе претставуваат основа за да се согледаат практиките и политиките на банките за управување со ризиците од климатските промени и на нивната свесност за предизвиците (ризиците) коишто произлегуваат од климатските промени, а исто така и ќе послужат за изготвување насоки/очекувања на Народната банка во поглед на управувањето со ризиците од климатските промени од страна на банките.

подзаконската регулатива за лиценцирање на платежните институции и учеството во изработката на подзаконската регулатива за супервизија и надзор на платежните институции.

Табела 4
Разгледани барања за издавање претходна согласност во 2021 година

| Вид на дозвола/согласност (банки) | издадени | одбиени | запрени |
|---|---|---|---|
| Согласност за стекнување акции во банка | 1 | / | / |
| Согласност за почнување со вршење финансиска активност | 1 | / | 1 |
| Согласност за статусна промена | 1 | / | / |
| Согласност за промена на име и седиште | 1 | / | / |
| Согласност за измена и дополнување на статут | 10 | / | 2 |
| Согласност за именување член на надзорен одбор | 23 | / | 5 |
| Согласност за именување член на управен одбор | 21 | / | 1 |
| Согласност за вклучување добивка во редовниот основен капитал | 3 | / | / |
| **Вид на дозвола/согласност (штедилници)** | **издадени** | **одбиени** | **запрени** |
| Согласност за именување на управител | / | / | / |
| **Вкупно:** | **61** | **0** | **9** |

Дирекцијата за теренска супервизија во текот на 2021 година продолжи со спроведување **редовни теренски контроли,** во отежнати услови за работа поради пандемијата од ковид-19. Сепак, и покрај присутните ограничувања и вонредното окружување во текот на 2021 година се спроведоа 11 редовни теренски контроли од кои 9 кај деловни банки и 2 кај штедилници, тематска контрола на ниво на банкарски систем поврзана со оцена на ризиците на дигиталниот простор и 104 непосредни контроли кај овластени менувачи, со што се оствари Планот за 2021 година. Исто така, беше остварен и процесот на надградба на постојната методолошка рамка за оцена на ризиците преку унапредувањето на интерните процедури за оценување на поодделните ризици кај деловните банки, се изврши и нивно усогласување со најновите измени од законската и подзаконската регулатива, како и со правилата на Европската централна банка.

Во врска со активностите за **зајакнување на рамката за спречување перење пари и финансирање тероризам,** беше спроведена анкета кај овластените менувачи и давателите на услуги брз трансфер на пари во однос на начинот на спроведување на процесот на СППФТ. Врз основа на спроведената анкета, изработена е нацрт-верзија на Циркулар за најдобрите практики за постапување на давателите на услуги брз трансфер на пари и на овластените менувачи заради усогласено работење со прописите за СППФТ, којшто треба да биде усвоен од страна на Советот на Народната банка во првото полугодие на 2022 година.

Табела 5
Извршени теренски контроли во текот на 2021 година

| 1.1.2021-31.12.2021 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вид на субјект** | **Вкупен број на субјекти** | **Вкупен број на теренски контроли** | **Број на тематски контроли во сферата на спречување перење пари и финансирање тероризам** | **Број на контроли во сферата на спречување перење пари и финансирање тероризам комбинирани со контроли на останатите ризици** |
| **ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** | | | | |
| **Банки и штедилници** | 13 банки и 2 штедилници | 9 банки и 2 штедилници | / | 8 банки |
| **Даватели на услуги брз трансфер на пари и овластени менувачи** | 8 даватели на услуги брз трансфер на пари, 242 субагенти и 244 овластени менувачи | 2 даватели на услуги брз трансфер на пари и 104 овластени менувачи | / | 2 даватели на услуги брз трансфер на пари и 104 овластени менувачи |

Народната банка следејќи го трендот на останатите централни банки во ЕУ и во регионот во делот на управувањето со ИТ-ризиците и ризиците од дигиталниот простор, во декември 2021 година, формира **Канцеларија за супервизија на информативните системи** како нов организациски дел во рамките на Секторот за супервизија. Новиот организациски оддел ќе врши следење и усогласување со регулативата на ЕУ во делот на управувањето со ИТ-ризиците и заканите од дигиталниот простор во лиценцираните субјекти од страна на Народната банка, преку изработка на соодветна регулатива во овој дел, како и примена на најдобрите практики во делот на банките и институциите за платежни услуги. Истовремено, ќе продолжи со пруденттната супервизија на информативните системи на банките преку спроведување теренски и редовен вонтеренски надзор.

Во текот на 2021 година продолжија активностите за изработка на **првата Национална стратегија за финтек-секторот** во која се содржани препораките за поддршка на финтек-секторот, а чиешто спроведување е во надлежност на финансиските регулатори[107]. Паралелно на ова, се изработи **Меморандум за соработка за создавање услови за поддршка на развојот на иновациите во финансискиот систем во Република Северна Македонија.** Согласно со меморандумот, се воспоставува рамка за соработка во доменот на финтек-секторот меѓу финансиските регулатори во земјата. Поконкретно, се поставува систем преку кој регулаторите координирано ќе дејствуваат, секој во својата надлежност, во однос на спроведувањето на националната Стратегија за финтек-секторот чијашто прва верзија е веќе подготвена од Народната банка.

Согласно со предвидените активности за финансиска инклузија и заштита на потрошувачите на финансиски услуги во **Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021 – 2025**, **работната група за заштита на потрошувачите** во Народната банка во текот на 2021 година презеде неколку активности. Од почетокот на август, сите банки и штедилници започнаа со спроведување на Насоките за содржината, обликот и начинот на објавување на податоците за најрепрезентативните кредитни и депозитни производи за физички лица, донесени од Народната банка и Македонската банкарска асоцијација во јули 2021

[107] Се очекува дека документот ќе биде набрзо усвоен.

година. Целта е да се постигне поголема транспарентност и споредливост на податоците за депозитите и кредитите за населението, кај сите банки и штедилници, вклучително и за каматните стапки, заради подобра информираност на граѓаните и носење одлуки коишто се засноваат врз подетални информации[108]. Исто така, беше изработена анализа за искуствата на земјите со финансиски омбудсман, а беа преземени и почетни активности за изработка на Предлог-закон за финансиски омбудсман којшто во понатамошните активности ќе биде разгледуван заедно со другите финансиски регулатори. Со цел да се засилат активностите во доменот на заштитата на потрошувачите, во декември 2021 година, беше формирана посебна организациска единица за заштита на потрошувачите и финансиска едукација.

### Стратегиска цел 3 – Чување и управување на девизните резерви во согласност со принципите на сигурност и ликвидност и обезбедување оптимален поврат[109]



Променливоста на движењата на меѓународните финансиски пазари и низата неизвесности поврзани со случувањата околу здравствената криза на глобално ниво, дополнети со сè поприсутните инфлациски притисоци, коишто се засилија кон крајот на годината под влијание на енергетската криза, наметна потреба за активно управување со портфолијата на девизните резерви согласно со променетите пазарни услови, но и натамошно активно следење и навремена реакција на Народната банка за ублажување на ефектите од ризиците коишто произлегуваа од променетите околности. Во таа смисла, се ревидира инвестициската поставеност и изложеноста кон пазарните ризици во контекст на пазарните услови, врз основа на што се предлагаа промени во инвестирањето, коишто вклучуваа намалување на изложеноста кон валутен ризик, одржување високо ниво на оперативното портфолио, се правеа заложби за зголемување на инвестициите во „зелени обврзници“ и се разгледуваа можностите за промени на инвестициската политика согласно со променетите пазарни околности и трендовите на инвестирање на девизните резерви на глобално ниво.

### Стратегиска цел 4 – Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек[110]



Во текот на 2021 година, Народната банка на редовна основа **ги снабдува банките и центрите за готовина со книжни и ковани пари.** Притоа, поради специфичните услови на работење предизвикани од здравствената криза, се водеше сметка за ефикасноста на воспоставениот систем на снабдување со готовина, како и навремено преземање соодветни мерки. Во рамките на редовните активности, Народната банка ја следеше побарувачката на ефективни странски пари за потребите на Народната банка, државните институции и органите на управа и навремено интервенира за соодветно задоволување на потребите.

Согласно со мерките за справување со пандемијата, **контролата на примената на стандардите и критериумите за готовинско работење** кај банките и центрите за готовина се ограничи на посредни контроли, сè додека не се создадат целосни безбедносни услови за извршување на овие активности преку непосредните теренски

---

[108] Податоците во ваква унифицирана форма, се достапни на интернет-страниците на банките и штедилниците, како и централизирано на новиот дел на интернет-страницата на Народната банка, наменет за информирање на потрошувачите.
[109] Подетално во главата VI. Управување и инвестирање на девизните резерви.
[110] Подетално во главата VIII. Издавање и управување со книжните и кованите пари на Република Северна Македонија – трезорско работење.

контроли. Согласно со извршената измена и дополнување на Законот за Народната банка во 2021 година, се овозможи правна основа за спроведување надзор над условите и начинот на снабдувањето со книжни и ковани пари. Редовните процедури за тестирање на машините за обработка на пари се спроведуваат според дефинираната динамика, а ажурираната листа на успешно тестирани машини редовно се објавува на интернет-страницата на Народната банка.

Проектот за надградба на апликацијата за експертиза на фалсификати во делот на модулот за замена на оштетени пари е целосно завршен. Заради мерките за заштита од пандемијата, одложени се активностите за спроведување на стандардизираната платформа за обука на кадрите на банките и центрите за готовина за проверка на автентичноста и соодветноста на парите за оптек, како и за остварување на националниот план за обука, согласно со препораките од спроведениот твининг-проект „Јакнење на капацитетите на системот за борба против фалсификување евра". Овие активности ќе продолжат кога ќе се создадат услови за одржување вакви обуки со присуство на повеќе учесници.

### Стратегиска цел 5 – Сигурно и ефикасно функционирање на платните системи и развој на пазарот на платежни услуги[111]



Во изминатата 2021 година, Народната банка особено се заложи за својата **развојна и катализаторска улога во доменот на платните системи.** Притоа, Народната банка во соработка со Министерството за финансии беше активно вклучена во комплетирањето на Нацрт-законот за платежни услуги и платни системи, продолжувајќи со консултативниот процес со банкарскиот сектор и други засегнати страни и државни институции. Нацрт-законот беше усогласен со Секретаријатот за законодавство и усвоен од Владата на крајот на годината. Во услови на продолжена здравствена криза, Народната банка ја организира сигурно и непречено работата на критичните операции поврзани со: работењето на платните системи во земјата, спроведувањето на монетарните операции и операциите за управување со девизните резерви и извршување на платниот промет со странство за државните органи, со што успешно ја извршуваше **оперативната улога** во овој домен во услови на пандемија. На тој начин, Народната банка со ваквиот пристап и преземените заштитни мерки за отпорност на дигиталниот простор ги примени најдобрите практики на современите централни банки. Од аспект на **надзорната улога во платните системи,** Народната банка извршуваше непосреден и посреден надзор од кои се согледува дека операторите на платните системи во услови на пандемија и натаму ги извршуваат своите операции непречено што се должи на претходно поставени и тестирани процедури за обезбедување непрекинатост во работењето согласно со стандардите за нивно работење пропишани од Народната банка.

Исто така, за зајакнување на капацитетите Народната банка го заврши твининг-проектот на ЕУ во чии рамки беа остварени голем број е-обуки во соработка со централни банки од членки на ЕУ, а коишто се поддршка во изработката на подзаконската регулатива за спроведување на Законот со којшто се очекува влез на нови даватели на платежни услуги, а пред сè од финтек-секторот, како и поттикнување на дигиталната трансформација на постојните даватели на платежни услуги.

[111] Подетаљно во главата VII. Платежни услуги и платни системи.

## Стратегиска цел 6 – Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари

Во однос на **домашните финансиски пазари,** продолжија редовните активности, вклучувајќи: редовно следење на меѓубанкарското тргување со депозити, тргувањето со девизните средства, како и на секундарниот пазар на хартиите од вредност, редовно објавување на податоците за движењата на финансиските пазари. Народната банка продолжи со редовните месечни анализи на движењата на девизниот пазар, особено на сегментот помеѓу банките и менувачниците, како и физичките лица, а со редовна динамика се следеше и девизната позиција на банките. Анкетата за движењата на девизниот пазар којашто започна да се доставува до банките поддржувачки на девизниот пазар на почетокот од здравствената криза и натаму се спроведуваше со месечна динамика заради стекнување сознанија за очекувањата на банките за трендовите на девизниот пазар за наредниот период. Во четвртиот квартал од 2021 година, во услови на зголемен обем на тргување на девизниот пазар и обезбедување еден дел од потребната девизна ликвидност преку интервенции на Народната банка за продажба на девизи на банките поддржувачки, беше подготвена подетална анализа на движењата на сите сегменти на девизниот пазар и се одржа работна средба со најзначајните учесници на девизниот пазар, на којашто се разгледаа согледувањата на пазарните учесници за тековните движења и очекувањата за натамошниот период. Во однос на берзанските движења, се продолжи со подготовка на краток неделен осврт за позначајните берзански движења, а во првата половина од годината на дневна основа се следеше и движењето на цените на акциите на домашните деловни банки. Во согласност со глобалните процеси за реформа и зајакнување на референтните каматни стапки на пазарите на пари, Народната банка подготви анализа на можностите за воспоставување нова референтна каматна стапка на домашните пазари на пари, земајќи ја предвид тековната практика на банките при утврдувањето на каматните стапки во договорните активности со нивните клиенти, како и актуелните движења на домашните пазари на пари. Во 2021 година, Народната банка учествуваше во Регионалната работна група за финансиските пазари во организација на РЦЦ (Regional Cooperation Council – RCC), но и во Советот за развој на пазарот на капитал во нашата земја, преку којшто Народната банка имаше придонес кон подготовка на Стратегијата за либерализација и развој на финансиските пазари со посебен осврт на пазарот на капитал.

## Стратегиска цел 7 – Поттикнување и натамошен развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка

Народната банка им посветува големо внимание на напорите за ефикасно остварување на своите поставени цели. Во рамките на овие напори клучно значење има **истражувачката дејност во областите на монетарната политика, финансиската стабилност и макропрудентната политика.** Преку ваквите активности, Народната банка се вбројува меѓу централните банки коишто постојано вложуваат и ја надградуваат својата истражувачка дејност заради создавање солидни аналитички основи коишто се користат при носењето политики и одлуки за потребите на работењето на Народната банка. Така, во текот на 2021 година, во Народната банка се работеше на повеќе работни материјали од областа на макроекономијата[112]. Заради зајакнување на транспарентноста на Народната банка, се изработи и анализа на

[112] Работни материјали: „Монетарната наспроти макропрудентната трансмисија: ефикасност и ефективност“; „Ефекти од зголемувањето на минималната плата врз перформансите на фирмите“, како и анализата за „Евроизација на домаќинствата во Северна Македонија“.

степенот на разбирливост на комуникацијата на Народната банка на Република Северна Македонија со јавноста.

Во рамките на ЕУ твининг-проектот „Јакнење на институционалниот капацитет на Народната банка на патот кон нејзиното членство во Европскиот систем на централни банки" се реализираше истражувачкиот труд за „Динамички стохастичен модел на општа рамнотежа (ДСГЕ-модел) со делумна евроизација: случајот на македонската економија". Целта на ова истражување е да се утврди врската помеѓу реалните и финансиските циклуси во македонската економија, преку примена на динамичкиот стохастичен модел на општа рамнотежа (модел ДСГЕ) приспособен на спецификите на македонската економија. Моделот претставува значајно надополнување на аналитичката инфраструктура на Народната банка со оглед на тоа дека во рамката на моделот се ставаат врските помеѓу одделните сектори во економијата, вклучително банките, домаќинствата, претпријатијата. Со тоа, преку овој модел може да се симулираат ефектите од различни шокови и да се оценат ефектите врз економијата во целина, но и врз однесувањето на одделните сектори. Тој може да се користи за економски анализи и истражувања, но и за симулации, со што има голем придонес во формулирањето на монетарната политика, како и за останатите носители на политиките бидејќи овозможува **анализа на економскиот циклус во нашата држава во последните 15 години.** Воедно, претставува прв од ваков вид со што ќе биде значајна референца за натамошни истражувања и анализи на влијанието на движењата на финансискиот сектор врз економијата. Исто така, во текот на 2021 година активно се работеше и на истражувачки анализи во областите на потрошувачката на трајни добра во Северна Македонија, се испитуваше постоењето асиметрии во приспособувањето на каматните стапки и се анализираа маржите во домашната економија со употреба на макроекономски и микроекономски податоци.

Во однос на истражувачките активности во областа на финансиската стабилност, исто така се изработија повеќе трудови со кои се подобрија аналитичките можности и целокупното знаење и искуство. За поддршка на макропруденцијалните политики и практики, а заради одржување на финансиската стабилност, се изработија и повеќе анализи од претходно споменатата област. Во последниот квартал од 2021 година, беше изработен прашалник во врска со политиките и практиките на банките при станбеното кредитирање, како и за нивните видувања за тековните движења на пазарот на недвижности. По сумирање на резултатите се изработи детална анализа од аспект на кредитирањето на овој сегмент заради согледување на ризиците за банкарскиот систем од овој домен на кредитирањето и разгледување предлог-мерки во случај на потреба од евентуално преземање превентивни, макропруденцијални или други мерки во овој домен.

За да се согледаат последиците од корона-кризата врз работењето на компаниите најголеми должници во текот на 2020 година, врз нивната профитабилност, ликвидност и задолженост, односно влијанието врз нивниот севкупен должнички профил, а крајно врз ризиците коишто произлегуваат од овие компании, за домашните банки беше изработена анализа на дваесетте друштва од домашниот корпоративен сектор кон коишто домашните банки имаат најголема кредитна изложеност.

Заради согледување на сите аспекти поврзани со надлежностите и улогата на надзорниот одбор во корпоративното управување на банките во Република Северна Македонија, во периодот од декември 2020 година до јануари 2021 година, Народната банка спроведе Анкета за начинот на работа на надзорните одбори во банките. Врз основа на добиените одговори од анализата се доби општа слика за основните карактеристики, предности или слабости во корпоративното управување на банките во

земјата коешто е од клучно значење за стабилноста на банките и за ефикасното извршување на улогата на финансиски посредници. Таа може да служи како насока за супервизијата, но пред сè за банките, во идентификувањето на областите во работењето на надзорните одбори каде што анализата укажува на потребата од одредени подобрувања или промени.

Народната банка во 2021 година продолжи со квартално организирање на **Клубот на истражувачите**, во виртуелен формат, каде што се презентираат и се разгледуваат работни материјали и истражувачки трудови на релевантни теми. Народната банка и оваа година ја додели Годишната награда за млади истражувачи, а наградениот труд беше презентиран на 39 сесија на Клубот на истражувачите. Во 2022 година, Народната банка ќе продолжи со промовирањето на истражувачката активност и организирањето на Клубот на истражувачите.

### Стратегиска цел 8 – Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за товарот на известување и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците



Во текот на 2021 година, негативниот шок заради пандемијата на ковид-19 немаше влијание врз квалитетот и текот на процесот на составување, а со тоа и дисеминација на статистичките податоци во Народната банка. Имено, и во оваа година на неизвесност поради здравствената криза, **постојано се прибираа, се изготвуваа и се објавуваа статистички податоци од доменот на екстерните, монетарните статистики и статистиката на финансиски сметки,** во согласност со Календарот за објавување на податоци без временски доцнења, а опфатот и квалитетот на изворите и производството на податоците беа непроменети и на високо ниво.

И покрај специфичните околности, Народната банка продолжи со **активностите за унапредување на квалитетот на статистичките податоци и на соработката со национални и меѓународните институции**, коишто во најголем дел се однесуваа на активностите во рамките на меѓународните проекти, од кои како позначајни би ги издвоиле:

– **Проектот за понатамошно усогласување на статистиката на финансиските сметки со стандардите на ЕСЦБ/ЕЦБ** (компонента 3 од твининг-проектот на НБРСМ), забележа успешно остварување на сите планирани активности. Главните резултати од овој проект се: а) составување пилот / експериментална верзија на податоци за годишните финансиски сметки – текови, по сектори/потсектори; б) идентификација на извори на податоци и методи на проценка за составување првични квартални финансиски сметки за состојбите и тековите, по сектори и потсектори; в) развој на методи на консолидација на податоците од финансиските сметки помеѓу институционалните единици на ист сектор / потсектор, за 2018 година;

– **Проектот ИПА 2017 на Државниот завод за статистика (ДЗС)** за показателите за макроекономска нерамнотежа (показатели за МИП ), во чии рамки се подготвија три дополнителни показатели од областа на финансиските сметки (за кредитите на приватниот сектор) и два показатела од областа на супервизијата, со соодветни методолошки објаснувања (метаподатоци);

- **Учество во проектот ИПА 2017 на ДЗС за статистика на надворешна трговија со услуги,** чијашто основна цел е замена на постојниот извор на податоци за извозот и увозот на услуги и воведување на директно известување;

- **Учество во проектот „Миграциски дискурс, политика и планирање засновано на докази" на ОН,** чијашто основна цел е да се обезбеди поддршка на управувањето со миграцијата и демографската динамика во РСМ. Во рамките на проектот беа дефинирани и потребите на Народната банка за спроведување анкетно истражување за приватните трансфери, при што е изработена предлог-методологија и анкетен прашалник. Спроведувањето на анкетното истражување е предвидено за првата половина од 2022 година;

- Во текот на годината, продолжи **меѓуинституционалната соработка на Народната банка, Министерството за финансии (МФ) и Државниот завод за статистика (ДЗС)** во областа на статистиката на финансиските сметки, владината статистика за прекумерниот долг и дефицит, како и во заедничките проекти за техничка помош за натамошно развивање повеќе статистички домени. Посебно е значајно учеството на Народната банка во **Проектот за владина статистика на ММФ со МФ и ДЗС.**

Воедно, во текот на годината активно се работеше на понатамошен развој и надградба во одделни сегменти, поврзани со дисеминацијата на статистичките податоци и нивното методолошко унапредување. Позначајни активности коишто ја одбележаа 2021 година се:

- Во областа на **статистиката на финансиските сметки**, покрај на производството на годишните податоци за состојби, во текот на годината се работеше на изработка на експериментални податоци за квартални финансиски сметки, по сектори / потсектори и финансиски инструменти. Развојните активности се одвиваа во новиот систем за продукција на финансиски сметки. Воедно, засилено се работеше на развој на показателот „должнички хартии од вредност" на стандардот СДДС плус. Подготвени се податоци за должнички хартии од вредност, по сектор на издавачи и иматели (временска серија на податоци за периодот од првиот квартал на 2016 година до четвртиот квартал на 2020 година). Податоците и подготвената методологијата се доставени до ММФ на првично разгледување и се одобрени од страна на официјалниот претставник за стандардот СДДС плус.

- Во областа на **екстерните статистики,** за воспоставување ефикасен систем на известување, се работеше на неколку проекти за рационализација на процесот на прибирање податоци (за кредитните работи со странство и директните инвестиции) преку воведување електронско известување. Активностите на НБРСМ за развој на единствено статистичко складиште на податоци за екстерните статистики, преку нов проект, продолжија и во 2021 година, насочени кон вклучување на овој проект во рамките на ИПА III, за што се подготвија потребните проектни документи.

- Во областа на **монетарната статистика**, во рамките на долгорочниот проект за воспоставување интегриран систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата ИСИДОРА, се преземени повеќе активности, поврзани со: а) определување на степенот на деталност по кој ќе се известува по одделни инструменти (пред сѐ кај кредитите и депозитите); б) изработка на првичните

документи за известување – техничкото упатство и функционалната спецификација; в) одржани се неколку работилници со банките за понатамошно усогласување на барањата за известување.

Во текот на 2021 година, покрај редовното објавување статистички соопштенија, преземени се и дополнителни активности за **унапредување на комуникацијата со јавноста и јакнење на транспарентноста, и тоа:**

- Унапредување на начинот на комуникација со јавноста, преку подобра визуализација, објавување текстови со статистички содржини на медиумите и социјалните мрежи;

- Во рамките на проектот за унапредување на достапноста и разбирањето на статистичките податоци коишто ги објавува Народната банка, одржана е е-работилница за новинарите и предавање на Економскиот факултет при УКИМ, посветени на статистиката на финансиските сметки;

- Вклучување на Народната банка во одбележување на Денот на европската статистика, преку одржување предавања на студенти во неколку високообразовни институции во државата (Економскиот и Земјоделскиот факултет при УКИМ, Економскиот факултет при УГД и Универзитетот Американ колеџ Скопје).

Воедно, во октомври 2021 година е спроведено **второто анкетно истражување на задоволството на известувачите и корисниците од статистиките во надлежност на Народната банка,** а добиените резултати покажуваат дека е задржан високиот квалитет на статистичката функција на Народната банка и дека постои задоволителен степен на задоволство како на корисниците, така и на доставувачите на податоци.

### Стратегиска цел 9 – Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки

Во текот на 2021 година, активностите поврзани со стратегиската определба на Народната банка за усвојување на најдобрите европски практики се одвиваа и покрај отежнатите околности заради здравствената криза. Така, во рамките на **Регионалната програма финансирана од ЕУ за јакнење на капацитетите на централните банки на земјите кандидатки и потенцијални кандидатки за членство во ЕУ од Западен Балкан**, којашто формално заврши во декември 2021 година, претставници на Народната банка во текот на годината учествуваа на седум обуки во областите на: банкарската супервизија, финансиската стабилност, закрепнувањето и решавањето банки, статистиката, внатрешната ревизија и усогласеноста со регулативата и европската интеграција. Исто така, беше одржана една работилница на високо ниво за

прашања во областа на управувањето, како и две билатерални мерки[113] и една практична обука[114].

**Твининг-проектот „Јакнење на институционалниот капацитет на НБРСМ на патот кон нејзиното членство во ЕСЦБ“** формално заврши во март 2021 година. Во последниот квартал од проектот беа одржани шестиот и седмиот состанок на Управниот одбор на проектот, завршната работилница и работилницата за одржливост, како и завршната конференција на проектот. Во рамките на четирите компоненти од проектот – платежни услуги и платни системи, банкарска регулатива и супервизија, статистика на финансиските сметки и знаења и вештини во анализата на политиките, беа изведени девет виртуелни експертски мисии и една виртуелна студиска посета. Исто така, беше одржан по еден настан за видливост за секоја компонента. Покрај тоа, беше изработен и видеозапис за проектот, којшто беше споделен со јавноста во текот на март 2021 година, а беше подготвено и објавено последното издание на редовниот квартален билтен за проектот[115].

Во рамките на **Програмата за статистичка соработка финансирана од Повеќекорисничката програма на ИПА**, претставници од Народната банка во соработка со Државниот завод за статистика и Евростат учествуваа во проекти од доменот на статистиката. Покрај тоа, претставници од НБРСМ учествуваа во редовните активности во рамките на евроинтеграцискиот процес (редовните состаноци на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика и Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, учество во подготовката на Програмата за економски реформи, како и учество во подготовката на придонесот на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија за остварениот напредок за периодот октомври 2020 – март 2021 година и за периодот април 2021 – јуни 2021 година).

Во текот на 2021 година, билатералната техничка соработка на НБРСМ со другите централни банки се изведе во виртуелен формат со намален интензитет и број на обуки. Во рамките на Меморандумот за соработка со **Централната банка на Црна Гора**, НБРСМ оствари размена на искуства во областа на управувањето со девизните резерви, улогата на централните банки како фискален агент и сметководствените аспекти при мерењето на финансиските средства во рамки на девизните резерви.

### Стратегиска цел 10 – Натамошно унапредување на корпоративното управување, транспарентноста и општествената одговорност на институцијата

Остварувањето на програмските активности поврзани со унапредувањето на корпоративното управување, транспарентноста и

[113] Првата билатералната мерка се спроведе во соработка со Хрватската народна банка (ХНБ) и беше насочена кон понатамошно јакнење на функцијата меѓународни односи, особено во процесот на евроинтеграција на земјата. Експертите од ХНБ заедно со експертите од НБРСМ изработија нацрт-патоказ за НБРСМ на патот кон нејзиното зачленување во Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ), составен врз основа на искуството на ХНБ во процесот на пристапување во ЕСЦБ, како и нивната соработка со европските институции по влезот во ЕУ. Втората билатералната мерка се спроведе во соработка со централната банка на Португалија и беше насочена кон понатамошно усогласување и хармонизација со статистичките барања на ЕСЦБ („База на податоци на сметки“).

[114] Практичната обука беше одржана виртуелно, со Централната банка на Ирска во областа на заштитата на потрошувачите. Во проектот беше предвидено оваа активност да се изведе како практична работа, но поради околностите предизвикани од пандемијата се одржа по виртуелен пат, во форма на виртуелна обука.

[115] Билтените се достапни на интернет-страницата на Народната банка: Македонски - Билтени за проекти (nbrm.mk)

општествената одговорност, опфаќа повеќе аспекти од работењето на Народната банка[116].

## 12.1. Комуникација со јавноста

Во 2021 година продолжија активностите на Народната банка за зголемување на транспарентноста и подобрување на комуникацијата со јавноста (медиуми, новинари, бизнис-заедница, граѓани, општа и стручна јавност, релевантни меѓународни организации). Народната банка овозможи запознавање на јавноста со информациите, активностите и новините во своето работење преку редовно објавување соопштенија за јавноста, при што овој комуникациски канал беше особено користен со објави од околу 4 соопштенија неделно. Исто така, Народната банка го засили присуството на социјалните медиуми и воедно го подобри квалитетот на објавите. Во текот на годината почнаа да се применуваат утврдените стандарди за составување и пренесување содржини соодветни за социјалните медиуми. За пренесување на активностите на Народната банка преку овие канали на комуникација, наменети за широката јавност, значително се поедноставени јазикот и концептот на содржината. Воедно, се започна со користење дизајнирани илустрации заради поттикнување интеракција со публиката и зголемување на посетеноста на страницата[117].

Во текот на годината, редовно се одговараа прашањата упатени до Народната банка, како од медиумите, така и од другите физички и правни лица упатени преку официјалните комуникациски канали на Народната банка. Народната банка беше достапна до јавноста и преку бројни интервјуа на раководните лица на Народната банка на теми коишто се од доменот на работењето на Народната банка, а исто така беа остварени и учества на поголем број настани.

Покрај, предвидените редовни активности, во доменот со односите со јавноста, Народната банка продолжи и со спроведување низа проектни активности насочени кон подобрување на степенот на разбирливост на темите коишто го засегаат работењето на централната банка. Притоа, меѓу другото, во 2021 година, Народната банка организира две работилници за новинарите – работилница за статистичките податоци за финансиските сметки и работилница за супервизорската функција на Народната банка. Исто така, се одржа и редовната годишна средба со новинарите и беа презентирани наоди од мисијата на ММФ за Кодексот на транспарентноста.

Во текот на 2021 година, **Народната банка беше втора централна банка во светот, за којашто ММФ направи оцена на применуваните практики за транспарентноста, со предвидените принципи во рамките на ревидираниот Кодекс на транспарентноста на ММФ,** донесен во јули 2020 година. Оваа оцена беше направена на иницијатива на Народната банка. ММФ спроведе мисија во која детално ја испитуваше поставеноста на практиките и процесите коишто овозможуваат транспарентност на Народната банка во однос на работењето, известувањето за политиките, активностите, резултатите, како и во поглед на деловните односи. Исто така, во рамките на мисијата, претставниците на Фондот спроведоа повеќе интервјуа со повеќе засегнати страни, како други државни институции, претставници на давателите

[116] Активностите поврзани со внатрешната ревизија и човечките ресурси што се дел од оваа стратегиска цел се опфатени во деловите IX и X од Годишниот извештај на НБРСМ.
[117] Бројот на објави на социјалните медиуми на Фејсбук изнесуваше околу 250, со сличен број објави на Инстаграм и Твитер. Вројот на следбеници на социјалните мрежи на Фејсбук изнесуваше 19.164 (31.12.2021), на Инстаграм 1.277 следбеници, додека на Твитер 495 следбеници. Бројот на посети на страницата на Народната банка е повисок од бројот на следбениците, на пример на профилот на Фејсбук, без спонзорирање на објавите, посетеноста достигнува и до 40.000 посети од различни корисници на 28 дена, согласно со аналитиката на мрежата.

на финансиските услуги и медиумите. Согласно со наодите од Мисијата на Фондот[118], од вкупно 90 принципи за транспарентност, за половината од принципите Народната банка применува посеопфатни практики од бараните согласно со Кодексот, а во останатите сегменти практиките на транспарентноста се во рамките на барањата на Кодексот. Високата усогласеност на практиките коишто ги применува Народната банка со предвиденото во Кодексот, се значајна потврда за заложбите на Народната банка во изминатиот период за унапредување на комуникацијата, транспарентноста во работењето, а со тоа и кредибилитетот на институцијата во јавноста.

### 12.2. Финансиска едукација и инклузија

Народната банка во 2021 година продолжи со редовното спроведување активности коишто придонесуваат за натамошно градење на капацитетите за развој на финансиската едукација и натамошно унапредување на финансиската вклученост на населението. Притоа, се презедоа активности за финализирање на стратешкиот документ петгодишната национална **Стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија 2021 – 2025** којашто беше усвоена од страна на финансиските регулатори и промовирана на 8 јули 2021 година на е-настан на којшто присуствуваа сите вклучени субјекти – регулаторите на финансискиот сектор, граѓанскиот и приватниот сектор. Стратегијата[119] треба да придонесе за зајакната координација и соработка помеѓу финансиските регулатори, приватниот и граѓанскиот сектор, како и систематски пристап на сите вклучени субјекти заради зајакнување на финансиската писменост на населението, подобрување на степенот на финансиска инклузија, при истовремено обезбедување соодветна заштита на потрошувачите. Народната банка, заедно со другите финансиски регулатори, во соработка со ИНФЕ-ОЕЦД и Министерството за финансии на Холандија, на 16 и 17 септември 2021 година одржаа **работилница** за промовирање на Стратегијата на тема: *„Координирани напори за зајакнување на финансиската писменост во Северна Македонија*“. На работилницата се разгледуваа и прашања за финансиската писменост во однос на дигиталните финансиски услуги, како и аспекти поврзани со дигиталната финансиската едукација.

Согласно со активностите предвидени со Стратегијата, Народната банка во соработка со Координациското тело на финансиските регулатори за финансиска едукација и финансиска инклузија (КТ), работеше на подготовката на **Кодексот на добри практики за финансиска едукација,** којшто беше усвоен во септември 2021 година. Во Кодексот се утврдени принципите што треба да ги применуваат сите вклучени субјекти од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор при спроведувањето на финансиската едукација на населението. За спроведување на Стратегијата се формира **Работната група за следење на спроведувањето на Стратегијата** составена од претставници од финансиските регулатори, приватниот и граѓанскиот сектор, којашто ја одржа својата прва седница во декември 2021 година.

Народната банка и натаму спроведува активности за финансиска едукација за возрасната популација, со објавување **едукативни текстови** од серијалот *„Економија за секого"*, **едукативни видеоматеријали** од серијалот *„Со Народната банка во светот на финансиите"*, а воедно започна изработка и објавување **едукативни инфографики**. Покрај тоа, во текот на годината за учениците од основните и средните

---

[118] Извештајот е достапен на интернет-страницата на ММФ: https://www.imf.org/external/datamapper/CBT/reports/ .

[119] Стратегијата е изработена во рамките на регионалниот проект за финансиска едукација поддржан од Министерството за финансии на Холандија и ИНФЕ-ОЕЦД.

училишта беа изведени зголемен број **електронски едукативни презентации** (102 едукативни предавања на 6.007 ученици и 264 наставници и професори). Во периодот од февруари до април 2021 година беа остварени активности за **„Европскиот квиз на парите"**, меѓу кои е и работната средба со наставниците и професорите за подготовка за овој квиз. Во март 2021 година беше одбележана **„Глобалната недела на парите"** преку одржани е-предавања за учениците од основното и средното образование и објавување едукативни материјали. Во октомври беше организиран традиционалниот **Конкурс за учениците од основното и средното образование по повод „Светскиот ден на штедењето – 31 октомври"**, којшто и оваа година наиде на голем интерес кај младата популација. Во рамките на **„Деновите на финансиската писменост"**, коишто се одржаа од 1 до 3 декември, беа изведени четири виртуелни презентации на теми: „Монетарната политика на Народната банка"; „Информации потребни при избор на кредит"; „Платниот систем и платежните услуги" и „Банкарската супервизија", коишто беа проследени од страна на граѓаните коишто се пријавија на јавниот повик.

## 12.3. Музејско работење, библиотека и архив

Во текот на 2021 година, Музејот ги извршуваше своите тековни активности поврзани со работните процеси коишто се однесуваат на стручната музејска работа, но едновремено беа интензивно подготвувани и беа спроведени низа музејски едукативни активности поврзани со одбележувањето на Меѓународниот ден на музеите. За таа цел, во втората половина на мај Музејот одржа и **18 интерактивни едукативни е-средби** со учениците од 3. до 9. одделение од шест основни училишта од Општина Центар, коишто **ги проследија околу 100 ученици.** Покрај ова, едукативните активности на Музејот вклучија и **промотивно објавување шест видеобелешки за најексклузивните и најзначајните парични изданија** коишто биле произведувани на територијата на современата македонска држава, почнувајќи од 6. век пр. н. е., па сè до отоманскиот период. Видеобелешките, целосно изработени од страна на кустосите во Музејот, се достапни на официјалната веб-страница на Народната банка и на официјалните страници на социјалните мрежи, со што на широката јавност ѝ е овозможен и видеопристап до најзначајните и најексклузивните вредности на Нумизматичката збирка.

Библиотеката на Народната банка **е единствената библиотека во државава чиј фонд редовно се збогатува со најнови публикации на централните банки** на други држави и публикации на меѓународни институции и организации, како што се Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Европската централна банка, Банката за меѓународни порамнувања итн. Така, Библиотеката и архивот на Народната банка и во текот на 2021 година, го збогатија библиотечниот фонд со стручна литература од периодични и монографски наслови од странски и домашни автори. Редовната каталогизација и евиденција во библиотечната апликација и во COBISS придонесе за поголема достапност на стручната литература како за вработените во Народната банка, така и за надворешните корисници. Архивскиот фонд беше збогатен со дигитализиран архивски материјал од работењето на Народната банка, со редовни контроли за секој нов внес. Унапредени беа одредени функционалности во апликацијата за дигитален архив и се изработи регистар на конвенционални материјали заради подобра евиденција на архивските материјали коишто не само во дигитална форма, туку и физички се чуваат како дел од фондот на Библиотеката и архивот на Народната банка.

## 12.4. Стратегија и превенција

**Канцеларијата за стратегија и превенција,** како **втора линија на заштита,** во текот на 2021 година и покрај вонредните и отежнати околности продолжи со остварувањето на своите функции на стратегиско планирање, управување со оперативните ризици, обезбедување непрекинатост во работењето, сигурност на информацискиот систем, заштита на личните податоци и класифицираните информации, како и контролата на усогласеноста во работењето. И во текот на 2021 година, Народната банка активно ја следеше состојбата со пандемијата во државата, како и степенот на имунизација на вработените во Народната банка, врз основа на што проактивно се **преземаа мерки за ублажување на ризикот од прекин на работните процеси заради загуба на клучен персонал заради обезбедување целосна функционалност на работните процеси.**

Во текот на првото полугодие од 2021 година, се спроведе усогласување на ревидираните планови за непрекинатост на работните процеси, беше подготвен годишен Извештај за спроведувањето на Политиката за обезбедување непрекинатост во работењето којшто се разгледа на XXII седница на Кризниот штаб. Согласно со заклучоците донесени на седницата, во јуни 2021 година беше подготвен и донесен ревидиран План за обезбедување непрекинатост во работењето на Народната банка. Исто така, за потврдување на комплетноста и спроведливоста на Планот за обезбедување непрекинатост во работењето, во текот на 2021 година беа спроведени сите планирани тестирања на плановите за непрекинатост на 19 критични работни процеси во надлежност на 11 организациски единици.

Заради подигнување на свеста на вработените за **сигурноста на информацискиот систем, заштитата на личните податоци и безбедноста на класифицираните информации,** во текот на 2021 година, беа спроведени обуки на 119 вработени во Народната банка. Редовно се контролира усогласеноста на работењето со прописите за заштита на личните податоци, состојбата и безбедноста на класифицираните информации, како и на усогласеноста на Народната банка со задолжителните безбедносни контроли кај клиентите на СВИФТ[120]. Податоците за усогласеноста на Народната банка со сите задолжителни контроли утврдени во Рамката за безбедносните контроли кај клиентите на СВИФТ беа навремено објавени во соодветен регистар[121]. Исто така, на редовна основа се управуваше со пријавените инциденти. Во 2021 година, продолжија започнатите активности за усогласување со новиот Закон за заштита на личните податоци од претходната година. За таа цел, беше спроведена проверка на усогласеноста на над 100 акти, при што беа подготвени предлог-насоки за измени и дополнувања на околу 60 акти, коишто беа спроведени од страна на  надлежните организациски единици.

Во 2021 година, на покана на **Координативниот центар за сајбер отпорност[122] при Банката за меѓународни порамнувања (BIS), Народната банка учествуваше во пилот-проектот за Процена на сајбер отпорноста,** при што резултатите од процената покажаа дека **Народната банка активно управува со својата безбедносна позиција, со користење добро воспоставени процеси за управување со ризикот и непрекинатоста во работењето, што води кон повисоки нивоа на издржливост.** Исто така, во текот на 2021 година Народната банка започна **проект за зајакнување на Центарот за сигурносни операции (Security operation center)** во доменот на следењето и способноста за одговор на

[120] (CSCF Assessment Template for Mandatory Controls 2020 v3).
[121] KYC Registry Security Attestation.
[122] CRCC (Cyber Resilience Coordination Centre).

сајбер инцидентите. Следејќи го динамичкиот развој на информациските технологии и забрзаната дигитална трансформација, Народната банка и натаму постојано ќе ги следи и ќе се усогласува со стандардите од областа на сигурноста на информациите и информацискиот систем, прописите за заштита на личните податоци и безбедноста на класифицираните информации.

Редовните активности поврзани со процесот за **стратегиско планирање** се одвиваа согласно со предвидените рамки. Остварувањето на стратегиските цели на Народната банка се оствари преку програмските активности и проекти, а со тоа и на поставената **мисија и визија.** Редовно се известуваше и за постигнатите резултати, преку извештаите за извршувањето на програмата за работа[123]. Од страна на Советот на Народната банка беше усвоен **нов Стратегиски план**[124] за периодот 2022 – 2024 година, како и Програма за работа за 2022 година, со која се утврдија поконкретно работните процеси и проектните активности, коишто ќе придонесат за остварувањето на стратегиските цели. Народната банка редовно ги следи промените во окружувањето за да ги идентификува и сегментите на коишто треба да им се посвети посебно внимание и во коишто треба како централна банка да вложи дополнителни ресурси и енергија. Така, во последниот Стратегиски план 2022 – 2024 година, се издвоија неколку **нови стратегиски цели (транспарентност, финансиска едукација и инклузија, климатските промени и создавање на „зелена" и одржлива економија**[125]**, зајакнување на управувањето со ризиците)** на коишто ќе им се посвети посебно внимание во следните три години. Статусот на остварувањето на проектите се следеше преку седниците на НОИС[126], а се работеше и на унапредување на регулативата за раководење со проекти[127] коишто се главна поддршка за остварување на целите и задачите на Народната банка. Во текот на 2021 година, **редовно се следеше и се известуваше за изложеноста на Народната банка на оперативните ризици.**

---

[123] Годишниот извештај за извршувањето на Програмата за работа од 2020 година, е составен дел од Годишниот извештај за Народната банка, којшто се усвојува на Совет и се доставува до Собранието на РСМ. Полугодишниот извештај за остварувањето на програмските активности се доставува до стратегиските раководители.

[124] Новиот стратегиски план е резултат на предвидените развојни активности за унапредување на процесот за стратегиско планирање. Се изврши **редефинирање на стратегиските цели**, со што се опфатија назначајните проекти и активности коишто во наредниот тригодишен период се очекува да придонесат кон промени и унапредување на работењето, како и кон остварување на законските задачи и функции на Народната банка. Се направија **измени и во опфатот**, така што се намали и бројот на стратегиските цели, од 11 на 9, со што во центарот на вниманието се ставија најважните, критични точки на работењето на Народната банка, коишто претставуваат основа за изработка на плановите на организациските единици и програмата за работа на Народната банка за наредната година. Исто така, се направија **измени во содржината и дизајнот**, со што за секоја стратегиска цел има предизвик, активности и очекувани резултати. Покрај **обраќање на гувернерот,** издвоен е дел за **анализа на окружувањето, научени лекции и стекнати искуства.** Извршено е **допрецизирање на мисијата, визијата и вредностите.** За зајакнување на транспарентноста и поголема препознатливост на Народната банка и приближување на нејзиното работење до јавноста, се направија **измени на интернет-страницата во делот на стратегиското планирање**, со што е даден опис на мотото на новиот Стратегиски план, визијата, мисијата и организациските вредности, наведени се 9-те стратегиски цели и што се очекува со нивното остварување, а поставена е и врска до сите досегашни стратегиски планови.

[125] На почетокот на 2021 година, Народната банка стана членка на меѓународната мрежа за зелен финансиски систем, во којашто тековно членуваат 100 членки и 16 надбљудувачи од редот на централните банки и супервизорските институции од целиот свет, со што ја поддржа меѓународната декларација во рамките на Конференцијата на ООН за климатски промени. Со тоа се вброи меѓу централните банки коишто имаат јасни и цврсти определби во рамките на своите надлежности да придонесат за развој на управувањето со ризиците во финансискиот сектор коишто произлегуваат од климатските промени.

[126] Надзорен одбор за информацискиот систем на Народната банка.

[127] Во текот на 2021 година се изврши унапредување на регулативата за раководење со проекти со што се предвиде вклучување на функцијата за стратегијата за стратегија и оперативни ризици и функцијата сигурност на информацискиот систем, заштита на лични податоци и класифицирани информации во раната фаза на проектите за развој на софтвер заради навремено утврдување на безбедносните контролни мерки што треба да се применат заради подобрување на управувањето со ризиците и на сајбер безбедноста.

Годишниот[128] и полугодишниот извештај[129] за управувањето со оперативните ризици беа разгледани и усвоени од страна на Комитетот за управување со оперативните ризици, по што беа усвоени и од Советот на Народната банка. На крајот од 2021, се започна со прибирање и обработка на податоците од проценитe на оперативните ризици од организациските единици за изработка на Годишниот извештај за управување со оперативните ризици за 2021 година[130]. Основната цел на овој извештај е да се презентираат резултатите од длабинската процена на оперативните ризици за 2021 година. Во Извештајот е презентиран профилот на ризик на Народната банка во однос на оперативните ризици, како и стратегиите и мерките за справување со оперативните ризици заради заштита од настаните коишто можат да влијаат врз остварувањето на целите, финансискиот резултат и репутацијата на Народната банка. Притоа, беше заклучено дека Народната банка редовно ја следи изложеноста кон оперативните ризици и активно управува и ги спроведува утврдените мерки и активности, коишто имаат за цел да обезбедат намалување на потенцијалните оперативни ризици. Управувањето со ризиците е неопходен елемент на доброто корпоративно управување коешто придонесува за ефикасно и ефективно остварување на поставените стратегиски цели, мандат и визија.

**Функцијата усогласеност**, во 2021 година продолжи со своите активности за развој и примена на превентивниот концепт за постигнување усогласеност во Народната банка. Во рамките на своето работење и расположливите ресурси, таа се погрижи за навремено и соодветно одговарање на барањата, да биде пример на усогласено работење, да придонесе за заштита и зачувување на репутацијата и интегритетот на институцијата, за ефикасно работење, отворена комуникација и за интерна соработка со организациските единици. Беа преземени активности на полето на едукацијата и јакнењето на свеста за спречување евентуална појава на корупција и судир на интереси во Народната банка. Во контекст на одбележувањето на 2021 година како година на борбата против корупцијата во земјата, а со цел да се вклучи и да ја покаже заложбата за спречување појава на корупција и преземање активности за превенција и намалување на ризикот од корупција, во Народната банка во август 2021 година се донесе Политика за спречување појава на корупција[131] за чие понатамошно спроведување во рамките на институција се грижи функцијата усогласеност.

Исто така, се даваа мислења / препораки поврзани со примената на важечката регулатива за усогласеност на вработените / членовите на Советот, а се спроведе ex post проверка на примената на Законот за заштита од вознемирување на работното место во чии рамки се дадоа препораки за подобрување, според кои е соодветно постапено. Значаен сегмент во превентивното делување беше и следењето на новата законска регулатива и нејзините изменувања коишто го засегаат работењето на Народната банка и информирањето за неа на редовна основа. Воедно, функцијата усогласеност даде свој придонес преку изготвување анализа за конкретни предлог законски решенија, коишто се однесуваат на Народната банка.

Во зависност од потребите на работењето во Народната банка, беа разгледувани правни прашања, за кои се изготвија соодветни правни мислења, вклучувајќи и предлози за унапредување на работењето / регулативата. Функцијата усогласеност и

[128] Овој извештај е за управувањето со оперативните ризици во 2020 година.
[129] Ова е прв извештај за следење на оперативните ризици на полугодишна основа што се предвиде со последните измените кај Политиката за управување со оперативните ризици од октомври 2020 година, заради позасилено следење на изложеноста кон оперативните ризици. Во него беше образложен статусот на остварувањето и преземените активности за спроведувањето на мерките за справување со оперативните ризици утврдени со длабинската годишна процена на оперативните ризици во 2020 година.
[130] Извештајот е усвоен на седницата на Советот на Народната банка на крајот на март, 2022 година.
[131] П. бр. 02-15/XIV-1/2021 од 26 август 2021 година.

натаму ќе биде посветена на натамошен развој на усогласеноста во Народната банка, особено во својство на дополнителен механизам за поддршка и зајакнување на усогласеноста на вработените и членовите на Советот на Народната банка.

## 12.5. Останати корпоративни активности

Во областите на **сметководственото евидентирање на трансакциите, сметководствените политики и финансиското известување, како и во планирањето и контролата**, Народната банка во текот на 2021 година ги извршуваше активностите навремено и во согласност со утврдените рокови. Имено, се донесе Политиката за избор на друштво за надворешна ревизија на финансиските извештаи на Народната банка[132] со што се формализира процесот за избор на надворешен ревизор согласно со добиена препорака од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) при извршена мисија во текот на 2020 година (Safeguard Assessment Report, од август 2020 година)[133]. При подготовката на Политиката за избор на друштво за ревизија беа анализирани материјали од повеќе финансиски институции, што придонесе за согледување и поголемо запознавање со процесите поврзани со ревизијата и надзорната улога на Комитетот за ревизија. Воедно, Народната банка изврши и ревизија на актите за Комитетот за ревизија и неговиот делокруг на работа. Оваа активност произлезе од анализата на поставеноста на Комитетот за ревизија и потребата од усогласување со меѓународните препораки и најдобри практики за улогата и задачите на ова тело во централните банки. Редовно се исполнуваа обврски за отчетност (преку годишните финансиски извештаи на Народната банка, извештајот на независниот ревизор и месечните биланси) со примена на највисоките стандарди за транспарентност и јасност при законското известување. Народната банка во 2021 година особено внимание им посвети и на **проектите со кои се унапредуваат апликативните сметководствени решенија** за извршување на процесите за планирање и интегрирано материјално работење.

Во текот на изминатата 2021 година, **јавните набавки** се спроведуваа транспарентно и навремено заради непречено функционирање и работење на Народната банка, а притоа со водење сметка за рационално користење на средствата на Народната банка. Особено внимание им се посвети на транспарентното дејствување, поттикнувањето на конкуренцијата и овозможувањето еднаков третман за сите економски оператори, како основни принципи на овој процес, пропишани со закон. Годишниот план за јавни набавки (ГПЈН) за 2021 година беше навремено објавен на Електронскиот систем за јавни набавки, во јануари 2021 година. Согласно со потребите на Народната банка, во текот на 2021 година беа спроведени две измени на ГПЈН, и тоа: во јуни (дополнување со 1 нова јавна набавка) и во декември (дополнување со 11 нови јавни набавки). Редовното известување за остварувањето на планот се одвиваше согласно со интерните акти, при што покрај месечните прегледи, беа изготвени и презентирани и редовните извештаи на квартална основа, со прикажување на збирните движења за соодветниот период, како и анализа на придржувањето кон планираните рокови при спроведувањето одделни постапки и причините за евентуални одложувања. Во текот на 2021 година од страна на Бирото за јавни набавки беа извршени три управни контроли и кај сите три не се утврдени неправилности.

[132] Политиката за избор на друштво за надворешна ревизија на финансиските извештаи на Народната банка, Советот на Народната банка ја усвои на почетокот од декември 2021 година.

[133] Имено, назначувањето на надворешниот ревизор во Народната банка се спроведува во согласност со Законот за Народната банка и интерните акти за јавни набавки. И покрај тоа што процесот за избор на надворешен ревизор којшто го спроведува Народната банка е соодветен, со Политика за избор на ревизор се формализираа клучните критериуми за избор и ротација на надворешен ревизор.

**Правната поддршка** се одвиваше на редовна и конзистентна основа, преку подготовка и/или контрола на повеќебројни типови правни акти. Објавувањето на законската и подзаконската регулатива и општите интерни акти во Регистарот на прописи на интранет-страницата на Народната банка, како и изготвувањето и објавувањето пречистени текстови на прописите, се извршуваше на редовна основа.

Активностите за **техничко одржување и физичко обезбедување** се одвиваа на редовна основа, со што се овозможуваше потребната техничка поддршка и одржување за постојан тек на останатите работни процеси и обезбедување непрекинатост во работењето. Опремата и сите постројки се одржуваа во согласност со стандардите за работа. **Специфичните мерки во доменот на безбедноста и здравјето при работа во услови на натамошна опасност од ширење на корона-вирусот останаа на сила,** при што постојано се следеа мерките, протоколите и препораките на Владата и Кризниот штаб на Народната банка и им се даваа насоки на вработените. Во однос на безбедноста, постојано се **преземаат оперативни мерки и активности коишто овозможуваат одржување на соодветното ниво на безбедност и противпожарна заштита, ефикасно управување и чување на објектите на Народната банка,** а особено оние во кои се извршуваат редовните активности и создавање услови за непречено одвивање на работните процеси.

### Стратегиска цел 11 – Одржување стабилен информатички систем и негова надградба согласно со постоечките капацитети и меѓународните стандарди



Народната банка ги презеде сите потребни активности за **одржување сигурен и стабилен информатички систем,** со што обезбеди висок степен на достапност на информациските системи и овозможи непречено функционирање и редовно спроведување на работните задачи во рамките на сите организациски единици во Народната банка, и покрај вонредните услови коишто продолжија и во 2021 година. Поради пролонгираните ефекти од пандемијата на ковид-19 во земјата, коишто влијаеја во текот на целата 2021 година, Народната банка овозможи технички можности за работа од далечина за работните процеси коишто може да се извршуваат без физичко присуство во просториите на банката и достапност на потребните апликации за тековно извршување на задачите со што се намалија директните контакти меѓу вработените во Народната банка и се помогна во мерките за спречување на ширењето на корона-вирусот. Со ваков начин на делување, беа зачувани критичните човечки ресурси, со што се овозможи непречено извршување на тековните и вонредните работни задачи и функционирање на работните процеси.

Во текот на 2021 година се работеше и на проекти за изработка на софтвер, а покрај тековните и вонредните активности поради здравствената криза, се продолжи со унапредувањето на инфраструктурата на СВИФТ, согласно со препораките на СВИФТ и со редовните постапки за годишно одржување на опремата и услугите потребни за работењето на Народната банка. Во врска со одржувањето висок степен на информатичка сигурност преку поставување и унапредување на мерките за заштита од евентуални информатички напади, Народната банка изврши пенетрациско тестирање на опремата на банката, коешто вклучуваше тестирање на серверите, мрежната опрема и апликациите, при што не беше утврдена ниту една можност за пробивање на системот од надвор. Покрај споменатото, продолжија и внатрешните контроли коишто придонесуваат за зајакнување на сигурноста на банката и редовната надградба на серверите, работните станици и другата ИТ-опрема.